**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВРЗИТЕТ "Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"СКОПЈЕ**
**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**
**ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР**

# УЛОГАТА НА РАЗУЗНАВАЧКИТЕ ИНФОРМАЦИИ ВО СУЗБИВАЊЕ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

**Ментор:**
**проф. Д-р Митко Котовчевски**

**Кандидат:**
**Емил Јанески**

**Скопје, 2015 година**

# СОДРЖИНА

**Вовед.........................................................................................................................7**

**I ГЛАВА**

**1.Оганизираниот криминал – асиметрична закана за безбедноста...........................15**

1.1.Теориско определување на поимот организиран криминал...............................15

1.2. Основни карактеристики на организираниот криминал..........................................19

1.3. Видови на организиран криминал...........................................................................21

1.3.1. Тероризам...........................................................................................................21

1.3.2. Вооружени грабежи.............................................................................................23

1.3.3. Изнуди, уцени, рекет и киднапирања...................................................................24

1.3.4. Недозволена трговија со дрога............................................................................25

1.3.5. Недозволена трговија со оружје...........................................................................27

1.3.6. Недозволена трговија со моторни возила.............................................................28

1.3.7.Недозволена трговија со предмети од културно – историско значање....................29

1.3.8. Компјутерски криминал........................................................................................30

1.3.9. Финансиски криминал..........................................................................................31

**II ГЛАВА**

**1.Трговија со луѓе како облик на организиран криминал............................................33**

1.1.Миграции...............................................................................................................33

1.2. Дефинирање на поимите трговија со луѓе и криумчарење мигранти......................35

1.3. Основни карактеристики на трговија со луѓе.........................................................36

1.4. Видови на трговија со луѓе....38
1.5. Фази на трговија со луѓе....40
1.5.1. Регрутирање на жртвите....40
1.5.2. Транспорт на жртвите....41
1.5.3. Експлоатација на жртвите....43
1.5.3.1. Сексуална експлоатација....43
1.5.3.2. Присилна работа....45
1.5.3.3. Трговија со деца и бебиња....47
1.5.3.4. Недозволена трговија со човечки органи....48
1.6. Начин на контрола врз жртвите....50

**2.Криминални групи кои се занимаваат со организиран криминал....52**

2.1. Видови на криминални групи....52
2.2. Индикатори на криминалните групи....53
2.3.Организациска структура на криминалните групи специјализирани за трговија со луѓе....57

**III ГЛАВА**

**1.Основи на разузнавање....59**

1.1. Дефинирање на поимот разузнавање и разузнавачки служби....59
1.2. Историска димензија на разузнавањето....62
1.3. Категоризација на безбедносно разузнавачките служби....64
1..4. Процес на разузнавање....66
1.5. Дисциплини за прибирање на разузнавачки податоци....68

## IV ГЛАВА

**1.Разузнавачките информации во функција на сузбивање на трговија со луѓе........................................................................71**

1.1. Разузнавачките информации – основа за ефикасна борба против трговијата со луѓе........................................................................71

1.2. Улогата на разузнавањето во борбата против трговијата со луѓе ......................72

1.3. Детектирање на појавата трговија со луѓе……………......................................……73

1.4. Разузнавачки и контраразузнавачки служби во функција на сузбивање на трговија со луѓе........................................................................74

1.4.1. Разузнавачки активности во земјите на потекло на жртвите……..............……75

1.4.2. Разузнавачки активности во земјите на транзит на жртвите…......................…76

1.4.3. Разузнавачки активности во земјите на транзит на жртвите………..............…77

1.5. Криминалистчка полиција........................................................................78

1.5.1. Методи за собирање на криминалистчко разузнавачки информации.............80

1.5.2. Видови на оперативни дејствија и мерки на криминалистчкото разузнавање.....81

1.5.3. Тајност во спроведување на разузнавачките активности.............................…83

1.5.4. Обука на кадри на криминалистичкото разузнавање……....................................84

1.5.5. Стратешко разузнавачко размислување за спречување на трговија со луѓе..85

1.5.6. Разузнавачка идентификација на жртвите на трговија со луѓе......................87

1.5.7. Размена на криминалистичко разузнавачки информации во насока на сузбивање на трговија со луѓе........................................................................89

1.6. Соработка на разузнавачките служби во борбата против трговија со луѓе......90

## V ГЛАВА

**1.Меѓународна институционална рамка за спречување на трговија со луѓе ..93**

1.1. Канцеларија за дрога и криминал – УНОДК ( UNODC )…….........................93

1.2. Меѓународна организација за миграции – ИОМ ( IOM )……...................................94

1.3. Меѓународна организација на трудот – МОТ ( IOL )……........................................95
1.4. Организација за безбедност и соработка во Европа – ОБСЕ (OSCE)…...........…96
1.5. Централно – европска иницијатива – ЦЕИ ( CEI )……….......................….…….97

**2. Меѓународни безбедносно разузнавачки служби во функција на спречување на трговија со луѓе.................................................................................................................98**

2.1.Меѓународна криминалистичка полиција - ИНТЕРПОЛ (INTERPOL)…………98
2.2. Европска полиција ЕВРОПОЛ ( EUROPOL)……………………………..………99
2.3. Центар за спроведување на законот во Југоисточна Европа СЕЛЕК ( SELEK )...101
2.4. Агенција за координација и соработка меѓу земјите члени на ЕУ на полето на гранична безбедност ФРОНТЕКС ( FRONTEKS )…..................................................102

**VI ГЛАВА**

**1.Република Македонија и трговијата со луѓе..........................................................104**

1.1. Организираниот криминал во Република Македонија............................................104
1.2. Состојби со трговијата со луѓе во Република Македонија......................................105
1.3. Правна рамка за борба против трговија со луѓе.........................................................107
1.4. Институции за сузбивање на трговија со луѓе во Република Македонија.............109
1.4.1.Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција...110
1.4.2. Агенција за разузнавање...............................................................................................112
1.4.3. Министерство за внатрешни работи...........................................................................113
1.4.3.1. Управа за безбедност и контраразузнавање..............................................................114
1.4.3.2. Криминалистичка полиција.......................................................................................115
1.4.3.3. Гранична полиција.......................................................................................................116
1.4.4. Воена служба за безбедност и разузнавање..............................................................117
1.4.5. Министерство за финансии.........................................................................................118
1.4.6. Јавно обвинителство....................................................................................................119

1.5. Координација на безбедносно разузнавачките служби во функција на сузбивање на трговија со луѓе........................................................................................................120

**Заклучок.................................................................................................................122**

**Библиографија.........................................................................................................132**

## ВОВЕД

На почетокот на новиот милениум не постои веќе стравот од масовни инвазии и тотална војна, па оттука и Р.Македонија не е веќе под закана од конвенционална војна. Сепак, во светот како и во Европа постојат нови предизвици и закани за мирот и меѓународната стабилност меѓу кои со сигурност со највисок интензитет се организираниот криминал и меѓународниот тероризам од кои не е имуна националната безбедност и на најразвиените Западни демократии.

Порастот на криминалитетот на светско рамниште се јавува како една од најважните појави на развојот и прогресот и кој ги загрозува постигнатите цивилизациски вредности.[1]

Организираниот криминал во регионот на Југоисточна Европа еволуираше во деведесттите години на минатиот век како последица на економските и политичките промени кои што на овие простори се одиграа во драматични околности. Транзициските процеси беа оптеретени со воени случувања, па во такви околности не е необично што криминалните активности ги заменија активностите на легалните општествени институции. Сето тоа придонесе организираниот криминал, иако историски гледано претставува нова појава на овие простори, многу брзо да ги престигне своите конкуренти од развиениот Запад. Иако, организираниот криминал на просторот на Југоисточна Европа ги прифати сите карактеристики на организираниот криминал во светот, почнувајќи од целите, мотивите, методите и организацијата, тој ги унапреди и ги прилагоди на сопствените околности. На тој начин негативната спрега помеѓу професионалните криминалци, корумпираните политичари и полицајците додаде една нова димензија во општеството, која што оваа спрега ја претвори во специфично балканско криминално претпријатие. Со други зборови, балканскиот менталитет му даде посебен печат на организираниот криминал. Остварениот профит на организираниот криминал по висината на заработката е поголем од многу силни меѓународни корпорации и националните приходи на многу држави. Така, организираниот криминал на просторот на Југоисточна Европа и

---

[1] Симеуновиќ Д.-*Нови светски поредак и национална држава, Ферко, Београд,* 1995, стр. 161

Балканот стана една од моќните карики на меѓународниот криминал и моќен конкурент, не само на другите меѓународни криминални групи туку и на легалните општествени и државни стопанства. Колку што расти силата, посебно финансиската моќ и влијанието на организираниот криминал врз општествените структури и економските и политичките состојби во државата, толку е поголема потребата за организирано спротивставување на овој феномен.

Најбрутален облик на организиран криминал кој ја загрозува националната безбедност, меѓутоа и дигнитетот и интегритетот на личноста е трговијата со луѓе. Историјата на оваа појава е стара колку и човековата историја. Уште во периодот на постоењето на градови држави - полиси, постоела поделба на луѓето на господари и робови. Робовите биле продавани и најчесто користени како слуги во домаќинствата, а нивните животи биле во рацете на господарите или сопственицита на робовите. Со такви примери изобилува историјата на Атина и Спарта, а подоцна и Римската историја. Во средновековието големите колонизаторски сили како Португалија и Шпанија користеле робови од Африка, најчесто заради економска експлоатација, но истовремено ескалирал и феноменот на проституцијата.

Сузбивањето на ропството започнало во 1807 година во Велика Британија, со донесување на Закон со кој продавањето на робови од двете страни на Атлантскиот Океан било забрането, а во 1820 година и САД донесле Закон со кој трговијата со робови се казнувала со смрт.

Од тој период па наваму ропството почнало полека да изумира, но се појавил новиот феномен на модерното време, трговијата со луѓе, повторно заради сексуална и економска експлоатација. Оваа појава нејраспространета е во Африка, Јужна Америка и Азија, но по распадот на СССР и Источниот блок и зголемените економски миграции, трговијата со луѓе е се поголем проблем и за Европските држави.

Според податоците на Обединетите Нации, во светот секоја година се тргува со два до четири милиони луѓе. Околу двеста илјади луѓе незаконски се носат во Европа секоја година, а најголем дел од нив сексуално се експлоатираат.[2]

---

[2] UK National Crime Squad –Семинар организиран од МВР на тема - *Облици на организиран криминал*, Скопје, 2004

Осумдесет од сто од жртвите на трговија со луѓе кои што се транспортираат преку дравните граници се жени, а седумдесет од сто од тие жени и девојки се наменети за сексуално искористување.[3]

Годишниот приход кој што го прават криминалните групи од тргување со луѓе се проценува на повеќе од десет милијарди долари.

Заради сето горе изнесено проблем на истражување на овој труд ќе биде трговијата со луѓе како најбрутален облик на организиран криминал и нејзините импликации врз националната безбедност, меѓутоа и врз индивидуалната безбедност, затоа што трговијата со луѓе гази врз човековиот дигнитет и интегритет и го загрозува здравјето и животот на луѓето. Во овој труд истражувани ќе бидат и криминалните групи кои се занимаваат со трговија со луѓе, нивната структура, индикатори и нивоа на специјализираност.

Ниту една држава во светот не е имуна на овој вид криминал, па затоа државата мора да го искористи целиот свој институционален капацитет во борбата за сузбивање на истиот. Меѓутоа, државните институиции мора да собираат, систематизираат и анализираат оперативни или разузнавачки информации за криминалните структури кои се занимаваат со трговија со луѓе. Разузнавачките информации треба да овозможат изградба на ефикасна стратегија за сузбивање на трговијата со луѓе, како и превземање на конкретни акции во насока на разбивање на криминалните структури кои се занимаваат со оваа појава. Квалитетот на разузнавачките информации, координацијата на институциите задолжени за сузбивање на трговијата со луѓе, соработката со другите држави се значајни детерминанти во ефикасноста при справувањето со феноменот трговија со луѓе.

Затоа, основен предмет на истражување во овој труд, ќе биде значењето на разузнавачките информации во сузбивањето на трговијата со луѓе, изнаоѓање на нови форми на соработка на разузнавачко безбедносните служби во Република Македонија, подобрување на законската регулатива заради подобра координација на разузнавачко - безбедносниот сектор, методите и начините на нивно заедничко дејствување во функција на сузбивање на оваа појава.

[3] US State Department – Семинар организиран од ФБИ – *Спречување на тероризмот и организираниот криминал*, Батон Руж, САД, 2005

Во периодот до 1990 година кога Република Македонија, беше во склоп на поранешната држава Југославија проблемот со недозволената трговија со луѓе беше маргинален, скоро и да не постоеше. Меѓутоа, после осамостојувањето се појави проблемот со трговија со луѓе, првенствено заради тоа што Р.Македонија поради својата географска положба претставува мост помеѓу Европа и Азија е идентификувана како земја на транзит и главна дестинација на жртвите на трговија со луѓе. Заради тоа започнаа одредени истражувања и се појави литература и автори кои го третираат феноменот на организираниот криминал, како и трговијата со луѓе, но за жал не постојат доволно научни истражувања кои поблиску ја проучуваат трговијата со луѓе, како на национално така и на регионално и на меѓународно ниво, особено од аспект на собирање и размена на разузнавачки информации и меѓународна соработка заради нејзиното сузбивање. Истражувањето за значењето на размената на разузнавачки информации помеѓу разузнавачко безбедносните служби во рамките на нашата држава, службите на земјите во регионот и пошироко во сузбивањето на недозволената трговија со луѓе, како сериозна закана за дигнитетот и суверенитетот на луѓето , ќе биде насочено кон добивање на нови сознанија за начинот и методите на сузбивање на овој феномен, како и надградба на правната легислатива во функција на борбата на државните институции против трговијата со луѓе , а со тоа ќе се придонесе за зголемување на истражувањата за овој осетлив проблем на светско рамниште.

Оттука, општата хипотеза на овој труд е докажување на потребата од размена на разузнавачки податоци помеѓу разузнавачките служби во Република Македонија но и со разузнавачките служби во регионот и пошироко во насока на сузбивање на оваа исклучително штетна појава, со што ќе се создадат услови за одржување на стабилност и безбедност во Република Македонија, во земјите од регионот но и во Западноевропските држави.

Посебни хипотези кои треба да бидат докажани во овој труд :

-За настанување и развој на трговијата со луѓе влијае долгиот транзиционен период, осиромашувањето на голем дел од граѓаните, високиот степен на невработеност, а со тоа и порастот на социјалната несигурност, како и географската положба на Р. Македонија која е мост помеѓу Европа и Азија.

-Ефикасното сузбивање на трговијата со луѓе во голема мера е детерминирано од посветеноста на државата и нејзините институции во сузбивањето на овој вид организиран криминал.

-Подобрувањето на законската регулатива во насока на подобра координираност на разузнавачко безбедносните служби, во голема мера ќе го стесни просторот на организираните криминални групи кои се занимаваат со трговијата со луѓе и ќе ја спречи нивната ефикасност во спроведувањето на криминалните активности.

Со оглед на комплексноста на ова истражување, изборот на методите за изборот на добиените податоци ќе се врши според карактерот и целите на овој труд. Во ова истражување ќе биде применет **Интегралниот** ( квантитативно-квалитативниот и аналитичко-синтетичкиот ) **пристап** , со утврден аналитички концепт за потврдување на веродостојноста на мисловната активност.

Во истражувањето ќе се користат секундарни извори на податоци : нормативни и правни акти, политички документи, договори, заклучоци и друго. Ќе се компарираат стручни студии од обласа на организираниот криминал и трговијата со луѓе, научна литература, а за изведување на овој метод ќе биде изработен посебен протокол за анализа кој освен правната и нормативната ќе вклучува и споредбена анализа на актите.

Во фазата на прибирање на податоци ќе биде применет **историографскиот метод,** со цел да се осознаат и искористат искуствата од минатото, за период за кој постои научно верификувана документација.

Во истражувањето своја примена ќе најде и **методот на анализа на содржина** и тоа при анализата на историографските податоци и податоците од научно верификуваната документација кои ќе се компарираат со фрекфентната и семантичката компонента од методот на анализа на содржината, а ќе имаат примена во предходно селектираната и ограничена примена на податоците од медиумите. Селектирањето на секундарните податоци и нивното оценување ќе послужат за утврдување дали податоците содржајно се однесуваат на предметот на истражување и дали правилно ја изразуваат насоката и својствата на проблемот.

Своја примена ќе најде и **компаративниот метод** за да се изврши делумно квалитативна и квантитативна селекција и анализа на прибраните податоци, па

врз основа на добиениот теориски материјал ќе може да се утврди степенот на варијабилност помеѓу разузнавачките податоци и трговијата со луѓе како појава која се истражува, а ќе се утврди нивната детерминираност.

Доколку сакаме подобро да се разбере феноменот - трговија со луѓе потребно е да се откријат причините и појавните облици на овој вид на организиран криминал на национално, регионално и меѓународно ниво, како и начинот и методите со кои треба да одговори една држава, а врз основа на разузнавачките сознанија што ги има на располагање, а кои се однесуваат на предметната појава.

Ова истражување има за цел да даде свој придонес во објаснување на потребата од прибирање на разузнавачки податоци, како и размена на разузнавачките податоци помеѓу разузнавачките агенции како во земјата , така и помеѓу агенциите од другите држави, во насока на сузбивање на трговијата со луѓе. Основна цел на ова истражување е да се добијат теоретски и емпириски сознанија за трговијата со луѓе и нејзините носители, како еден опасен вид на општествено недозволено и криминално однесување.

**Научната цел** на ова истражување е да изврши научен опис ( **дескрипција** ) на феноменот трговија со луѓе, појавата да ја расчлени на нејзините чинители, па врз основа на општото знаење за трговијата со луѓе, да се дојде до сознанија за жртвите, земјите што претставуваат транзит и земјите кои се главна дестинација, актерите или криминалните групи кои се занимаваат со оваа трговија, како и штетните последици што истата ги има по националната и индивидуалната безбедност. Ова треба да придонесе научно да се објасни зошто трговијата со луѓе настанува како процес , се развива и кои методи и начини да се користат за нејзино сузбивање, односно како зголемувањето на фондот на разузнавачки податоци ќе влијае врз сузбивањето на трговијата со луѓе како појава.

Од методолошка гледна точка, имајќи ги во предвид целите, ова истажување има :

**Експликативен карактер**-теориско истажување кое се однесува на причинско-функционалните детерминанти на разузнавачките агенции и другите институции од безбедносниот сектор и политичката и безбедносната состојба во меѓународни рамки.

**Дескриптивен карактер** - целта на истражувањето е да даде широк опис и разработка на појавата и нејзиното негативно влијание, како и значењето на прибирање и размена на разузнавачките информации за сузбивање на трговијата со луѓе.

**Структурален карактер** - има за цел да го одреди составот на појавата преку меѓусебно влијание ( влијанието на разузнавачките податоци врз ефикасноста во сузбивањето на трговијата со луѓе ) .

**Практичната цел** на ова истражување се состои во тоа што резултатите на ова истражување можат да бидат иницијатори за изработка на нови законски и подзаконски акти, измени и надополнувања на веќе постојаните заради подобрување на соработката на разузнавачко безбедносните служби во земјава, како и потпишување на билатерални меѓународни договори за соработка помеѓу разузнавачките служби во регионов и пошироко, со цел ефикасно сузбивање на криминалните групи кои се занимаваат со трговијата со луѓе.

Врз основа на вака поставените цели ќе произлезат следните задачи :

-да се согледаат основните фактори кои придонесуваат за појавата на трговија со луѓе,

-да се согледаат општествено-политичките, економските и социјалните фактори кои придонесуваат за развој на појавата која е предмет на истражување,

-да се согледа како овој вид на организиран криминал влијае врз целокупното општество со сите свои негативности,

-да се согледа дали постои врска помеѓу криминалните структури и одредени структури од политичкиот живот на државата

-да се согледа квалитетот и стручноста на луѓето кои работат во разузнавачко-безбедносната заедница на Р.М ,

-да се согледа нивото на соработка во разузнавачко-безбедносната заедница на Р.М, како и со разузнавачките служби од регионот и пошироко во насока на сузбивање на оваа негативна појава,

-да се даде придонес во насока на донесување на измени и надополнувања на веќе постојаната законска регулатива, како во областа на кривичните санкции за трговијата со луѓе, така и во подобрување на законската рамка за соработка

помеѓу разузнавачките служби во земјата, но и со разузнавачките служби од регионот и пошироко.

# I. ГЛАВА

## 1.Организираниот криминал-асиметрична закана за безбедноста

### 1.1.Теориско определување на поимот организиран криминал

Дефинирањето на поимот организиран криминал е комплексно прашање, а експертите имаат спротивставени мислења и различни пристапи за факторите кои се причинители за неговата појава, неговиот обем и развој, како и за облиците на неговата манифестација. Дефинирањето на организираниот криминал како и неговото детектирање е особено тешко во ”слабите” држави и државите во транзиција заради честите испреплетувања на криминалните активности и легалните активности на државните елити и високиот степен на корумпираност на државниот апарат вклучувајќи ги и институциите на безбедносниот сектор.

Тешкотиите во неговото дефинирање според Шкулиќ произлегуваат, од една страна, од неговите карактеристики кои се однесуваат на ексклузивитетот на членување и дискреција во неговите активности, од неспремноста на сведоците и на оштетените да го потврдат постоењето на криминалната организација и сл. и од друга страна, напорите на државните структури кои се спротивставуваат на криминалот да ја покажат својата успешност, односно да го негираат постоењето на организација која на одредено подрачје го загрозува или го нарушува ” монополот ” на државниот апарат во креирањето на правилата на однесување и на санкционирање на оние кои ги кршат тие правила.[4] Шкулиќ понатаму го дефинира организираниот криминал како појава која се состои од вршење на кривични дела од страна на организирано криминално здружение. Во основа овде се дефинира што е организирано злосторничко здружение односно криминална група или организација, а сите

---

[4] Шкулиќ М.- *Органиизовани криминал - Појам и кривчно процесни аспекти, Београд, 2003, стр. 46*

дела што се вршат во рамките на тоа криминално здружение се дела од областа на организираниот криминал. [5]

Дополнителна тешкотија при детектирањето , како и при теориското определување на поимот организиран криминал е тоа што неговото постоење може да се потврди дури откако државните органи ќе го препознаат и откријат, а правосудните органи со правосилна пресуда ќе го потврдат кривичното дело од областа на организиран криминал. Затоа на почетокот на одредена криминалистичка обработка на некој криминален настан ризично и тешко е да се тврди дека станува збор за организитан криминал.[6]

ФБИ ( Федерално Биро за Истраги ) го дефинира организираниот криминал како " која било група која има на некој начин формализирана структура и чија примарна цел е да се здобие со пари преку нелегални активности ".[7]

Генералното Собрание на Инерпол во 1998 год. го дефинира организираниот криминал како " кое било здружение или група на лица инволвирани во постојана нелегална активност со примарна цел генерирање на профит без оглед на националните граници, претставува организиран криминал".[8]

Во Палермо, Италија е донесена Конвенција против транснационалниот организиран криминал со која се дефинира организираната криминална група како " структурирана група[9] од три или повеќе лица, која егзистира одреден период на време и дејствува во согласност со целта на извршување на едно или на повеќе сериозни криминални дела , или прекршоци со цел да се здобијат директно, или индиректно со финансиска или со друга материјална корист".[10]

Според Кустер организираниот криминал претставува планирано кршење на законот со цел стекнување профит или моќ, преку извршување кривични дела со поголема општествена опасност од страна на повеќе од двајца сторители кои меѓусебно соработуваат при поделба на задачите за подолг или за

---

[5] Ибид, стр. 46

[6] Сачиќ Ж.- *Организирани криминал - Методе сузбијања, Загреб 2001,стр.10*

[7] Federal Bureau of Investigation, FBI Glossary. FBI. gov.

[8] Interpol - The Problem of Definitions,1998, p.13

[9] *Под структурирана група подразбираме група која не е случајно формирана за моментално извршување на криминал и која немора да има формално дефинирани улоги на нејзините членови, континуитет во нејзиното членство или развијана структура*

[10] Article 2 (a), *UN Convention against Transnational Organized Crime 2000*

неопределен временски период, притоа користејќи легални или нелегални комерцијални структури, насилство, или други средства на присилба и на закана , како и на влијание врз политиката, медиумите, јавната администрација, правосудството или економијата во државата.[11]

Бошовиќ го дефинира организираниот криминал како активност на добро организирана криминална организација, со строга хиерархија, дисциплина, одговорност, лојалност и поделба на задачите, чија цел е остварување на што поголем профит и легализација на незаконски стекнатиот имот, благодарение на достигнатиот степен на општествен углед, етаблираноста во структурите на власта, или на воспоставените врски со органите на државата, легалните стопански субјекти и влијателните политички партии и личности.[12]

Во Република Македонија исто така постојат автори кои дале свој придонес во дефинирањето на поимот организиран криминал, со што и во нашава држава е направен обид да се објасни овој феномен и неговата етимологија.

Според Арнаудовски организираниот криминал претставува извршување на кривични дела од страна на трајна централизирана криминална организација со хиерархиска поставеност, со внатрешна поделба на работите, со планско и систематско занимавање со криминал, постоење на конспиративност и затвореност, внатрешна дисциплина, развиен систем на јатаци, висок степен на покорност и верност, инфилтрирање во државните и стопанските институции и во политичките партии до создавање на " персонална унија " , со цел воспоставување монопол врз криминалната " бранша" , интернационализација и користење на современи средства на комуникација и на мобилност.[13]

Според Камбовски организираниот криминал е феномен во кој постои " нешто" што е идентично со другите облици на криминална активност, но е сепак различно од нив, според начинот на извршување, според заедничкото дејствување на повеќе извршители, според остварувањето на криминалниот резултат, според прикривањето на самите криминални активности итн. и дека

---

[11] Kuster D.- *Organized Crime, Corruption and Power, Crime Law & Socail Change, Kluwer Academic Publishers, Tilburg, 1997, page 132*

[12] Бошковиќ М.-*Организовани криминалитет, први део, Полициска академија, Београд, 1998, стр.4*

[13] Арнаудовски Љ -*Организираниот криминалитет -феномен на денешницата*, МРКПК 2000/1-2, стр.4, www.pravd.mk/wp-content/..../09/kriminalitet.pdf

тоа "нешто" застрашува со својата експанзивна и мутантна моќ. Понатаму, според Камбовски, активностите на организираниот криминал претставуваат казнени дела од страна на злосторничко здружение заради остварување профит и моќ, со употреба на насилство или со искористување на посебната општествена положба, со намалување на ризикот преку вклучување на легалните економски, политички и други активности и со однапред создаден систем на заштита од гонење.[14]

Ван дер Хеиден ги има дадено условите, од кои треба да бидат исполнети барем шест за да станува збор за организиран криминал:[15]

1. Соработка на повеќе од три лица во вршење на криминални дела,
2. Секој член од криминалната група мора да има своја определана улога и задача,
3. Дејноста на криминалната група треба да се планира за подолг или недефиниран период на време,
4. Дејноста на криминалната група да се заснива на примена на одредени правила на интерна контрола и дисциплина на членовите,
5. Да постојат дејствија за извршување на сериозни криминални прекршоци,
6. Активностите на криминалната група да се планираат и вршат во меѓународни размери,
7. Користење на насилство или други средства погодни за заплашување или да постои спремност за нивна примена,
8. Во вршење на криминалните дејности да се користат политички, службени, трговски или бизнис структури,
9. Учество во перење пари или на незаконски стекнатиот профит,
10. Практикување на влијание на криминалните групи или на некој нивен дел врз политиката, јавната администација, судските власти, економските и општествените фактори или медиумите,
11. Дејствијата да бидат одредени од потрагата по профит и моќ.

Можеме да констатираме дека организираниот криминал денес има мултидисциплинарен карактер, не знае за граници, а криминалните структури

[14] Камбовски В.- *Организиран криминал, 2 Август С Штип, Скопје, 2005, стр.25-26*
[15] http://nejrs.gov/policing

кои се занимаваат со овој вид на криминал меѓусебно се поврзани и не познаваат нација, вера и боја на кожата.

Неподелени се мислењата на експертите дека феноменот организиран криминал ја подрива државата и нејзините инстититуции и дека за негово сузбивање неопходно е сите државни служби да се стават во спрега и со координирани мерки и активности да се спротивстават на организираниот криминал во насока на зачувување на безбедноста на државата и сите нејзини граѓани.

### 1.2. Основни карактеристики на организираниот криминал

Глобализацијата е светски процес во кој напредокот на технологијата, транспортот, информациите и комуникациите се централни точки. Се работи за мултидимензионален и сложен процес во кој се вклучени разни актери со растечка улога на меѓународни и наднационални организации. Благодарејќи на појавата на новата комуникациска технологија, која всушност е и моторна сила на глобализацијата, светот се повеќе се компресира, стандардизира и хомегинизира во речиси сите области на човековото живеење.[16]

Меѓутоа глобализацијата носи и одредени слабости и негативности, па со олеснатото движење на луѓе, пари и економски добра, полесен е транспортот на жртви на трговија со луѓе, илегални мигранти, дрога, оружје и валкани пари. Организираните криминални групи немаат национални, верски и расни предрасуди, нивна основна цел е создавање на противправна имотна корист. Не постои држава во која организираниот криминал не егзистира и притоа лесно се адаптира на економските и политичките процеси во секоја држава. Организираниот криминал ги нарушува темелните вредности на општествените односи на секое граѓанско општество, го загрозува владеењето на правото, довербата во државните институции и правната држава, чесноста,

[16] Група автори : *Глобализацијата, миротпи безбедноста*, Министерство за Одбрана на Република Македонија, Филозофски факултет Скопје, 2008, Скопје, Нацев З.- *Глобализацијата-Процес кој води кон мир и стабилност или кон нови поделби и конфронтација, стр. 28*

праведноста, рамноправноста, еднаквоста и сигурноста на граѓаните.[17] Организираните криминални групи се одликуваат со хиерархија , дисциплина, лојалност и поделба на задачите и применуваат насилство и засташување при извршувањето на криминалните активности. Скоро секогаш организираниот криминал воспоставува врска со државните органи или нивни поединци, а тие врски можат да бидат лабави и цврсти и во зависност од тоа службите од безбедносниот сектор замижуваат пред криминалните активности или активно соработуваат со криминалните структури. Ваквите врски му овозможуваат на организираниот криминал без пречки да ги изведува своите криминални дејствија, да стекнува голем профит и од ден на ден да биде се посилен. Нелегалните врски на разузнавачко - безбедносните служби со организираниот криминал ги блокира нивните активности и овозможува работа на организираните криминални групи со висок степен на самозаштита и имунитет. Таква состојба особено има во слабите држави и државите во транзиција, посебно кога високи службеници од гарнитурата на власт имаат корист од нелегалните активности на криминалците. Во тој случај државната апаратура превзема низа мерки за заштита на организираниот криминал со спречување или саботирање на иницијативите за борба против нелегалните бизниси. Најлоша е состојбата кога власта оди подалеку од самата заштита на криминалните групи и со нив презема мерки на заедничко работење и проширување на криминалните активности.[18]

Бидејќи организираниот криминал не познава граници и се повеќе добива транснационален карактер, поголема е потребата од разузнавачки информации и размена на тие информации со останатите земји од регионот, Европа и светот во насока на поголема ефикасност во сузбивањето на овај феномен.

---

[17] Група автори - *Правнаша држава и организираниош криминал,* Правен факултет, Јуни, 1996, Скопје, Камбовски В.,стр.5

[18] Д-р Вилијамс Фил - семинар на тема: Безбедност-Транснационалниот и националниот организиран криминал и меѓународната безбедност, Скопје, 1997,стр. 167-171

### 1.3. Видови на организиран криминал

Во оваа глава обработени се потешките облици на организиран криминал кои најчесто се манифестираат на Балканот и во Република Македонија со исклучок на трговијата со луѓе, која што претставува предмет на истражување и завзема посебно место во овој труд.

#### 1.3.1 Тероризам

Тероризмот претставува незаконско користење на сила и насилство од страна на поедници или групи кои имаат дирекна врска со странските сили или пак, чии активности ги преминуваат националните граници, насочени против лица или објекти со цел да ги заплаши или да го принуди населението или било кој сегмент од општеството во остварување на своите политички или општествени цели. Иако мотивите на терористите се идеолошки и политички, а на криминалците исклучиво стекнување на незаконит профит, според методите и средствата кои ги користат и едните и другите, тероризмот можеме да го третираме како облик на организиран криминал кој има несогледиви последици по националната безбедност на државата, но и личната безбедност на секоја индивидуа. Меѓународниот тероризам ги има своите зачетоци во далечната 1930 година кога е извшено првото грабнување на авион, за денес да прерасне во глобална закана и сериозен акт на современата цивилизација. Современиот тероризам не се однесува само на едно изолирано општество и не е насочен против интересите само на една држава, неговата деструктивна моќ подеднакво ја чувствува целокупната меѓународна заедница, што значи дека е неопходно да се познаваат поврзаностите меѓу терористичките акти и севкупните односи и состојби во меѓународната политика. Меѓународните конвенции го инкриминираат терористичкото однесување и ги обврзуваат земјите да се борат со сите средства на правната држава против сите видови на тероризам. Етимолошки терминот тероризам произлегува од латинскиот израз " teror " и означува психичка состојба на страв, ужас од определена опасност

што постои или во секој момент се очекува.[19] Тероризмот се јавува со различни идејно - политички сваќања и вредности, односно неговото толкување е условено класно и идеолошки. Со меѓународниот тероризам се кршат сите Конвенции за заштита на човековите права и слободи во национални и меѓународни рамки со што се загрозува и националната и индивидуалната безбедност на луѓето кои стануваат жртви на ова современо зло. Стравувањето од меѓународниот тероризам денес е стигнато до таа мерка, што е можна и примена на нуклеарни борбени средства со помал интензитет само за да се остварат поставените цели, па слободно можеме да заклучиме дека тероризмот претставува глобална закана и го отвара патот на насилство, односно светот го внесува во новото царство на стравот и ужасот.

Република Македонија засега не се соочува со директни закани од тероризам, меѓутоа поради придонесот кој го дава во меѓународната антитерористичка коалиција, учеството во меѓународните мисии во Ирак, Авганистан, Босна и Херцеговина би можела да биде цел на терористички напади во иднина. Кога станува збор за таканаречениот исламски радикализам, тој иако постои не претставува некоја сериозна безбедносна закана, ниту по нашата земја, ниту по регионот. Кога ќе се спомени Балканот и исламските радикали, најчеста асоцијација е Босна и Херцеговина, каде што во предходната војна пристигнале и зеле учество неколку илјади исламски доброволци и мисионери кои во името на исламот сметаат дека џихадот е нивна света должност. Во последно време сведоци сме на слична ситуација во соседно Косово, иако кај Албанците на Косово, Македонија и Албанија сепак надвладува силното чувство на етничка припаданост, а не верскиот идентитет.

Секој облик на тероризам е неприфатлив, представува општествена негативна појава и е неспоив со хуманистичките цели. Тероризмот има сила да ја разори државата во целост и сите нејзини институции.

Согледувајќи ја опасноста од тероризмот како по националната безбедност, така и по индивидуалната безбедност по секој граѓанин, државите треба да применуваат комбинирани мерки и активности со цел да обезбедат превентивна антитерористичка заштита.

---

[19] http://mk.wikipedija.org/wiki

Борбата против тероризмот налага собирање на квалитетни разузнавачки информации, билатерална и мултиратерална соработка помеѓу безбедносно разузнавачките служби заради размена на разузнавачки податоци за формите и методите на дејствување, изворите на финансирање, начинот на регрутирање, обуката и целите на евентуални терористички напади заради успешно спротивставување на овај феномен. Тоа ќе овозможи формирање на заедничка стратегија на сите земји во светот, посебно на земјите од Југоистична Европа за превенција и сузбивање на заканите кои произлегуваат од меѓународниот тероризам.

### 1.3.2. Вооружени грабежи

Вооружените грабежи представуваат облик на организиран криминал, насекаде во светот, но со посебен интензитет во последниве дваесет години на Балканот и Република Македонија. Овој криминал во нашата држава го вршат добро вооружени криминални банди со употреба на огнено оружје, а објект на нападите се банките, менувачниците, поштите, и поштенските транспорти, како и бензиските пумпи. Во изминатиот период регистрирани се голем број на вооружени грабежи во Скопје, при што извршителите се најчесто од нашата држава или од Косово, но и на подрачјето на град Дебар и околните рурални места при што извршителите се криминални групи од Р .Албанија и истите после извршувањето на кривичното дело се повлекуваат на албанска територија. Вооружените грабежи претставуваат деликти на насилство кои ја загрозуваат националната безбедност, меѓутоа задираат и во дигнитетот и интегритетот на луѓето, а ги загрозуваат и јавните добра и личните добра на граѓаните. Затоа државата треба да ги засили своите активности во функција на сузбивање на криминалните групи кои ги извршуваат вооружените грабежи, како и да соработува со земјите од регионот, особено со Република Албанија во насока на градење на заедничка стратегија за спротивставување на овај вид на организиран криминал.

### 1.3.3. Изнуди, уцени, рекет и киднапирања

Со промените кои настанаа во сите сфери на општествено политичкиот и економскиот систем, со отпочнување на приватизацијата и транформацијата на општествениот капитал и се поголемиот развој на приватниот сектор, услови зголемување на економската моќ на приватните сопственици. Воспоставувањето на должничко доверителни односи надвор од регуларниот платен промет , давање на средства во вид на заеми со екстремно високи камати, овозможи појава на формирање на организирани криминални групи кои со насилничко дејствување вршат присилни наплати на побарувањата или изнудуваат пари од ”бизнис ” елитата. Криминалните групи, исто така наметнуваат ”заштита” на сопствениците на разни трговски фирми, дискотеки и ноќни барови и атрактивни угостителски објекти, со застрашување, уцени, закана со употреба на огнено оружје, физички напад и друг вид насилство.

Појавата на киднапирања во Република Македонија исто така не е непозната. Беа киднапирани ”бизнисмени” од нашата држава, но и од Република Бугарија или Косово, за чие ослободување беа барани високи откупи или подмирување на долг спрема други бизнисмени или криминални структури. Регистрирани беа и случаи на подметнување на експлозивни направи заради наплата на долг, доставување на заканувачки писма со кои од бизнисмените се изнудуваа парични средства. Заради присуството на вакви организирани форми на рекет, изнуди, киднапирање и присилни наплати, беа направени согледувања во однос на методите со кои се служат овие криминални групи при остварувањето на нивните нелегални активности, кои укажуваа на реалната опасност од проширување на нивното влијание врз политичките партии и институциите на државата. Постоеше опасност криминалните групи кои се занимаваат со овој вид на организиран криминал да навлезат во сите пори на општествениот живот и да остварат контрола врз значајните пунктови на легалната власт. Почетоците на овие облици на организиран криминал, посебно рекетот и ”заштитата” на одредени бизнисмени се поврзани со појавата на првите агенции за обезбедување, во време кога оваа материја се уште не беше доволно правно обликувана и регулирана. Во услови, кога има висока побарувачка и ниска или недоволна понуда на готови пари и кога постои

недоверба во банкарскиот систем на земјата, организираниот криминал располага со сите потребни механизми за " успешно" работење.

Затоа, крајно време е Република Македонија да воспостави квалитетни и законите правила на игра во економската сфера, да ја врати довербата во банкарскиот систем и со тоа да ги намали можностите на делување на организизраниот криминал во стопанските текови на државата. Истовремено, безбедносните служби треба да ги зајакнат своите капацитети во насока на сузбивање на криминалните групи кои се занимаваат со овај вид на насилен криминал, кој претставува закана за националната безбедност, но и за личните добра на граѓаните и нивната индивидуална безбедност.

### 1.3.4. Недозволена трговија со дрога

Производството на опојни дроги и недозволенотото тргување со истите спаѓа во организираниот криминал со изразен степен на општествена опасност и е несомнено еден од главните извори на пари како на организираните криминални групи, така и на терористичките организации. Криминалните групи кои се заномаваат со овој криминал се доста организирани, но и конспиративни заради успешно доставување на опојните дроги до нивните крајни дестинации, а тоа се најчесто земјите од западна Европа и САД. Приходите од недозволената трговија со дрога се мерат со милијарди долари на годишно ниво, а најголемата опасност е што овие пари се користат и за финансирање на голем број терористички организации, герилски или бунтовнички движења, како и водење на серија помали вооружени кофликти насекаде низ светот, но првенствено во " зони на влијанија " на криминалните групи.[20]

Хероинот доаѓа од Иран, Пакистан и Авганистан во Турција. Таму се рафинира, потоа во два правци се пренесува до земјите на западна Европа. Првиот правец е така наречениот " јужен крак" на Балканот, преку море или копно хероинот доаѓа до Бугарија и Грција-Македонија-Албанија или Србија, а

[20] Група автори :*Глобализацијата, мирот и безбедноста*, Министерство за Одбрана на Република Македонија, Филозовски факултет, 2008, Скопје, стр.93, Котовчевски М..-*Облици на криминално дејствување на транснационалниот организиран цриминал, стр 92-94*

од таму до зависниците од западна Европа. ”Северниот крак ” е Турција - Романија - Унгарија, од каде завршува на Западноевропскиот пазар. Во спротивна насока, во исто време транзитираат хемиските супстанци потребни за производство на хероин како и марихуаната и хашишот, при што сите разузнавачки информации говорат дека во Р.Албанија се одгледува најквалитетната марихуана во Европа. Дел од овие количества на хероин, хашиш, марихуана и синтетички droги остануваа во Р.Македонија за потребите на домашните нарко зависници.

Амфетамините се произведуваат во Молдавија и Бугарија па преку Македонија, Србија и Албанија транзитираат до Западноевропските земји.

Кокаинот потекнува од Јужна Америка и до земјите регионов се транспортира во поштенски пратки, но и со бродски, авионски и контењерски превоз. Заради скапатацена и економската немоќ на конзументите од регионов, само мал дел од истиот останува на Балканот, а поголемиот дел транзитира низ овие земји и оди во понатамошна продажба на богатите конзументи од земјите од Западна Европа.

Потребно е да се напомене дека каналите кои ги користат криминалните структури за недозволена трговија со дрога, исто така ги користат и за трансфер на големи количини на неоданочени пари, без оглед дали тие се наменети за купување на нови количини на дроги, или за нивно перење преку инвестирање во легални бизниси, купување на недвижности, или пак за финансирање на тероризам.

Се додека регионов представува идеална можност за непречен транзит кон нарко пазарот на Европска Унија, но и како крајна дестинација на опојните дроги, криминалните структури кои се бават со трговија со дрога, ќе прават напори така нарeчениот ” Балкански пат” да ја задржи својата важност.

За жал, во последно време постои тренд на пораст на злоупотребата на дрогите во Република Макердонија, иако таа генерално претставува транзитна земја на патот на опојните дроги. Порастот на количините на дрога кои остануваат за домашна употреба е прогресивен, како и порастот во целиот свет.

Трговијата со дрога со ја загрозува националната безбедност, индивидуалната безбедност бидејќи несомнено претставува опасност по здравјето и животот на луѓето, но има негативни импликации и во економскиот,

политичкиот и социјалниот живот. Од причина што криминалните групи кои се занимаваат со трговија со дрога се конспеартивни и одлично организирани, од големо значење е безбедносните служби да соберат навремени, точни и квалитетни разузнавачки информации и да ги разменат истите со сродните служби од регионот и светот, заради градење на заедничка и ефикасна стратегија во функција на сузбивањето на појавата трговија со дрога.

### 1.3.5. Недозволена трговија со оружје

Недозволената трговија со оружје е еден од најопасните облици на организиран криминал и претставува реална закана за националната безбедност на државите, како и за цели региони, а предмет на недозволената трговија со оружје се конвенционално и неконвенционално оружје и технологии кои силно влијаат врз воените конфликти во одредени региони. Недозволената трговија со оружје ги покрива сите подрачја во светот во кои се водат меѓународни или внатрешни граѓански војни, вооружени преврати или судири на парамилитантни формации со државните органи, како и редовно вооружување на регуларните вооружени формации на државите.

Големиот број на вооружени судири во светот, а посебно на просторите на поранешна Југославија предизвикаа зголемена потреба од оружје, муниција и воена опрема, а тоа ги стимулира криминалните групи да се посветат се повеќе на оваа лукративна криминална дејност, во потрага по големи профити. Не постои подрачје во светот во кое како облик на организиран криминал не се појавува недозволената трговија со конвенционално и неконвенционално оружје и технологии, а тоа ја загрозува националната безбедност на државите, предизвикува нестабилна лична безбедност и ја разјадува довербата на граѓаните во институциите на системот. Криминалните структури за развој на овај вид на криминал погодно тло најдоа на Балканот, вклучувајќи ја и Македонија, пред се заради вооружените судири на територијата на СФРЈ, како и заради граѓанската војна во Р. Албанија и вооружениот конфликт во Македонија, при што шверцуваа големи количини

на автоматско оружје, експлозиви, ракети, воена опрема, мало и лесно наоружување и муниција, обезбедувајќи за себе голем профит.

Овој облик на организиран криминал се прикрива со користење на лажни документи, со кои се прикажува невистинит примател на оружјето, лажни документи со кои се крие воената природа на предметите и лажни декларации со кои се крие вистинскиот испорачател. Се додека трансакцијата изгледа легална, трговците со нелегално оружје можат да го договорат плаќањето на некои од типичните легитимни начини и да ги користат нормалните методи на транспорт на стотици тони оружје, вредно повеќе милиони долари.[21]

Од причина што трговијата со оружје претставува голема закана по националната и индивидуалната безбедност, а криминалните структури кои се занимаваат со овој облик на организиран криминал се добро организирани и исклучително опасни, државата мора да ги стави во функција сите свои капацитети во насока на сузбивање на трговијата со оружје.

### 1.3.6. Недозволена трговија со моторни возила

Овој облик на организиран криминал воопшто не е за занемарување и во меѓународни рамки носи голем профит на криминалните групи кои се занимаваат со истиот.

" Имено, во земјите членки на Европската Унија, на годишно ниво против правно се одземаат ( крадат ) од 450-500 илјади возила на кои им се губи трагата, па ако се земе за просек дека вредноста на едно луксузно моторно возило изнесува околу 15.000 евра, профитот на криминалните групи би изнесувал околу 7,5 милијарди евра."[22]

Криминалните групи за украдените возила употребуваат фалсификувани документи и од земјите на Западна Европа ги транспортираат најчесто во Африка, Блискиот Исток и на Балканот, каде што возилата ги продаваат. После распадот на СФРЈ заради лошата безбедносна состојба во ново формираните држави овој облик на криминал беше доста развиен. Освен

[21] Лајман М., Потер Г.- *Организиран криминал, Магор, Скопје, 2009,стр. 212*

[22] Митиќ К.- *Организиран криминал невоена закана за југоисточна Европа,* Бранко Гапо, Скопје, 2013, стр.128

што се продаваа возила со фалсификувани исправи, украдени во Западна Европа, исто така се вршеа голем број на кражби на овие простори, вклучувајќи ја и Република Македонија. Денес, кражбите на возила во нашата држава се во стагнација, но оваа појава сеуште егзистира. Иако не претставува сериозна закана за националната безбедност, може да предизвика големи материјални штети за граѓаните и осигурителните компании, а на криминалците да им овозможи голема противправна имотна корист.

### 1.3.7. Недозволена трговија со предмети од културно-историско наследство

Криминалните структури отсекогаш пројавувале интерес за предметите кои имаат културна и историска вредност, односно за финансиската вредност на предметите кои имаат културно и историско значење. Културните добра, како што се сликите на познати автори, археолошките предмети и црковните икони и крстови често се предмет на кражби од криминалци кои потоа преку недозволена трговија на овие добра се стекнуваат со големи материјални сретства.

Република Македонија со векови наназад располага со значајно културно историско наследство кое било одлика на постоење на силна култура и цивилизација со посебно обележје овие простори , кое е единствено за народите кои живееле и твореле на територијата на денешна Република Македонија. Поради тоа, културно историското наследство на нашата земја стотина години наназад побудувало интерес за присвојување од страна на други држави, групи и поединци кои на безправен и нелегален начин се обидувале да дојдат до тоа историско наследство. Поради слабата социјално економска состојба на граѓаните во Република Македонија, непосредни извршители на овие криминални активности се наши државјани кои многу малку знаат за вистинската вредност на предметите од историска важност. Тие најчесто преку посредници за големи суми пари ги продаваат предметите од културно историско значење на странски државјани од Западноевропските и соседните земји, најчесто колекционери. Голем дел од овие предмети завршуваат

на таканаречени црни аукции или кај сопственици на антикварници од развиените Западни држави по предходни порачки или презентации, преку изготвени каталози, видео ленти или цд- дискови.

Овој криминал нема сила да ги разори институциите на државата, но сепак сериозно треба да се пристапи во сузбивање на истиот, првенствено затоа што криминалните структури кои се занимаваат со предмети од културно - историско значење имаат силно разгранета меѓународна мрежа и најчесто се занимаваат и со други облици на организиран криминал, како и за да се заштити големото културно и историско богатство на нашата земја.

### 1.3.8. Компјутерски криминал

Денес, скоро е незамисливо живеењето во секој дел на светот, а посебно во Европа, без користење на компјутерите кои се навлезени во сите области на општественият живот. Компјутерските уреди се повеќе се усовршуваат, како резултат на постојаниот развој на техниката, технологијата и електрониката, а со користење на информациските системи полесно се завршуваат сите работи. Меѓутоа, информациските системи исто така се повеќе се користат од криминалните структури за вршење на кривични дела како финансиски измами, перење пари, дистрибуција на детска порнографија и педофилија и друго. Постојат два вида на напад на компјутерските системи, активен и пасивен напад. Кај активните напади компјутерот намерно се преоптеретува со цел да се злоупотреби компјутерскиот систем, а пасивниот напад претставува упад или пробивање на одредени податоци, како што се електронските пошти, лозинките и корисничките имиња.

Во Република Македонија, компјутерите најчесто се користат за кражбата на интелектуална сопственост, дистрибуција на педофилски клипови, пиратерија и злоупотреба на платежните картички.

### 1.3.9. Финансиски криминал

Организираниот криминал својата криминална активност ја остварува и во стопанско финансиското работење, така што делува илегално, но во поново време се вклучува и во легалниот бизнис, како во доменот на стопанството така и во доменот на финансиите. Посебно е карактеристично неговото делување во перењето на пари, со што парите стекнати со криминал се легализираат и потоа се вклучуваат во легалните финансиски текови, создавајќи слика дека криминлните активности се законити. Во контекст на делувањето на финансискиот криминал, треба да се каже дека постојат криминални организации кои покрај финансиските криминалните активности вршат и други криминални дејствија од областа на организираниот криминал, како и криминални организации кои извршуваат криминална активност исклучиво во областа на бизнис финансиското работење, при што сите сегменти на бизнисот и финансиите не се подеднакво интересни за организираниот криминал. Корупцијата и перењето на пари се посебно значајни активности на организираниот криминал, бидејќи им овозможуваат на криминалните организации влез во легалниот бизнис, сопствена заштита и тансакции со кои на парите стекнати со криминал им се дава легален карактер.

Насекаде во светот, па и во Република Македонија криминалните организации кои се занимаваат со криминал од областа на бизнис финансиското работење по својата организациска структура во извесна мера се разликуваат од криминалните организации од областа на насилниот или некој друг облик на организиран криминал.

Постојат дури и мислења дека кривичните дела од областа на финансиите ад- хок се извршуваат, односно дека не постојат криминални организации специјализирани за стопански криминал или криминал во областа на финансиското работење. Тоа може да биде многу опасно, бидејќи потценувачкиот однос спрема една ваква криминална организација ќе доведе до неможност за реално идентификување на овој вид на организиран криминал, а со самото тоа и до неправземање на адекватни мерки за негово откривање и сузбивање.

Во Република Македонија иако од поодамна се присутни различни облици на организиран криминал во областа на стопанското и финансиското работење, сеуште не е присутна сериозна активност за спротивставување на истиот, ниту пак постои општ политички консензус за организирана активност на надележните државни институции во спротивставување на овој облик на криминал и на неговите носители, со строга примена на начелото на законитост и принципот на легалитет.

# II. ГЛАВА

## 1. Трговија со луѓе како облик на организиран криминал

### 1.1.Миграции

Трговијата со луѓе мора да се разгледува во рамките на националните и интернационалните движења и миграции кои се поинтензивно се случуваат како резултат на економската глобализација, вооружените конфликти, или преструктуирањето на државите и трансформацијата на политичките системи.

Миграција значи преселување на поединци или цели општествени групи од една територија на друга во рамките на иста држава, или од една во друга држава. Кога миграцијата се одвива во рамките на една држава станува збор за внатрешна миграција, а кога миграцијата се одвива од една во друга држава за надворешна миграција. Миграцијата како поим води потекло од латинскиот збор " migrare " - преселување или селење. По дефиниција миграцијата значи движење на луѓето и другите живи суштества во просторот, а тоа движење може да биде привремено или трајно. Тоа значи дека според карактерот миграциите можат да бидат привремени или трајни, а според легалноста при преминувањето на државните граници, легални и нелегални.

Причините заради кои населението мигрира можат да бидат социјални, еколошки, демографски или политички. Социјалните миграции се случуваат заради сиромаштија и барање на подобри услови за живот, при што населението мигрира од ниско развиените во високо развиените земји од Западна Европа, Северна Америка, Источна Азија и Океанија. Значи, за развиените земји, миграцијата нуди алтернативен избор на луѓе и ефтина работна сила, а за неразвиените земји или во државите на потекло на мигрантите може да помогне во намалувњето на невработеноста и социјалните притисоци. Најголем дел мигрантите, од кои повеќе од половина се жени, принудени се да ги напуштат своите домови и да бараат подобар живот, ризикувајќи при тоа да станат жртви на трговија со луѓе.

Традиционална класификација на државите погодени од бранот на мигранти денес е неприфатлива, од причина што денес секоја држава може да биде држава на потекло, транзит или пак држава на крајна дестинација на мигрантите. Заради тоа што во регионот на Југоисточна Европа стационирани се држави кои се слабо економски развиени, многу ретко претставуваат крајна дестинација на мигрантите, односно овие држави се држави на потекло на мигрантите или држави на транзит, пред се заради тоа што голем број на луѓе на нелегален начин пристигнуваат од земјите на Далечниот и Блискиот Исток и преку територијата на Југоисточна Еропа одат во високо развиените земји од Западна Европа. Балканот е регион во кој луѓето се движат многу интензивно во различни насоки, индивидуално или во групи, во време на економски кризи и воени конфликти, но и во релативно мирни периоди. Движењето на луѓето, независно дали е сезонски или трајно, може да биде причина за многу човечки страдања. Конфликтите кои го потресуваа нашиот регионпредизвикаа бројни движења на населението,прекугранични преминувања и миграции во рамките на државата. Криминалните структури ги користат се построгите гранични контроли за влез во високо развиените држави и на незаконски начин по илегални канали ги пренесуваат луѓето до саканите дестинации. Луѓето кои мигрираат се многу ранливи и често претставуваат потенцијални жртви на трговија со луѓе или криумчарење, бидејќи нивното движење најчесто е резултат на економска нестабилност и потрага по подобри можности во друга земја. Мигрантите кои се тргувани, криумчарени без соодветни документи, чии пасоши се одземани од агенти и работодавци и кои едноставно се наоѓаат во непозната средина без познавање на локалната култура, јазик или правен систем, се наоѓаат во ризик. Во таков случај мигрантите не се само економски експлоатирани, туку исто така, можат да станат предмет на сексуална злоупотреба, насилство, малтретирање и други прекршувања на нивните основни човекови права. Важно е да се напомене дека овие проблеми можат да им наштетат на мигрантите кои имаат нерегулиран статус, но можат да влијаат и на регуларните мигранти, кои се погрешно наведени, односно измамени во врска со целта на нивното патување во времето на регрутирање, или кои станале цел на трговците со луѓе додека барале вработување по пристигнување во земјата на нивната дестинација. Добро

познати се примерите кога жени пристигнуваат во земјите на нивна дестинација со цел да работат како танчерки, за подоцна да бидат принудувани на давање сексуални услуги на клиенти.

Сведоци сме дека во последниот период засилени се миграциите на населението од арапските земји, преку земјите на Југоисточна Европа кон земјите од развиениот Запад. Овие миграции се случуваат заради воените кризи во Сирија, Ирак и Авганистан, а структурата на населението кое што мигрира е разновидна, како по старост така и по пол. Тоа е можност за криминалните структури на несреќата на многу луѓе да остваруваат големи нелегални профити.

## 1.2. Дефинирање на поимите трговија со луѓе и криумчарење мигранти

" Трговијата со луѓе во Протоколот на Обединетите Нации е дефинирана како врбување, транспорт, трансфер, заштитување или прием на лица, со употреба на сила и закана или други форми на принуда, грабнување, измама, лага, злоупотреба на моќ или злоупотреба на положба на ранливост или на давање или добивање исплата или корист за да се постигне согласност на лице што има контрола врз друго лице, заради целта на експлоатација. Експлоатацијата вклучува, експлоатација на проституцијата или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или услуги, ропство или практики слични на ропство, слугување или отстранување органи."[23]

Трговијата со луѓе како поим секако треба да се разликува од криумчарењето мигранти, кое подразбира обезбедување на нелегален влез во држава потписничка, на лице кое не е нејзин државјанин или постојан жител, а со цел стекнување на непосреден или посреден начин, финансиска или друга материјална корист.[24]

---

[23] *Протокол за превенција, сузбивање и казнување трговија со луѓе, особено со жени и деца, кој ја дополнува Конвенцијата на Обединети Нации против транснационалниот организиран криминал,* Палермо 12-15 Декември, 2000, Меѓународни договори, бр. 6/2001

[24] *Протокол против криумчарење по копно, море или воздух, кој претставува дополнување на Конвенцијата на Обединети Нации против транснационалниот организиран криминал,* Палермо, 12-15 Декември, 2000, Меѓународни договори, бр. 6/2001

Криумчарењето мигранти претставува посредничка дејност со која се олеснува илегалниот влез во земјата со согласност на лицата кои се предмет на криумчарење и кои најчесто можат да се откажат од тоа, додека жртвата на трговија со луѓе нема таква можност. Прокриумчарените мигранти после преминувањето на државните граници се слободни, спрема нив најчесто не се применува никаква сила и принуда и не се експлоатирани, што не е случај со жртвите на трговија со луѓе. Криумчарењето луѓе нужно бара премин на државните граници на најмалку две земји и претставува повреда на прописите за премин на државните граници, па во таа смисла претставува кривчно дело против државата, додека трговијата со луѓе може да се одвива во рамките на националните граници на една држава и претставува кршење на човековите права на поединецот, па затоа е кривично дело против човекот. Криумчарењето мигранти е поим потесен од трговија со луѓе и може да претставува фаза во процесот на трговија со луѓе. Меѓутоа, криумчарењето мигранти може да премине во трговија со луѓе, доколку организаторите на криумчарењето во желбата да остварат додатен профит ги продадат криумчарените луѓе, ако противправно ги лишат од слобода или ги експлоатираат на разни начини.

### 1.3. Основни карактеристики на трговија со луѓе

Трговијата со луѓе е еден од главните облици на организиран криминал кој обезбедува висок профит, но и сериозно го загрозува човековиот дигнитет и интегритет и нанесува сериозна повреда на човековите права. Заедно со тероризмот и недозволената трговија со дрога овој вид на организиран криминал претставува главен проблем на современите општества. Како што низ историјата се тргувало со робови, така денес во новиот светски поредок постојат нови облици на тргување со луѓе, но секогаш со иста цел, а тоа е стекнување на незаконит профит. Организирани криминални структури го контролираат овај криминал, почнувајќи од врбувањето, превозот, сместувањето и експлоатацијата на жртвите. Најчесто жртви на трговија со луѓе се жените и децата, но не ретко и мажите влегуваат во рацете на криминалните структури, пред се заради лошата економска и социјална положба. Бројот на официјалните жртви на трговија со

луѓе во светот се движи помеѓу 500.000 и 2.000.000, меѓутоа реалниот број е многу поголем. Најмалку 200.000 од жртвите потекнуваат од Европа, а 200.000 до 500.000 од Азија и Блискиот Исток преку земјите од Југоисточна Азија завршуваат како жртви во Западноевропските држави, секоја година[25]. Државите, од каде во најголем број се регрутираат жртвите на трговија со луѓе припаѓаат на регионите на Африка, Азија, Централна и Источна Европа, но за нас најголем интерес будат земјите од Југоисточна Европа. Меѓутоа, регионот на Југоисточна Европа освен за регрутирање на жртвите, претставува и транзитен пат за овој вид на организиран криминал, додека високо развиените држави од Западна Европа и САД продолжуваат да бидат главни дестинации на жртвите. Географската положба ја прави Југоисточна Европа најкратка копнена врска помеѓу Мала Азија, Блискиот и Средниот Исток и земјите на Европска Унија. Со промената на политичките системи во деведесеттитегодини на минатиот век, се покренаа масовни илегални миграции од земјите на поранешниот Советски Сојуз и Источноевропските земји кон Запад. Според податоците на Канцеларијата на Обединети Нации, земји за регрутирање на жртвите се посткомунистичките држави како Украина, Молдавија, Албанија,Романија и Бугарија. Меѓутоа, последниве години забележано е движење на жртвите во спротивна насока и тоа кон Централниот и Источниот дел на Европскиот континент. Криминалните групи организираат продавање на мажи за присилна работа и деца за питачење и проституција со крајна дестинација во Чешка, Полска, Русија и поранешните земји на СССР.[26]

Регионот на Балканот, иако веќе подолго време претставува транзитен пат и главна дестинација на жртвите, сепак сеуште проблем е регрутирањето на жртвите на трговија со луѓе. Во овај регион секако припаѓа и Република Македонија, која поради својата географска положба, како мост помеѓу Европа и Азија е во регионот во кој што е присутна трговија со луѓе и е идентификувана како земја на регрутирање, транзит и крајна дестинација на жртите. За успешно сузбивање на овај феномен потребна е соработка и размена на разузнавачки информации на национално, регионално, европско и светско ниво, градење на

[25] Работилница на тема - *Трговина људима*, Београд, 2008
[26] http://www.osce.org/documents/odihr/2003/12/1645_en. pdf. p. 19

глобална стратегија и развивање на конкретни механизми за ефикасна борба против ова зло.

### 1.4. Видови на трговија со луѓе

Трговијата со луѓе може да се класифицира според повеќе критериуми. Според степенот на општествена опасност трговијата со луѓе можеме да ја класифицираме во два вида;

- *обичајна трговија со луѓе* ; и
- *криминална трговија со луѓе ;*[27]

Под обичајна трговија со луѓе можат да се подведат сите облици кои отсекогаш се манифестирале во општеството и се дел од неговата култура. Ваквите облици немаат за цел никаква експлоатација на човекот, туку претставуваат дел од обичаите на народот. Пример за ваков облик на трговија со луѓе е купувањето на невести кај Албанската популација во Република Македонија, која се повеќе е изразена и кај Македонскиот етнос, најчесто од Република Албанија. Во правна смисла, не постои облик на трговија со луѓе која е дозволена, односно секој вид на трговија со луѓе е забранета, меѓутоа кај обичајната трговија не постои намера лицето да се експлоатира или да се држи во ропство, па оттука не постои закана по националната безбедност, ниту по личната безбедност на луѓето.

Под криминална трговија со луѓе можат да се подведат сите оние облици кои не припаѓаат на обичајната трговија со луѓе. Целта на организираниот криминал кој се занимава криминална трговија со луѓе е експлоатација на жртвите и овој облик, претставува сериозна закана по националната и личната безбедност и на најбрутален начин ги крши ги крши човековите права и го загрозува човечкиот дигнитет.

Според географското ниво на реализација, трговијата со луѓе може да се подели на два вида:

- *трговија со луѓе на национално ниво* ;
- *трговија со луѓе на меѓународно ниво* ;

[27] Одбор за женска људска права - *Seks trafiking i tranzicija,* Јука, Бор, 2002, стр.12

Трговијата со луѓе на национално ниво подразбира реализација на овој облик на трговија во рамките на постоечките национални граници на една држава. Меѓутоа, иако нема преминување на жртвите преку државните граници,овој облик на трговија го реализираат организирани криминални групи, што значи дека услов за ваквата класификација е двжењето на жртвите, а не просторното дејствување на носителите на криминалот.

Кај трговијата со луѓе на меѓународно ниво, жртвата се транспортира од земјата од која што потекнува во некоја друга земја. Носители на овој облик на трговија се исклучиво меѓународни криминални групи, способни да ги преместуваат жртвите од една во друга држава во рамките на еден регион, на подрачјето на еден континент, или пак од еден на друг континент.

Ако за критериум се земат биофизиолошките карактеристики на жртвата, тогаш трговијата со луѓе може да се манифестира како:

- *трговија со мажи* ;
- *трговија со жени* ; и
- *трговија со деца* ;

Ова значи дека жртви на трговија со луѓе можат да бидат мажите, жените и децата, меѓутоа најранливи категории секако се жените и децата, посебно младите девојки. Оваа класификација е битна заради разликите во санкциите предвидени во националните закони, односно различните стандарди во третирањето на оваа појава кои ги имаат одделни држави. Ова може да претставува проблем во меѓународната безбедносно разузнавачка соработка, што сигурно се одразува на вкупната безбедност.

Без разлика за каков облик на трговија со луѓе станува збор, овој вид на организиран криминал претставува сериозна опасност по националната безбедност, но пред се ја загрозува личната безбедност на жртвите на трговија со луѓе. Од тие причини институциите на државата мора да изградат силни капацитети, да ги искористат сите свои ресурси и човечки потенцијал и да разработат ефикасна стратегија во функција на сузбивање на трговијата со луѓе. За да се оствари тоа безбедносно разузнавачките служби треба да соберат квалитетни, точни и навремени информации кои се однесуваат на овој феномен да соработуваат помеѓу себе заради разбивање на криминалните структури и спасување на жртвите од канџите на криминалците.

## 1.5.Фази на трговијата со луѓе

### 1.5.1.Регрутирање на жртвите

Трговијата со луѓе, како феномен стои на спротивната страна во однос на почитувањето на човековите права и претставува сериозен општесвен проблем, бидејќи на најдрастичен начин ги загрозува основните човекови права, како што се правото на живот, на слобода на движење, слобода на избор. Овој проблем е заеднички и за земјите во трнзиција и за економски развиените земји. Денес, иако секоја држава тврди дека на нејзина територија се почитуваат во потполност човековите права и слободи, сепак феноменот на модерното ропство не се изгуби, го има и во дваесет и првиот век. Милиони жени и деца, но и мажи, принудени се на проституција, слугување во куќи, мотели, хотели и кафеани, работа на плантажи, питачење и други видови на принуда.Трговијата со луѓе секогаш почнува со регрутирање на жртвите, при што постојат неколку основни начини на врбување. Еден од начините на регрутирање е киднапирање или насилно регрутирање, при што жртвата нема никаков избор, криминалната организација не и нуди никаква опција. Друг и најчесто применуван начин е со измама на жртвата, кога криминалците користејќи ја тешката социјална положба на жртвата и ветуваат вработување или друга финансиска и материјална придобивка. Криминалците користат повеќе методи за да ја доведат жртвата во заблуда и тоа:

*-врбување со посредство на пријател*
*-врбување директно од криминална група*
*-врбување со посредство на агенција*
*-врбување преку новинарски огласи*
*-врбување преку интернет*: [28]

[28] Врз основа на лично искуство како началник на Криминалистичка полиција во Прилеп, период 2002/2007

Уште еден начин на регрутирање е преку искористување на финансискиот долг што жртвата го има кон криминалните структури. На овој начин, жртвата е финансиски принудена да отпатува на дестинацијата која што криминалците однапред ја договориле, за да заработи пари и да го врати долгот и тоа вршејќи дејност што организираниот криминал ќе ја определи. Дел од мигрантите кои илегално ги минуваат државните граници, често немаат пари за своите патни трошоци, па позајмуваат од криминалците. На тој начин, влегуваат во мрежа од која тешко се излегува, бидејќи за да го вратат долгот мора да одработат и не ретко стануваат робови на криминалните структури. Вредно е да се истакне дека финансиските средства што криминалците ги побаруваат од жртвите се екстремно високи и ни приближно не соодетствуваат со реалните трошоци за превоз.

Без оглед кој од начините за регрутирање на луѓе го користат, криминалните структури кои се занимаваат со оваа нелегална активност најчесто се транснационални и добро организирани, со разгранета криминална мрежа, со позиции помеѓу работниците на безбедносните служби и имаат солидна финансиска моќ.

### 1.5.2. Транспорт на жртвите

Втората фаза на трговија со луѓе е фазата на превоз на жртвите од едно на друго место, што не мора да значи и преминување на државната граница, односно превозот може да се одвива во рамките на националните граници на една држава. Кога жртвата не ја преминува државната граница е многу поедноставно за криминалните структури, бидејќи не се потребни патни исправи, а поедноставни се и можностите за транспорт. Кога се преминува државната граница и кога постои транзитна држава преку која мора да се помине за да се стигне до саканата дестинација, превозот е далеку посложен. Понекогаш жртвите се задржуваат во земјата на транзит онолку време колку што е потребно да се премине територијата на државата, а понекогаш потребно е подолго време, доколку се чека поволна можност за криумчарење преку следната граница, или да се направат лажни патни исправи. Во ретки случаи,

земјата на транзит може да стане земја на крајна дестинација, доколку криминалците одлучат дека во транзитната земја постојат добри услови за експлоатирање на жртвата. Правците на движење секогаш се условени од побарувачката на услугите на жртвите на трговија со луѓе. Превозот на жртвите се случува на три нивоа: внатре во една држава ( кога жртвите се преместуваат од осиромашените рурални подрачја во развиените делови, со цел да се задоволи побарувачката од нивните услуги ), регионално ( кога жртвите се преместуваат преку граници во одредена дефинирана глобална регија, како што е Западна Африка или Југоисточна Азија, при што жртвите може да се продаваат во една земја, или во повеќе земји во рамките на регионот ) и интерконтинентално ( жртвите се превезувани од еден регион на сосема друг континент, на пример од Југоисточна Азија во Австралија, или од Јужна Америка во Европа ).[29]

Се користат многу начини, методи и средства за превоз и се патува по едноставни и сложени патишта. Патот од местото на регрутирање до местото на крајна дестинација може да трае и по неколку месеци, дури и години.[30]

Жртвите за цело време на превозот трпат сексуално, физичко и емотивно малтретирање, на најбрутален начин се повредуваат нивните права, се гази на нивниот дигнитет и интегритет. Криминалните структури најчесто соработуваат со корумпирани работници на безбедносните служби, па на тој начин им е олеснет превозот на жртвите. Токму од тие причини, а имајќи ги во предвид сите негативни импликации кои трговијата со луѓе ги има врз човековите права и слободи, безбедносните служби уште повеќе треба да ги засилат своите активности во сузбивањето на оваа појава, при што е неопходно да имаат голема подршка од политичките лидери и невладините организации. Помошта од политиката треба да дојде преку усвојување на стратегии, како и правна рамка за борба против трговијата со луѓе и корупцијата, а од невладините организации преку изработка и имплементација на проекти поврзани со борбата против трговијата со луѓе.

---

[29] *Прирачник за обука на посебни изразжители – Борба против трговија со луѓе за регионот на западен Балкан*, Меѓународна организација за миграции, Брисел, 2006,стр.19

[30] *Брошура, Trafficking for forced labour, How to monitor the recruitment of migrant workers*, ILO, Женева, 2006, стр.11

### 1.5.3. Експлоатација на жртвите

После регрутирањето и превозот на жртвата доаѓа фазата на експлоатација или искористување која започнува веднаш после доаѓањето на жртвата на крајната дестинација. Најранливите категории во општеството се жените и децата, но се почесто и мажите можат да бидат експлоатирани од криминалните структури. Жртвите на трговија со луѓе можат да бидат експлоатирани на повеќе начини, но најчесто преку сексуална злоупотреба, преку присилна работа, или со тоа што се вадат органи од нивните тела и истите се продаваат на црниот пазар ( трговија со органи ).

Без разлика на каков начин криминалните структури ги експлоатираат жртвите на трговија со луѓе, оваа појава претставува еден од најопасните облици на организираниот криминал. Таа ја загрозува националната безбедност, но исто така го загрозува човековиот интегритет и има штетни последици по животот и здравјето на жртвите. Од тие причини сите држави во светот треба да ги засилат институционалните капацитети и да осмислат стратегија во насока на сузбивање на оваа незаконска појава.

#### 1.5.3.1.Сексуална експлоатација

Сигурно најчест облик на искористување на жртвите на трговија со луѓе е нивното принудување на проституција. Заедно со неа се наведуваат и сексуалното искористување, како што е комерцијалното производство на порнографија, слугувањето и принудното склопување на брак.[31]

Поимот проституција потекнува од латинскиот збор "prostitutio" што во превод значи блуд. Под проституција се подразбира овозможување на сексуални услуги на други личности кои можат да бидат од различен или ист пол. Заради тоа проституцијата може да биде хетеросексуална - проституција на жена со

[31] Хорватиќ Ж. и др.- *Ново хрватско казнено право*, Организатор, Загреб, 1997, стр 396

мажи, или на маж со жени и женско - хомосексуална или машко - хомосексуална.[32]

Ако ја анализираме оваа дефиниција можеме да приметиме дека нејзината содржина ги опфаќа не само жените, туку и мажите како личности кои можат да се занимаваат со оваа дејност. Меѓутоа, непобитен факт е дека проституцијата како феномен е поспецифична за женскиот пол, со оглед на тоа дека најголем дел од жртвите кои се принудени на проституција се жени. Криминалните структури заработуваат големи финансиски средства принудувајќи ги жените жртви на трговија со луѓе на проституција, а трауматолошките последици кои ги доживуваат ги поткопуваат можностите за нормално живеење и продуктивен живот. Многу личности ги користат услугите на овие жени на најбизарни начини, кои се одвратни и болни, а понекогаш и смртоносни. Претепувњето, силовањето, разните облици на сексуално малтретирање придонесуваат за уништување на животите на многу жени, кои најчесто се регрутираат од сиромашните слоеви. Меѓутоа, освен социјалните, постојат низа други причини кои што можат да ги поттикнат младите личности да се оддадат на проституција. Запоставувањето на децата во воспитувањето и школувањето, напуштањето на децата од родителите, лошите семејни односи кои можат да се манифестираат преку насилство, сексуална злоупотреба на децата, вклучувајќи го и инцестот, се само дел од факторите кои можат да бидат стимулатори, или лични причини за занимавање со оваа дејност. Криминалните структури кои се занимаваат со проституција по правило се вклучени во трговија со луѓе, при што постојано пронајдуваат нови начини и методи да ги регрутираат жртвите и да ги транспортираат до местата каде што се бараат нивните услуги.

Некои размислувања укажуваат дека е тешко да се изврши јасно разграничување помеѓу недозволената трговија со луѓе и проституцијата, затоа што сексуалната експлоатација на жените и проституцијата произлегуваат од трговијата со луѓе и воопшто, се засноваат на општествената нееднаквост на жената.[33]

---

[32] Шпадијер – Хиниќ Ј. – *Социјална патологија, Социологија девијатност*, Завод за учбенике и наставна средства, Белград, 1998, str. 84

[33] Kelly L.- *Stopping Traffic: Exploring the Exten of and Responses to Traf icking in Women form Sexual Exploitation in the U.K.*,Home Office, Police research Series, 2000, стр. 1

Според едно мислење во Украина, тровијата со жени е попрофитабилна од трговијата со дрога, затоа што жената може да се продаде повеќе пати, а дрогата само еднаш и повеќе ја нема.[34]

Како главни патишта, кои што организираните криминални групи ги користат за криумчарење на жени во Западноевропските држави заради сексуална експлоатација се следниве:[35]

-*Северен йаш* - жените од Источна Европа преку Полска, Унгарија и Чешка се криумчарат во Германија и Скандинавија.

-*Балшички йаш* - од Балтичките земји и Русија, жените се криумчарат по море во Скандинавските земји.

-*Балкански йаш* - од Азија, Југоисточна Европа и Кавкаските држави, преку Романија, Бугарија и Албанија, жените се криумчарат во Грција и Италија.

-*Јужен йаш* - од Алжир и Мароко, жените по море се носат преку Гибралтар во Португалија и Шпанија.

-*Зайаден йаш* - од Јужна и Централна Америка жените се носат до Иберискиот полуостров.

Регионот на Балканот, вклучувајќи ја и Република Македонија, иако се почесто претставуваат транзитен пат, како и крајна дестинација на жртвите заради сексуална екплоатација, сепак останува регион во кој заради лошата економска и социјална положба најчесто се регрутираат жртвите. Сепак на Балканот, жртвите најчесто се регрутираат од Бугарија, како земја која ја напуштиле голем број на жени, млади девојки и деца, од кои дел станале жртви на трговијата со луѓе во земјите од Западна Европа.

### 1.5.3.2. Присилна работа

Жртвите на трговија со луѓе, освен што се сексуално експлоатирани, многу често се експлоатирани преку присилна работа. Најчесто, присилната работа како облик на искористување на жртвите се појавува во оризовите полиња и хортикултурата во земјоделството, меѓутоа и во домаќинствата, фабриките,

---

[34] Николиќ – Ристановиќ В., -*Дискусија бр. 3-4/1999*, Темида, Белград, стр. 60

[35] Алета М. - *Трīовина људима као облик орīанизованоī криминала,* Факултет правних наука, Бања Лука, 2009

ресторанките, хотелите и кафеаните. Жртвите почнуваат со работа веднаш откако ќе стигнат на крајната дестинација, работат многу повеќе саати од вообичаеното законски предвидено работно време без да бидат платени за својата работа или пак примаат минимална плата, немаат слободни денови за празници и преку викенд. Скоро секогаш, жртите работат на поинакви работни места од тие што им се предходно ветени, а изложени се и на сексуално, физичко и психичко малтретирање. Криминалците секогаш се доминантни над жртвите, имаат нехуман и груб однос, применуваат насилство, ги изгладнуваат жртвите или им дозволуваат неквалитетно и слабо да се хранат. За да ги оневозможат жртвите да се вратат дома, или да ја променат работата, им ги одземаат сите лични документи. Не ретко, криминалците ја продаваат жртвата на сопственик, се разбира без согласност на жртвата, нанесувајќи и тешки психички трауми.

Меѓународната организација за работа излезе со податок дека преку 2.450.000 луѓе се експлоатирани од трговците со луѓе, од кои 43% сексуално, 32% работно, а 25% трпат и сексуална и работна експлоатација. Од жртвите кои се сексуално експлоатирани 2% се мажи или момчиња, а 98% жени или млади девојки, додека пак , од жртвите кои се експлоатирани преку присилна работа 44% се припадници на машкиот пол, а 56% на женскиот.[36]

Годишниот профит од експлоатирање на жртвите на трговија со луѓе, просечно секоја година на светско ниво изнесува вкупно 31.654 милиони долари.[37]

Најголем дел жртвите кои се присилени на работа имаат потекло од ниско развиените земји, земјите во транзиција, земјите каде има воени конфликти и голема невработеност. Жртвите одат во високо развиените земји од Западна Европа или САД за да најдат работа, со надеж за подобар живот подобар општествен статус, а завршуваат во рацете на организираниот криминал. Од тука, може да се извлече заклучок дека најризична категорија, кога станува збор за работна експлоатација претставуваат мигрантите.

---

[36] Брошура, *A global alliance forced labour, Global Report under the Follow up to the ILO Decaration on Fundamental Principles and Rights at work*, ILO, Женева, 2008, стр. 14

[37] Брошура, *A global alliance forced labour, Global Report under the Follow up to the ILO Declaration on Fundamental Principles and Rights at work*, ILO, Женева, 2008, стр.15

### 1.5.3.3. Недозволена трговија со деца и бебиња

Многу често организираниот криминал тргува со деца за да може сексуално да ги експлоатира, меѓутоа и работно да ги искористува, или пак ги принудува да се занимаваат со криминални активности во интерес на криминалните структури. Децата жртви на трговија со луѓе, при нивната сексуална експлоатација, злоупотребувани се од педофилите на најбрутален начин, трауматизирани се за цел живот, имаат психички и физички последици, додека криминалците профитираат на нивните трауми. Како резултат на сексуалната експлоатација на децата се разви цела гранка во филмската индустрија, а тоа е детската порнографија, како и посебен вид на туризам, така наречен " секс туризам ." UNESCO[38] уште во 1958 година процени дека повеќе од 3 милиони малолетни лица се вклучени во детската проституција, а најранлива категорија се девојките од 15 до 17 години, иако старосната граница на сексуално искористените деца падна под 13 години. Покрај младите девојки и момчињата се жртви на сексуално експлоатирање, заради побарувачката од страна на хомосексуалците, кои претежно бираат момчиња од 13 до 17 години. Освен заради проституција, присутно е тргувањето со деца заради нивно работно искористување, најчесто слугување во домовите на добро ситуираните семејства. Децата, исто така, се принудуваат да питачат или да крадат во корист на криминалците, а не ретко се принудувани да користат дрога за полесно да можат да ги преживеат тешките трауми со кои се соочуваат.

Криминалните структури го користат фактот што обично во социјално загрозените држави се раѓаат многу деца, а во високо економски развиените земји стапката на наталитет е мала, за да ги пласираат своите криминални активности во вид на трговија со бебиња. Криминалците на различни начини успеваат да дојдат до бебињата кои се предмет на трговија, но најчести форми се грабнување или купување на бебе од социјално загрозените семејства и нивно продавање на добро ситуирани семејства во развиените земји. Семејствата кои немаат деца, а се заинтересирани да ги обезбедат на овој начин, најчесто

---

[38] UNESCO е организација за образование, наука и култура со седиште во Париз и претставува специјализирана агенција на Обединетите Нации, основана на 16.11.1946 год. Нејзина цел е да придонесе за мирот и стабилноста во светот, промовирајќи соработка меѓу Нациите преку образованието, науката и културата.

потекнуваат од САД и Западноевропските земји како Германија, Шведска и Норвешка. Социјално загрозените семејста со многу деца, најчесто живеат во државите од Латинска Америка, Африка и Средна Азија. Најбрз канал преку кој организираниот криминал ги носи бебињата во развиените европски земји е преку земјите од поранешниот СССР, Бугарија, Романија, или пак Турција, Грција и Албанија. Има случаи кога криминалните структури во соработка со болничкиот персонал ги крадат децата од болниците и истите ги заведуваат како починати. Исто така, присутна е појава жените од социјално загрозените семејста од неразвиените земји да одат во богатите земји, со цел таму да се породат и да го продадат своето новороденче.

Се додека постојат големи социјали разлики помеѓу економски развиените и неразвиените држави, организираниот криминал постојано ќе се обидува и ќе пронајдува нови начини и методи да профитира од продажбата на бебиња. Од причина што социјалните разлики за скоро време нема да се надминат, единствен начин за борба против овој облик на криминал е безбедносните служби да ги искористат сите методи за да се инфилтрираат во криминалните структури, да соберат квалитетни разузнавачки информации и да соработуваат помеѓу себе во функција на сузбивање на трговијата со деца и бебиња.

### 1.5.3.4. Недозволена трговија со човечки органи

Трговијата со човечки органи претставува уште еден облик на трговијата со луѓе, кој заради својата бруталност и големите профите на криминалните групи не смее да биде заборавен. Транснационалните криминални структури знаат дека богатите не бираат начин да го продолжат својот живот и дека се спремни да платат големи суми на пари за трансплантација на за нив потребните човечки органи, па ја користат таа ситуација по пат на добро организирани криминални канали да ги транспортираат човечките органи до корисниците на кои им се потребни. Овој вид на организиран криминал ги крши сите морални норми во името на огромниот профит. Криминалните структури го следат легалниот и илегалниот пазар со човечки органи, имаат информации за лицата

на кои им се потребни органите, како и од каде да ги набават , ги организираат каналите за тие органи да ги транспортитаат до крајната дестинација.

Трговијата со човечки органи е понова криминална активност во која финансиската добивка е голема. Екстремно богатите плаќаат големи пари за да се подмладат, односно за живот со нови органи кои ги нема на легалниот пазар. Ваква трговија се развива во државите во кои се развиваат и приватните болници, а контролата од страна на државните институции е премала. Криминалните организации го финансираат создавањето на такви болници, а од друга страна по криминален пат ги добиваат потребните човечки органи. За набавка на потребните органи спремни се на убиство, а користат и измами врз мигрантите кои завршуваат како донатори на органи.[39]

Самиот "modus operandi" на трговија со човечки органи укажува на спрегата помеѓу криминалните групи, приватните болници и агенциите за посредување во трговијата со човечки органи. Се смета дека 13% до 15% од органите кои се пресадуваат во легалните центри за трансплатација потекнуваат од црниот пазар.[40]

На потребата од човечки органи укажува податокот дека за трансплатација на бубрег во САД чекаат 49.000 луѓе, додека пак во текот на 2000та година умреле повеќе од 2.500 американски граѓани бидејќи не добиле трансплатација.[41]

Криминалните групи и во иднина ќе настојуваат да профитираат од нелегалната трговија со човечки органи и ќе се обидуваат овој незаконски " бизнис " да го прошират со отварање на нови приватни болници со валкани пари. Меѓутоа, човечкото тело и неговите делови не смеат да бидат извор на заработувачка на организираниот криминал. Трговијата со човечки органи на брутален начин го загрозува животот и здравјето на луѓето, задира во човековите права , ги загрозува дигнитетот и интегритетот на луѓето. Криминалните структури кон жртвите од кои се вадат човечките органи се однесуваат како спрема предмети и затоа секоја држава треба да ги

---

[39] Добовшек Б.- *Место и перспективе криминалистичких наука и криминалистичке професије, Факултет криминалистичких наука*, Сараево, 2001, стр. 53

[40] Бојаниќ Н. – *Трговина људским органима као облик организованог криминалитета*, Факултет криминалистичких наука, Сараево, 2003, стр. 303

[41] http://www.vachss.com/help-text/archive/blackmarket.html

искористи сите свои капацитети во борбата против овој вид на недозволена трговија.

### 1.6. Начин на контрола врз жртвите

Криминалните групи кои се занимаваат со овој облик на организиран криминал, за да можат ефикасно да ги експлоатираат жртвите и на тој начин да заработат големи суми на пари, прават се жртвите да работат во нивен интерес, да не даваат отпор и да не се обидуваат да побегнат. Тоа значи дека криминалните структури прават се со цел да обезбедат постојана контрола врз жртвите на трговија со луѓе. За контрола врз жртвите во фазата на експлоатација се користат бројни механизми кои се применуваат независно едни од други или во содејство.

Најчесто применуван механизам за контрола е обврзување на жртвата заради задолженост. Најголем дел од жртвите се социјално ранливи и немаат средства за да си го платат превозот и да ги обезбедат потребните документи за престој во одредената дестинација. Тој факт го користат криминалците , па им позајмуваат пари кои подоцна жртвите треба да ги вратат. На тој износ се додаваат нереални , против законски екстремно високи камати, како и трошоци за сместување, исхрана и евентуално огласување, ако жртвата е врбувана преку оглас. Оваа сума жртвите не можат да ја вратат, па се принудени да ја отплатат со тоа што ќе работат во интерес на криминалните структури, а природата на дејноста ја определуваат криминалците. Во ваква ситуација можат да се најдат и жртвите кои се грабнати или киднапирани па потоа продадени на друга криминална група. Иако немале желба да отпатуваат, тие мора да работат за трговците со луѓе за да ги отплатат парите кои криминалците ги платиле на нивните грабнувачи. Дел од мигрантите кои илегално ги минуваат државните граници на ваков начин паѓаат во рацете на организираниот криминал и стануваат жртви на трговија со луѓе.

Криминалните групи ги држат во изолација жртвите на начин што веднаш по пристигнувањето во земјата дестинација, им ги одземаат патните и идентификационите исправи, со што ги лишуваат од нивниот идентитет и ги

оневозможуваат да побегнат во друга земја, на друга адреса или да побараат помош. Со оглед на тоа што жртвите имаат илегален статус во земјата на нивното престојувалиште, а полицијата ја доживуваат најчесто како репресивен апарат, а не како сервис на граѓаните, се плашат да побараат помош и избегнуваат контактот со државните институции. Така дополнително си ја влошуваат состојбата, веруваат дека се во безизлезна ситуација и дека треба да и се препуштат на судбината.

Трговците со луѓе ги користат сите форми на насилство врз жртвите, како ефикасно средство за контрола. Тие ги тепаат жртвите, ги силуваат, ги лишуваат од храна и вода и на тој начин ги прават послушни и ги спречуваат да побегнат. Во многу случаи, криминалците им се закануваат на жртвите со реперкусии по нивните семејства и нивните најблиски, доколку се обидат да побегнат или не се дисциплинирани. Не ретко, жртвите се уценувани дека нивните семејства ќе дознаат за нивните активностите во земјата на нивното престојувалиште. Срамот кој жртвата го чувствува е ефикасен механизам на контрола, уцената обезбедува потполна нејзина послушност. Криминалците исто така ги дрогираат жртвите за да ја оневозможат нивната свесност и правилното расудување. На овој начин криминалните структури остваруваат примарна контрола врз жртвите. Тие живеат во постојан страв од криминалците, послушни се и се повинуваат на желбите на своите мачители без никаков поговор.

Сите овие механизми на контрола, организираниот криминал ги користи за да го скрши духот на жртвата и да може непречено да ја експлоатира. Нивната примарна цел е да остварат секундарна контрола врз жртвите на трговија со луѓе, истите да станат пасивни, со нарушено самопочитување, без дигнитет и интегритет.

Неспорно, откако криминалните структури ќе остварат целосна контрола врз жртвите на трговија со луѓе, можат истите да ги експлоатираат на најразлични начини и на нивната несреќа да заработуваат голими суми на пари. При тоа криминалните структури ги кршат сите човекови права на жртвите, слободата на движење, газат врз човечкиот дигнитет и интегритет.

## 2.Криминални групи кои се занимаваат со организиран криминал

### 2.1. Видови на криминални групи

" Криминалните групи кои се занимаваат со организиран криминал се најчесто меѓународни и стануваат се повеќе хетерогени, динамични и организирани. Нивоата на специјализираност на активностите на овие криминални групи е на високо рамниште, притоа користејќи легални бизнис структури во своите криминални активности, за прикривање на криминалните приходи или профити. "[42]

Криминалните групи имаат способност да навлезат во целокупниот општествен живот, институциите на државата, да влијаат на стопанството и легалните бизнис текови. Во последно време криминалните групи со успех користат ефикасни мерки на самозаштита, применувајќи активности својствени на државните институции кои го спроведуваат законот.

Според ЕВРОПОЛ, организираниот криминал го препознаваме преку четири видови на криминални групи[43]:

*-Домицилни ( домашни ) - територијално поставени криминални групи.*

Овие криминални групи, иако се поставени по територијален принцип и се со домицилно потекло, тие имаат екстензивни меѓународни активности, исклучително се добро организирани и поседуваат способности за заштита на своите шефови и приходите од криминални активности.

*-Етничко - хомогени криминални групи*

Овие криминални групи се карактеризираат со голема отпорност, многу често нивните членови се крвно поврзании, претежно дејствуваат во оние земји во кои се наоѓаат нивните шефови, како и приходите од криминалните активности.

---

[42] Митиќ К. - *Меѓународна полициска соработка во спречувањена организиран криминал*, Скопје, 2009, стр.54

[43] ЕВРОПОЛ – *Проценка на Европската Унија за заканите од организираниот криминал*, Хаг, 2006, стр. 40

*-Криминални групи со динамична мрежа на извршители*

Овие криминални групи се одликуваат со голема специјалност на извршителите на криминалните активности, имаат коректна комуникациска мрежа и добри финансии, но нивната организациска структура е помалку отпорна од нападите на државните институции.

*-Криминални групи организирани на строго дефинирани организациски принципи.*

Овие криминални групи имаат силна организациска структура, строго дефинирани носители на активностите, не содржат етничка компонента и се со интернационална димензија, па затоа се исклучително јаки и опасни.

Без разлика како се организирани, криминалните групи имаат јасно изразена хиерархиска поставеност, немаат политички ниту етнички предрасуди и соработуваат помеѓу себе, кршејќи ги законите во остварување на нелегални профити.

## 2.2. Индикатори на криминалните групи

Истражувањата на Европската полиција - ЕВРОПОЛ, покажаа дека клучни фактори кои ги детерминираат криминалните групи на организираниот криминал се[44]:

*-Интернационална димензија*
*-Структура на групата*
*-Користење на структурите на легалниот бизнис*
*-Специјализација*
*-Влијание и корупција*
*-Употреба на насилство*
*-Мерки на самозаштита*

[44] EUROPOL – OCTA ( EU Organised Crime Threat Assessment ), Hag, June 2007, page 8 - 16

*-Интернационална димензија*

Интернационалната димензија ја препознаваме особено кај криминалните групи кои се занимаваат со трговија со луѓе, бидејќи го користат своето присуство во земјите на потекло, транзит и крајна дестинација на жртвите и нивните операции се меѓународни. Специфично за интернационалната димензија е што странски криминални групи раководат со организираните форми на криминал и при тоа соработуваат со етаблираните домашни криминални групи, па затоа имаат високо ниво на закана по националната безбедност.

*Структура на групата*

Криминалните групи најчесто се организирани по хомогени хиерархиски линии, иако голем дел од нив имаат лабилна структура на релативно независни членови обединети околу еден или повеќе истакнати криминалци. Значи криминалните групи можат да имаат различна структура во зависност од комплексноста и опсегот на криминалните активности и конкретните профити.

Меѓутоа постојат и криминални групи кои имаат цврста хиерархиска структура. Ваквите криминални групи се одликуваат со силна меѓународна димензија, цврста позиција на водачот и јасна поделба на задачите и одговорностите на секој нејзин член. Системот на казнувања и санкции кои ја следат секоја неуспешна активност на криминалната група, предизвикува чувство на респект, а спротивно на тоа, позитивните стимулации се користат да обезбедат лојалност на групата. Вака организираните криминални групи се затворени, а тоа уште повеќе го усложнува превземањето на суштински мерки против нив од страна на институциите на државата. Заради доследната хиерархиска структура, овие криминални групи претставуваат сериозна општествена закана.

*Корстење на структурите на легалниот бизнис*

Организираниот криминал не оперира само во криминалното подземје, туку масовно ги користи легалните бизниси за добивање на подршка и олеснување на неговите нелегални активности. Криминалните групи користат различни начини и методи за контрола и влијание врз легалниот бизнис на повеќе нивоа. Криминалците можат сами да основаат правни субјекти и да ги

водат бизнисите заради перење пари и давање на легално покритие на нивните нелегални активности. Меѓутоа, тие можат и да ги користат легалните бизнис структури, договарајќи се или правејќи разни форми на притисок врз раководните лица на познати и високо профитни фирми.

*Специјализација*

Заради унапредување на активностите, зголемување на професионализмот и намалување на шансите за откривање и прогон од страна на државните институции, организираните криминални групи се стремат да ги специјализираат своите членови за секоја нивна активност. Криминалните групи секогаш имаат потреба од лица кои поседуваат знаења и вештини од обласна на хемијата, сметководството, финансиите, информатиката, меѓутоа и од лица кои се спремни да извршат убиство, наплати или изнуди, како и од професионални возачи, адвокати или специјалисти за перење пари. Овие лица кои се специјалисти во одредена област, а своите услуги на криминалните групи може да ги даваат еднократно, периодично или во континуитет.

*Влијание и корупција*

Влијанието и корупцијата може да се дефинираат како злоупотреба на доверената моќ од страна на државата на поединци за приватни цели. Криминалните групи го користат своето влијание врз поедини носители на јавни функции, а ја користат и својата финансиска моќ за да корумпираат лица од политиката и безбедносниот сектор со цел да се стекнат со можност за нивните нелегални активности кои носат голема финансиска добивка и да ги намалат ризиците од откривање и кривичен прогон. Влијанието и корупцијата овозможуваат финансиски или нематеријален бенифит на двете страни.

*Употреба на насилство*

Организираните криминални групи вршат насилство од најразлични причини. Насилството може да се усвои како офанзивна или дефанзивна тактика, може да биде планирано или да се базира на импулсивна реакција, да се лимитира на одреден степен или да доведе до екстремност со смртни последици, да биде манифестирано или прикриено. Исто така, мора да се прави разлика

помеѓу насилството внатре во групата, насилство помеѓу различни криминални групи и насилство насочено кон лица кои не му припаѓаат на криминалниот свет.

Употребата на насилство во групата е со цел да се одржи нејзината дисциплина и кохезија.

Кога две или повеќе криминални групи употребуваат насилство, тоа е во функција на нивно преживување и остварување на превласт на одредена територија или во некоја криминална активност. Ова е контрапродуктивно за криминалните групи, затоа што ги одвраќа групите од нивните главни бизнис интереси, може да резултира со убиства, но и го привлекува вниманието на институциите за спроведување на законот.

Употребата на насилство насочено кон лица и фирми кои не се од криминалниот свет најчесто е присутно кај криминалните групи кои тргуваат со луѓе, но и кај други форми на организиран криминал како, изнуди, грабнувања, кражби.

*Мерки на самозаштита*

Криминалните групи превземаат низа на мерки за самозаштита со цел да не ги откријат своите криминални активности или сопствените членови, како и за да се заштитат од кривичниот прогон кој го превземаат државните институции, надлежни за спроведувње на законот.

Според тоа, можеме да зклучиме дека организираните криминалните групи претставуваат сериозна закана по националната и индивидуланата безбедност. Со оглед дека истите поседуваат финансиска моќ, постојано прават обиди да се вклучат во легалните бизнис текови и во политичкиот живот на државите. Од тие причини безбедносните структури во наредниот период треба да ги насочат своите капацитети во сузбивање на ваквите криминални групи и организираниот криминал во целина. Ова особено важи за последните две децении, кога стравот од конвенционална војна не постои и кога главен ризик по националната безбедност претставува организираниот криминал.

### 2.3. Организациска структура на криминални групи специјализирани за трговија со луѓе

Криминалните групи кои се занимаваат со трговија со луѓе имаат организациска структура со одредени специфичности. Најчесто, овие криминални групи во својот состав ги имаат следниве елементи во организациската поставеност:[45]

*Управен огранок*

Овој огранок претставува глава на криминалната група и го организира целиот процес на трговијата со луѓе. Врши планирање, финансирање и контрола на целата операција и осигурува профитабилност на криминалната група. Многу често членовите на овај огранок се вклучени во легалните бизнис текови, а во негова надлежност е да врши влијание или да корумпира политичари или припадници на институциите за борба против организираниот криминал.

*Огранок за регрутирање*

Членовите на овој огранок имаат задача да регрутираат жртви на трговијата со луѓе, во директни контакти со истите, или преку огласи во весници, со користење на интернет, или со посредство на агенции.

*Огранок за транспорт*

Овој огранок е задолжен за втората фаза од трговијата со луѓе, односно негова цел е да ги транспортира жртвите по копно, вода или воздух до саканата дестинација.

*Огранок за логистика*

Припадниците на огранокот за логистика се задолжени за сместување на жртвите, нивната исхрана и облека, обезбедување на фалсификувани лични документи, меѓутоа и да оневозможат секаков контакт на жртвата со останатите делови на општеството, особено во нејзиното слободно време.

---

[45] Врз основа на лично искуство како инспектор по организиран цриминал во Прилеп, период 1998 - 2002 година

*Огранок за експлоатација*

Огранокот за експлоатација е задолжен за ефикасно искористување на жртвите и остварување на што е можно поголем профит од нејзиното експлоатирање. Доколку се работи за жртви кои се сексуално експлоатирани, припадниците на овој огранок се најчесто макроа кои физички и психички ги тероризираат жртвите. Ако се работи за експлоатирање на жртвите преку присилна работа, членовите на овој огранок се должни да им обезбедат работа на жртвите, како и да го соберат профитот од нивната експлоатација. Кога пак станува збор за трговија со органи или со бебиња, овој огранок обезбедува набавка и пласман на органите или бебињата, а огранокот за транспорт ги пренесува до саканата дестинација.

Организациската структура е променлива и варира од една до друга криминална група, исто како и бројот на членовите на групата и на секој нејзин огранок. Ограноците во рамките на криминалната структура која се занимава со трговија со луѓе тесно соработуваат помеѓу себе, а нивните активности ги контролира управниот огранок. Од причина што овие криминалните структури претставуваат опасност во светски рамки, државите мора да соработуваат помеѓу себе во градење на заедничка стратегија и споделување на разузнавачки информации во функција на спротивставување на криминалните структури кои се занимаваат со трговија со луѓе.

## III ГЛАВА

### 1.Основи на разузнавање

#### 1.1.Дефинирање на поимот разузнавање и разузнавчки служби

Денес, во научната и стручната литература можат да се сретнат различни сваѓања и размислувања за тоа што претставува поимот разузнавање, што се тоа разузнавачки служби, колку се тие тајни, каква дејност извршуваат, какво и колкаво треба да биде законското ограничување на нивните активности и многу други прашања поврзани со разузнавачката дејност.

Често пати за разузнавањето се зборува како за втора најстара професија во историјата, која сега е суштествен фактор на надворешната политика на државите во непосредна врска со нивната безбедност и одбрана.[46]

Тоа што една информација ја прави разузнавачка не зависи од содржината на информацијата, туку од начинот на кој таа информација е собрана. Разузнавачката информација треба да му помогне на примателот да ги детектира заканите, да стане свесен за потребата да превземе акција.

Според Батковски разузнавањето претставува организирана активност на општествена група, движење, партија и дел од државниот апарат ( државата ), насочена кон прибирање тајни податоци и информации од потенцијален или актуелен противник од воен, политички, економски и културен карактер, а со цел реализирање на сопствените витални интереси.[47]

Котовчевски пак смета дека на основното и ”безопасно ниво” разузнавањето наједноставно може да се дефинира како ” процесирана информација ”.[48]

[46] Phillip Knightley, *The Second Oldest Profession:Spies and Spying in the Twentieth Century*, W.W. Norton, New York, 1998 and Jeffrey Richelson, *A Century of Spies: Intelligence in the XX Century*, Oxford University Press, Oxford, 1995, page 8

[47] Батковски Т. – *Разузнавачка и безбедносно – контраразузнавачка тактика* , Јофи скен, Скопје, 2008, стр.17

[48] Котовчевски М. – *Основи на разузнавање*, Филозофски факултет, Скопје, 2013, стр.33

Друга дефиниција на Котовчевски е дека разузнавањето претставува производ кој резултира од прибирање (собирање), складирање, интегрирање, анализирање, обработка и интерпретација на расположивите информации што се однесуваат на други држави или региони.[49]

Ова значи дека разузнавањето е во функција на донесување одлуки од страна на политичките лидери или државните органи во насока на сузбивање на заканите по националната безбедност.

Разузнавачките информации се од витално значање во борбата против трговијата со луѓе, бидејќи без добра поставеност на теренот, без изградба на квалитетна разузнавачка мрежа и без правовремена и точна разузнавачка информација државните органи нема да бидат во можност да ги искористат сите свои капацитети во функција на сузбивање на криминалните групи кои се занимаваат со овој облик на криминал.

Разузнавачките информации ги собираат безбедносно разузнавачките служби со користење на повеќе методи, од различни извори , кои можат да бидат тајни и доверливи, меѓутоа и јавни и лесно достапни. Разузнавачките служби, исто така претставуваат предмет на дефинирање на истакнати автори од научната и стручната јавност.

Разузнавачката служба претставува значајна државна специјализирана организација која врши собирање, анализа и процена на разузнавачките податоци и информации за другите држави, за нивните воени и економски потенцијали, за политичката состојба, за следење на намерите на други држави, за научните откритија, за посредување помеѓу државите ( и тајната дипломатија ) и други податоци од витален интерес за успешно функционирање на државата,[50]смета Котовчевски.

Според Батковски разузнавачката служба претставува специјализиран дел од државната управа што прибира, класифицира, анализира, проценува и презентира пред државниот врв податоци, оценки и предлози од политички, воен, културен и друг карактер, во врска со виталните државни интереси и цели, се ангажира на извршување други задачи добиени од државниот врв, а се

---

[49] Котовчевски М. – *Македонско – англиски речник на разузнавачка терминологија*, Бомат графикс, Скопје, 2009 , стр 128

[50] Котовчевски М. – *Современи разузнавачки служби*, Македонска цивилизација, Скопје, 2002, стр. 41

однесуваат на остварување сратешки национални интереси и ги заштитува сопствените интереси од противникот.[51]

"Разузнавачката служба е специјализирана, релативно самостојна институција на државниот апарат, овластена со легални, но и со тајни средства и методи да собира за својата Влада значајни разузнавачки податоци и за другите држави (партии или движења) и можните внатрешни противници на сопствената држава, потребни за водење на политиката на својата земја и превземање на други постапки во мир и војна и со сопствената активност, самостојно или во соработка со другите државни органи спроведува дел од државните и политичките цели на земјата,"[52] според Стајиќ и Гиљановиќ

Разузнавачките служби се одликуваат со професионалност, објективност и тајност во работењето и применуваат најсовршени техничко - технолошки решенија во извршувањето на својата дејност.

Безбедносно разузнавачките агенции собираат информации за делувањето и намерите на властите во други држави, меѓутоа и за асиметричните закани за безбедноста, како трговијата со луѓе, која претставува тежок облик на организиран криминал, заради јакнење на државните капацитети во борбата со овие криминални појави и превемање на низа законски превентивни и репресивни акции од страна на институциите на државата, во насока на сузбивање на сите облици на организиран криминал.

"Непосредната врска меѓу разузнавањето и организираниот криминал, произлегува од суштината на поимот организиран криминал и од начинот и местото на извршување на разузнавачките активности ( прибирањето, обработката и интерпретирањето на податоците и информациите од странство кои се од значање за заштита на интересите на земјата )"[53]

Како и сите други органи на државна управа, разузнавачките служби се под контрола на избраните политичари, Влада, Претседател на држава и Парламент. Меѓутоа за да бидат ефикасни во својата работа, разузнавачките служби мора да бидат непристрасни, професионални и независни од било која политичка партија, без разлика дали таа е во опозиција или е дел од

---

[51] Батковски Т. - *Разузнавачка и безбедносно – коншраразузнавачка шакшика*, Јофи скен, Скопје, 2008, стр. 17
[52] Стајиќ Љ. и Гилановиќ Ч. – *Основе безбедносши*, Полициска академија, Београд, 1994, стр. 143
[53] Стаменковски А. – *Основи на разузнавањешо*, НИП Ѓурѓа, Скопје, 1999, стр.24

власта. Практично, улогата на политичарите треба да се однесува на следење на законитоста во работењето на разузнавачките служби, со цел тие да бидат во функција на националната безбедност и граѓаните, а не орудие на поединци или политички партии. Само доколку политичките лидери ги почитуваат овие принципи, ќе бидат во можност да донесат правилни одлуки, како во борбата против организираниот криминал, така и во водењето на надворешната политика и во зајакнување на безбедноста на сопствената држава.

## 1.2.Историска димензија на разузнавањето

Разузнавачката дејност е составен дел од вкупната човекова дејност и има исклучително значење за политичките лидери и државните органи. Денес, не постои нација во светот која нема воспоставено служба што ќе се занимава со собирање, анализа и употреба на разузнавачката информација преку превземање на конкретна акција за сузбивање на заканата со која државата се соочува. Разузнавањето не е дејност која настанала во поново време туку од многу одамна и нејзиното појавување се поврзува со појавувањето на тајната, посебно тајните од воен карактер.

Првата трага за разузнавачка дејност била пишана глинена плоча од 2000 години п.н.е., пронајдена покрај реката Еуфрат во денешна Сирија, на која постои запис ( шпионски извештај ) од некое лице по име Банум, кој го известил својот суверен за состојбата во противничката средина и му предложил што да превзема за одбрана од неочекуван напад.[54]

Разузнавачката активност била столб на која се потпирале сите држави и владетели, почнувајќи од најстари времиња па до денес. Има безброј пишани извори и преданија за разузнавачите на кралот Дариј, кралот Давид, разузнавачките активности на Спарта и Атина, понатаму, на кралот Луј Четиринаесетти и кралицата Елизабета. Со текот на времето се менувале методите и тактиките на разузнавачката активност, изворите и средствата за собирање на иформации и организацијата на разузнавачките служби.

[54] Батковски Т. – *Разузнавачка и безбедносно – контраразузнавачка тактика*, Јофи скен, Скопје, 2008, стр. 15

Тие во почетокот, генерално биле мали, слабо организирани и со мали буџети. Во почетокот на дваесеттиот век се појавиле вистински национални разузнавачки служби на Европските држави, додека САД имаа доста активни и ефективни воено разузнавачки служби, меѓутоа немаа постојана цивилна разузнавачка служба со глобални интереси, се до 1947 година.

Во Првата светска војна огромна беше улогата на разузнавањето, а најголем подем доживеаа Британските разузнавачки служби. " Најбрилијантната од сите Британски разузнавачки служби, морнаричката разузнавачка служба на адмиралот Хал, одигра пресудна улога за приклучувањето на САД на страната на сојузниците. Имено, таа улога успеа да фати и дешифрира една посебна компромитирачка германска порака, телеграмата Цимерман."[55]

Експанзија, разузнавачките служби доживеаа во текот на Втората светска војна. Има голем број на примери на скоро совршени разузнавачки активности на службите на сојузниците, особено на Британските разузнавачки служби и службите на Русија, иако заради режимот на Сталин и неговата скептичност кон вистинитоста на разузнавачките информации, истите не беа искористени.

Иако, од 1945 година па наваму немаше војна од светски размери, разузнавачките активности не само што не запреа, туку се проширија на полето на економијата и технологијата. Практично, после Втората светска војна заврши процесот на формирање на разузнавачките служби во моќен дел од државниот апарат со разгранета стуктура.

Денес, рамката на организациона поставеност на службите во секоја држава е слична, но службите на секоја држава се разликуваат едни од други. Разликите најмногу се однесуваат на големината на разузнавачката служба, делокругот на работа и по степенот на јавна одговорност, односно природата на надзорните структури.

Во секој случај, денес, разузнавачките служби претставуваат моќни организации, без чиј разузнавчки продукт, на политичките лидери им е многу тешко да донесат одлуки не само на воен план, туку во секоја сфера од општественото живеење.

---

[55] Котовчевски М. – *Основи на разузнавање*, Филозовски факултет, Скопје, 2013, стр. 20

## 1.3.Категоризација на разузнавачко безбедносните служби

Разузнавачките активности претставуваат специјални тајни активност кои ги превземаат разузнавачките служби на една држава со цел да го попречат политичкиот и економскиот развој на друга држава, или да ги попречат влијанијата на странските разузнавачки служби, или пак да се здобијата со информации за безбедносните закани како трговијата со луѓе, за да можат навремено и ефикасно да превземат активности за нејзино сузбивање. Креирањето на разузнавачки информации е различно структуирано во секоја држава, меѓутоа сите држави имаат повеќе безбедносно разузнавачки служби, кои ги поддржуваат оние кои ги носат одлуките со соодветни разузнавачки информации. Заради тоа безбедносно разузнаважкитеслужби, генерално можеме да ги категоризираме како разузнавачки или надворешни, контраразузнавачки или внатрешни, криминалистички и воено разузнавачки.

*Разузнавачки или надворешни служби*

Овие служби се фокусираат на настаните надвор од границите на државата што ја поддржуваат. Тие собираат информации за политичките лидери на противничките земји, за однесувањето на другите држави и нивните намери, меѓутоа се почесто и за технолошкиот и економскиот развој на земјите конкуренти или непријатели. Разузнавачките служби користат разни форми и методи на делување и тоа од легални и засновани на правото, па се до нелегални и субверзивни, како што се терористички акции, диверзантски дејства, саботажи, насилни преврати во странски држави, употреба на специјални единици и друго. Меѓутоа, генерално, дејствувањето на разузнавачките служби е во однос на надворешната политика и го поддржуваат донесувањето на одлуки на политичките лидери, а помалку на воспоставување на оперативно тактички дејствија за собирање на информации за состојбите во државата на која и припаѓаат.

*Контраразузнавачки безбедносни служби*

"За поцелосно и посодржинско елаборирање на суштината и содржината на работата ( делувањето ) на контраразузнавачките служби, неопходно е тие да

се дефинираат како специјализирани организации на државата (политички движења, сецесионистички и други организации) со кои се открива или се оневозможува дејствувањето на странските разузнавачки служби ( посебно на противникот - противниците ) и се организира заштита на сопстваните тајни и системи, како и дезинформација на противникот."[56]

Значи дека основна цел на овие служби е да ги идентификуваат странските разузнавачки служби и да го оневозможат нивното делување, како и да ги дезинформираат противниците односно непријателите. Меѓутоа скоро сите современи контраразузнавачки безбедносни служби имаат за цел и да ги идентификуваат тешките облици на организиран криминал, бидејќи овие облици на загрозување ги поткопуваат економските и политичките темели на секое демократско општество.

*Криминалистичко разузнавачки служби*

Криминалистичките служби најчесто се дел од структурите на полицијата на една држава. Тие служби се ангажирани во борба против организираниот криминал и во најголем дел од нивната способност оперативно да се постават на теренот и да изградат цврста оперативна мрежа со квалитетни извори на информации зависи колку државата ќе биде успешна во превенирање и сузбивање на организираниот криминал. За разлика од униформираниот дел на полицијата, работниците на криминалистичка полиција се цивилни работници - агенти со посебни должности и овластувања. Како тешкотија во работњето на криминалистичото разузнавање е тоа што не е доволно да се обезбедат само квалитетни и навремени разузнавачки информации, туку истите треба да резултираат со документирање на кривично правните настани, односно да обезбедат докази за водење на кривични постапки пред надлежните органи. Ова значи, дека квалитетот на разузнавачките информации на овие служби не е предмет на оценување само на полициските авторитети и политичите лидери, туку и на судската власт.

Криминалистичко разузнавачките служби користат повеќе начини за собирање на разузнавачки информации, како што се физичкото набљудување,

---

[56] Котовчевски М. – *Современи разузнавачки служби*, Македонска цивилизација, Скопје, 2002, стр. 65

пресретнување на комуникациите на криминалците со помош на техниката, ангажирање на соработници од редовите на криминалците, уфрлање на разузнавачи во криминалните структури. Криминалистичките служби градат стратегија за спротивставување на организираниот криминал како асиметрична закана и превземаат конкретни оперативно тактички акции против криминалните структури кои се занимаваат со организиран криминал. За да бидат ефикасни во својата работи службите од криминалистичкото разузнавање соработуваат со останатите разузнавачки служби во својата држава, како и со сродните служби од светот.

*Воено - разузнавачки служби*

Воено разузнавачките служби превземаат низа мерки и активности за детектирање на разузнавачка и субверзивна дејност на странските разузнавачки служби на територијата на својата земја и надвор од неа. Военото разузнавање исто така собира и врши проценка на разузнавачки информации за актуелните и потенцијалните активности на странските вооружени сили, меѓутоа имаат обврска и да ги заштитат тајните на сопствената Армија. Овие служби се во рамките на Армијата на државата или пак функционираат како издвоен дел на Министерството за одбрана.

Ако имаме во предвид дека во денешно време државите се соочуваат со широк спектар на закани, тогаш основна задача на разузнавачките служби е да собираат разузнавачки информации во функција на зачувување на националната безбедност и елиминирање на сите закани по државата и нејзините граѓани.

## 1.4.Процес на разузнавање

Разузнавачкиот циклус или процесот на разузнавање секогаш започнува со прашања кои се однесуваат на националната безбедност, разните видови на закани, изворите на загрозување, прашања од областа на надворешната политика и други прашања кои се однесуваат на глобални, регионални или поединечни активности. Овие прашања ги поставуваат политичките лидери,

воените и полициските авторитети до безбедносните служби, кои треба да ги издвојат приоритетите и да донесат одлука за собирање на потребните разузнавачки информации. Бараните информации може да се однесуваат на асиметричните закани по безбедноста, како што е организираниот криминал, но и на оружјата за масовно уништување, странските интереси, намерите на политичките лидери на трети земји, или пак за некои други активности интересни за земјата.

После фазата на дефинирање на приоритетите следува фазата на собирање на информации. Разузнавачките служби во оваа фаза прибираат податоци, односно сирови, необработени информации од различни извори. Најчест начин на собирање на податоците е преку агентурното разузнавање, односно собирање на информации од страна на агентите на безбедносно разузнавачките служби по предходно воспоставена оперативно тактичка мрежа, преку врбување на соработници на службите. Освен агентурниот начин на собирање на податоци постојат и други начини, како што е собирање на податоци преку технички средства и собирање на податоци од отворени извори.

Следната фаза е селекција и средување на собраните податоци во форма која аналитичарите можат да ја користат при анализата. Во оваа фаза експертите на разузнавачките служби прават оценка на веродостојноста на изворот на сировиот податок и точноста на содржината на истиот. После оценувањето на податоците се врши нивно стручно толкување, при што се одвојуваат фактите од интерес на разузнавачката служба.

Во наредната фаза средените податоци се обработуваат, односно се анализираат во аналитичките центри на безбедносно разузнавачките служби со примена на различни аналитички методи. Со анализирање сировиот податок добива форма на финална разузнавачка информација. Разузнавачкиот процес завршува со изготвување на разузнавачките документи, или така наречени разузнавачки производи кои се доставуваат до корисниците, оние кои во првата фаза ги поставиле прашањата. Ова значи дека разузнавачкиот процес тече непрекинато, односно после доставување на одговорот до корисниците можат да бидат поставени други прашања на кои следуваат нови одговори, па со заокружување на еден разузнавачки процес започнува друг, се до добивање на

посакуваниот резултат. Авторитетите кои ги носат одлуките на сите нивоа, потребно е да имаат точни, навремени и комплетни информации. Ова е особено важно при превенирање и сузбивање на трговијата со луѓе. Без да имаат квалитетни разузнавачки информации, државните органи нема да бидат во можност да ги искористат сите свои капацитети и да ги превземат потребните акции или операции во искоренување на трговијата со луѓе, како еден од најтешките облици на организирн криминал.

## 1.5.Дисциплини за прибирање на разузнавачки информации

Секој различен метод на прибирање на разузнавачки информации се нарекува разузнавачка дисциплина. Во основа постојат два типа на разузнавање и тоа, човечко и техничко разузнавање.

Човечкото разузнавање е многу стара дисциплина, често користена, бидејќи секогаш кога племињата, клановите, империите и нациите се бореле едни против други користеле шпиони. Методите на шпионите се менувале низ вековите, но целта секогаш била иста, да се добие предност над противникот преку дознавање на неговите тајни, најчесто преку прикриено набљудување, или преку пресретнување на пораките што ги носеле куририте. Овај тип на активности секогаш барал луѓе кои го познаваат јазикот и културата на земјата во која дејствуваат, како и да имаат способност да живеат двоен живот. Во денешно време разузнавачите оперираат сосема различно од начинот на кој се опишани во литературата и кинематографијата. Тие се најчесто работници на националната дипломатска мрежа и работат во дипломатските претставништва во целните држави. Нивната задача се состои во врбување и регрутирање на локални луѓе кои имаат пристап до тајни информации, но и мотив тие информации да ги разоткријат од најразлични причини. Разузнавачите имаат обврска да развијат сигурни начини за размена на информациите, без да го компромитира лицето кое ги обезбедува.

Пред почетокот на Втората светска војна, терминот техничко разузнавање се однесувал на прибирањето на информации поврзани со непријателските оружани системи, а денес се користи за опишување на сите

разузнавачки информации собрани со помош на техниката. Техничкото разузнавање се развило како резултат на научниот напредок во жичните и безжичните електронски комуникации и изумувањето на авионот. Кон крајот на 1830 година државите започнале да комуницираат со нивните дипломатски и воени претставници во странство преку телеграфски жици, а тоа им овозможувало на другите држави да ја пресретнат комуникацијата. На почетокот на дваесеттиот век, со развојот на безжичните комуникации, државите биле во можност да испраќаат пораки до своите претставници во странство преку воздух, со што уште повеќе се олеснило пресретнувањето на електронските сигнали кои се праќале во етерот, бидејќи разузнавачките служби брзо научиле како да ги пресретнуваат тие трансмисии и да ги декодираат или дешифрираат. Развојот на техничкото разузнавање станал уште поголем со изумувањето на авионите, кои се користеле за воено разузнавање, пред да се користат како воени оружја. Развојот на фотографијата отворил можност од воздух да се слика разместеноста на трупите. Така се појавило фоторазузнавањето, а до крајот на дваесеттиот век големите светски сили редовно вршеле набљудување со помош на авиони, сателити и безпилотни летала. Останати дисциплини на техничко разузнавање се : сигнално разузнавање, видео разузнавање, комуникациско, телеметриско, елетронско, радарско разузнавање и други.

Како посебна дисциплина на собирање на податоци, потребно е да се спомене разузнавањето од посебни извори, или ОСИНТ разузнавањето. " Во овај контекс, ОСИНТ претставува посебен аналитички процес што интегрира врвна човечка експертиза. Тоа во суштина подразбира симбиоза, односно интеграција на човечко - техничкиот процес со цел правовремено да се произведе определен квантум на разузнавачки податоци неопходни за поддршка и донесување на витални специфични одлуки ".[57]

Карактеристично за оваа разузнавачка дисциплина е тоа што информациите се добиваат од извори достапни за јавноста, особено од пишаните и електронските медиуми.

Врз основа на ова, можеме да заклучиме дека основна цел на разузнавачките служби е да собираат, систематизираат, обработуваат и

---

[57] Котовчевски М. – *Основи на разузнавање*, Филозовски факултет, Скопје, 2013, стр. 78

анализираат разузнавачки информации во насока на елиминирање на заканите по националната безбедност, бидејќи како дел од безбедносниот систем тие придонесуваат за успешно функционирање на државата како на внатрешен, така и на надворешен план.

# IV ГЛАВА

## 1.Разузнавачките информации во функција на сузбивање на трговија со луѓе

### 1.1.Разузнавачките информации - основа за ефикасна борба против трговијата со луѓе

Собирањето на разузнавачки информации е клучен предуслов за успешна борба против трговијата со луѓе. Без континуирани разузнавачки информации невозможно е да се направи правилна проценка за криминалните групи кои се занимаваат со трговија со луѓе, ниту пак да се изгради правилна стратегија за борба против овај феномен. Тоа значи дека за да се стави во функција целокупниот безбедносен сектор во борба против трговијата со луѓе потребно е разузнавачките служби постојано и навремено да прибираат информации со примена на сите техники и методи кои им стојат на располагање. Ефектно собраните разузнавачки информации имаат централно значење во спознавањето на појавата трговија со луѓе, криминалните структури кои се занимаваат со оваа појава, нивните човечки и материјални ресурси, правците на движење на жртвите, нивниот социјален статус, начините на кој ги преминуваат државните граници, видовите на експлоатација на жртвите, се со цел да се одреди правилна дијагноза на оваа закана и да се превземат вистинските чекори во сузбивање на истата.

Борбата против трговија со луѓе треба да биде една од основните задачи на разузнавачките служби и истите треба да прават прават постојана разузнавачка проценка за состојбите кои се однесуваат на оваа безбедносна закана. Во тој случај разузнавачките служби ќе бидат во можност да осмислат правилна стратегија за борба против трговијата со луѓе и да ги искористат сите свои капацитети во насока на добивање на сеопфатни, точни и навремени информации кои се однесуваат на оваа појава. Ако се има предвид дека борбата против трговијата со луѓе не е ексклузивно право на било

која разузнавачка служба одделно, туку обврска на разузнавачко безбедносната заедница во целина, неопходно се наметнува потребата од размена на готовиот разузнавачки продукт помеѓу разузнавачките служби во една држава. Размената пак на разузнавачките информации со сродните служби од регионов, Европа и светот ќе овозможи наднационална борба против овај феномен, што ќе гарантира ефикасност во сузбивањето на истиот.

## 1.2.Улогата на разузнавањето во борбата против трговијата со луѓе

Денес, во современото безбедносно опкружување, спротивставувањето на трговијата со луѓе како дел од организираниот криминал кој што претставува асиметрична закана по националната безбедност, треба да претставува врвен приоритет на разузнавачките служби. Меѓународното безбедносно опкружување сега е сложено и несигурно, но ги покажува сите знаци дека ќе стане уште потешко опкружување во иднина.[58] Криминалците кои се занимаваат со појавата трговија со луѓе имаат цврста хиерархиска структура, доволно финансиска моќ, како и врски со политичките, полициските и бизнис круговите. Тие ја користат неповолната социјална положба на жртвите на трговија со луѓе, трендовите на глобализација, миграциите од воените жаришта на Блискиот и Далечниот Исток и исклучиво се консперативни во извршувањето на криминалните дејствија. Колку подобро ќе се разбере оваа појава, штетните последиции кои ги предизвикува како по националната безбедност, така и по интегритетот на жртвите, толку побрзо и поефикасно разузнавачко безбедносните структури ќе изградат стратегија за спротивставување на овој феномен. Заради тоа разузнавачко безбедносните служби мора да станат пофлексибилни, постојано да изнаоѓаат нови начини за собирање на разузнавачки информации поврзани со овој феномен, адаптирајќи го своето дејствување на методите на извршителите на кривичните дела од областа на трговија со луѓе. Собирањето, обработката, анализата на разузнавачките информации треба да обезбедата оптимално и ефикасно и спротивставување на овој феномен, сузбивање на криминалните структури и спасување на

---

[58] Квигин Т. - *Да се види невидливото*, Магор, Скопје, 2009, стр. 14

жртвите од рацете на овие безмилосни криминалци. При тоа, сите дејствија на разузнавањето треба да бидат тајни и конспеpативни, имајќи ја предвид можноста криминалците да се имаат инфилтрирано безбедносните служби или да соработуваат со полициски или политички авторитети. Неточните, нецелосните и непрецизните разузнавачки информации даваат за последица превземање на неефикасна или ненавремена акција на безбедносните служби и разоткривање и компромитирање пред криминалните структури, со што им се остава можност да се преструктуираат и да изнајдат нови начини и методи во реализирање на нивните активности. Затоа разузнавањето мора да пронајде начин за континуирано следење на сите активности на криминалците и собирање на навремени и точни разузнавачки информации во функција на сузбивање на оваа појава. Од голема важност е навременото пренесување на разузнавачките информации до аналитичките центри, како и квалитетна експертска анализа во фазата на обработка на податоците. Тоа ќе овозможи изготвување на квалитетна стратегија и превземање на ефикасни тактички операции против трговијата со луѓе, односно искористување на сите капацитети на државата во насока на спротивставување на оваа појава.

### 1.3.Детектирање на појавата трговија со луѓе

Државите во денешни услови неопходно мора да изградат механизми за детактирање на трговијата со луѓе како облик на организиран криминал, кој претставува асиметрична закана, за да бидат во можност да ги унапредат капацитетите за спротивставување на оваа појава. Како и сите облици на организиран криминал, така и трговијата со луѓе има специфични обележја, па разузнавачките служби мора да располагаат со доволно стручен агентурен кадар кој ќе знае да ги искористи ресурсите на разузнавачките агенции за да собере квалитетни разузнавачки информации, квалитетен експертски тим за обработка и анализа на тие информации и создадениот разузнавачки продукт правовремено да го достави до носителите на одлуките заради градење на стратегија и носење на конкретни одлуки во насока на

сузбивање на трговијата со луѓе. Од причина што појавата трговија со луѓе различно се манифестира во земјите на потекло, транзит и експлоатација на жртвите, разузнавачките служби потребно е да имаат ресурси за да бидат во можност да ги искористат тие информации кои се однесуваат на криминалните структури кои се занимаваат со оваа појава. Денес, во услови на постоење на компјутерска и други видови на современа комуникациска технологија, разузнавачките служби мора да изградат капацитети за пресретнување на комуникацијата на криминалните структури кои се занимаваат со трговија со луѓе, меѓутоа и аналитички способности да ги дешифрираат цеде - ромовите и хардверите кои се пронајдени кај криминалните групи.[59] Ова значи дека разузнавањето освен традиционалните начини за собирање на информации, мора да биде инвентивно и постајано да пронајдува нови начини и да користи нови методи за детектирање на појавата трговија со луѓе. Време е разузнавачките служби да ги елиминираат сите слабости и грешки при детектирањето на трговијата со луѓе кои се случуваа во минатото и конечно одлучно, стручно и ефикасно да се спротивстават на овој феномен.

### 1.4.Разузнавачки и контраразузнавачки служби во функција на сузбивање на трговија со луѓе

Разузнавачките служби имаат централно место во собирањето, складирањето, анализата и интерпретацијата на информации во борбата против безбедносните закани како што е трговијата со луѓе. Разузнавачките служби треба да бидат секогаш активни во постојаното собирање на квалитетни, точни и навремени информации за носителите на криминалните активности, како и за жртвите на феноменот трговија со луѓе. Разузнавачите треба да бидат инвентивни и секогаш во тек со состојбите кои се однесуваат на безбедносната закана, бидејќи криминалците никогаш не спијат и постојано бараат нови начини да ги реализираат своите криминални активности. За да го оправдаат своето постоење разузнавачките служби треба да собираат

---

[59] Котовчевски М. – *Основи на разузнавање*, Филозовски факултет, Скопје, 2013, стр. 149

информации не само во насока на сузбивање на криминалните групи кои се бават со трговија со луѓе тука и за начините, можностите и методите за превенирање на оваа појава.

Освен обучени оперативци кои работат на терен, разузнавачките служби треба да имаат и способни аналитичари кои собраните информации кои се однесуваат на трговија со луѓе без оглед во каков облик се собрани, квалитетно треба да ги селектираат, анализираат и да подготват готов разузнавачки продукт, кој треба да претставува основ за целосно искористување на капацитетите на безбедносниот сектор во насока на превенирање на појавата трговија со луѓе и репресирање на криминалните групи кои се занимаваат со овој феномен. Заради ефикасно справување со трговијата со луѓе разузнавачките и контраразузнавачките служби постојано треба да ги разменуваат разузнавачките информации кои се однесуваат на оваа појава со останатите служби од разузнавачко безбедносната заедница, особено со службите кои го претставуваат криминалистичкото разузнавање.

### 1.4.1.Разузнавачки активности во земјите на потекло на жртвите

Трговијата со луѓе во земјите на потекло на жртвите има свои обележја, па активностите на разузнавачките служби можат да бидат најразлични во зависност од манифестирањето на оваа појава, особено ако се има во предвид дека понекогаш жртвите се експлоатираат во земјата во која се регрутирани, а некогаш експлоатацијата се врши во некоја соседна или пак далечна земја. Сепак, најчесто жртвите се регрутираат во земјите од Африка, Блискиот и Далечниот Исток, Источноевропските држави и земјите каде има воени конфликти и тешки социјални услови за живот, а се експлоатираат во развиените Западноевропски држави и Соединетите Американски Држави. Вообичаено, разузнавачките служби во овие земји треба да ги насочат своите активности во собирање на информации за криминалните групи кои се занимаваат со трговија со луѓе, нивната структура и хиерархиска поставеност, нивната финансиска моќ, поврзаноста со безбедносните служби и политиката, како и соработката со слични криминални групи во земјата и

странство. Разузнавачките информации треба да овозможат сознанија за начинот на кој криминалците ги регрутираат жртвите, односно дали нивниот " modus operandi "[60] е насилно регрутирање, односно киднапирање, регрутирање преку измама на жртвите на трговија со луѓе, или е искористен финансискиот долг што жртвите го имаат кај криминалците па се принудени да го исплатат преку ропски однос, или пак криминалните групи ги комбинираат сите начини за регрутирање на жртвите. Разузнавачките служби, исто така треба да соберат информации дали жртвите се експлоатираат во земјата во која се регрутирани или во странство. Доколку жртвите ги преминуваат државните граници, разузнавањето треба да осознае дали се користат вистинските патни исправи на жртвите или лажни, како и какви исправи користат криминалците. Доколку патните исправи се лажни, разузнавачките служби се должни да соберат информации за фалсификаторот на патните исправи, технологијата што ја користи, цената за која ги изработува и како е поврзан со криминалната група која тргува со луѓе. Ако пак жртвите се експлоатирани во земјата на нивна регрутација, тогаш агенциите треба да соберат разузнавачки информации за видот на експлоатација и начинот на контрола врз жртвите.

Ако се има предвид дека трговијата со луѓе е транснационална појава и дека криминалните структури кои се занимаваат со овој криминал се меѓународни, тогаш недвосмислено се наметнува потребата разузнавачките информации собрани во земјата на регрутација на жртвите да се споделат со разузнавачките служби од државите каде што жртвите транзитираат или се експлоатираат.

### 1.4.2.Разузнавачки активност во земјите на транзит на жртвите

Разузнавачките служби во земјите на транзит на жртвите на трговија со луѓе треба да собираат информации за начинот на кој жртвите ги преминуваат државните граници и транзитираат преку територијата на нивната држава, какви документи користат, каде се сместуваат и престојуваат

[60] "modus operandi" - начин на извршување на кривично дело по кој е препознатлива одредена криминална група

пред да ја напуштат државата и дали за време на транзитниот период се малтретирани и експлоатирани на било кој начин. Разузнавањето исто така треба да се здобие со информации дали криминалната група која што го врши транспортот на жртвите е огранок на криминалната структура која ги регрутирала жртвите, или пак се работи за две криминални групи кои тесно соработуваат помеѓу себе. За да можат да превземат било какви активности против криминалците, разузнавачките служби треба да осознаат каква е финансиската моќ на криминалната група и дали имаат соработка или пак корумпирале полициски структури кои им помагаат при транспортот, како што се сообраќајната и граничната полиција или царината. Не ретко се случува дел од жртвите да останат во транзитната држава и да не продолжат кон предходно планираната крајна дестинација, со што транзитната земја станува земја на експлоатација на жртвите на трговија со луѓе. Во тој случај разузнавачките служби треба да се инфилтрираат во криминалните структури и да ги соберат сите потребни информации поврзани со облиците и начините на експлоатација на жртвите. Потребата од размена на разузнавачки информации помеѓу разузнавачките служби од државата транзит со разузнавачките служби на земјите на регрутација и експлоатација на жртвите е неопходна, бидејќи само на тој начин во целост ќе се знае маршутата на движење на жртвите на трговија со луѓе и ќе може да се гради наднационална стратегија за сузбивање на оваа криминална појава.

### 1.4.3.Разузнавачки активности во земјите на крајна дестинација на жртвите

Во земјите на крајна дестинација на жртвите, трговијата со луѓе се манифестира преку експлоатацијата на жртвите. Оттука, разузнавачките служби треба да соберат информации за идентитетот на жртвите, возраста, полот, како и обликот на експлоатација и начинот на кој криминалните структури ги држат под контрола жртвите на трговија со луѓе. Во овие држави разузнавачките агенции треба динамично и агресивно да регрутираат што е можно повеќе извори на информации и користејќи

ги сите методи за собирање на информации да се обидат да продрат длабоко во структурата на криминалните групи. Во државите на експлоатација на жртвите од трговија со луѓе, разузнавачките служби треба да ги насочат своите активности кон пронаоѓање на информатори и соработноци од редовите на криминалците, како и да инфилтрираат свои агенти во криминалната структура. На тој начин изворно ќе бидат во можност да осознаат кои се водачите на криминалната група, какви се нивните позиции во општеството, каква е нивната финансиска и политичка моќ и кои се нивните релации со безбедносните струкури. Агентите на разузнавачките служби треба да приберат сознанија и за тоа дали истата криминална група врши регутација, транспорт и експлоатација на жртвите или се работи за повеќе меѓусебно поврзани криминални структури. Доколку успеат да се инфилтрираат во криминалната структура, агентите на разузнавачките агенции ќе бидат во можност да соберат инфомации и за тоа од каде потекнуваат жртвите, какви патни исправи поседуваат и како успеале да ги поминат државните граници и да влезат во земјата на крајна дестинација, а тоа отвара можност за превземање на конкретни акции против криминалните групи, апсење на нивните членови врз основа на обезбедени квалитетни докази и предавање на надлежните судови. Соработката помеѓу разузнавачко безбедносните агенции од државите на потекло, транзит и крајна дестинација на жртвите на трговија со луѓе размената на разузнавачки помеѓу нив, ќе овозможи градење на национална и меѓународна стратегија за спротивставување на феноменот трговија со луѓе.

### 1.5. Криминалистичка полиција

Криминалистичкото разузнавање или криминалистичко полициските служби како првенствена цел имаат собирање на информации во насока на сузбивање на криминалот во државата во која функционираат. Начинот на работа на киминалистичкото разузнавање е идентичен со другите разузнавачки служби, односно нивната задача е собирање, анализа, интерпретација и дистрибуција на разузнавачки информации. Разликата е во тоа што

разузнавачките информации собрани од криминалистичките служби на крај мора да продуцираат документирање на кривично правен настан, односно врз основа на собраните разузнавачки информации треба да се обезбедат квалитетни докази за судско гонење на сторителите на кривични дела поврзани со трговија со луѓе. Криминалистичката полиција во Европските земји најчесто е дел од Министерството за внатрешни работи, додека пак во САД криминалистичкото разузнавање во најголема мера е обврска на FBI (Федерално биро за истраги). Мора да се истакне дека од сите разузнавачки служби криминалистичкото разузнавање е најангажирано во борбата против организираниот криминал и претставува основен столб во сузбивањето на трговијата со луѓе.

Информациите кои се собрани од криминалистичко разузнавачките служби треба да дадат одговор на следните прашања:[61]

-Кои се криминалните групи кои се занимаваат со трговија со луѓе.

-Каква е структурата на криминалните групи, кои се нивните водачи и дали истите се поврзани со полициски или политички авторитети, или на кој начин се вклучени во општествениот живот, институциите на државата и легалните бизнис текови.

-Кои се жртвите на трговија со луѓе, од каде потекнуваат, каков е нивниот социјален статус.

-Кои начини ги користат криминалците за врбување на жртвите на трговија со луѓе.

-Кои се правците на движење на жртвите на трговија со луѓе, начинот на кој ги преминуваат државните граници, локациите на нивно сместување и патните документи кои ги користат.

-Видот на експлоатација на жртвите и начинот на контрола на криминалците врз жртвите.

За да можат да одговорат на вака поставените цели, криминалистичко разузнавачките служби треба да располагаат со квалитетни човечки ресурси, техничка опрема и да применуваат современи оперативни тактики и методи за собирање на информации во функција на сузбивање на трговијата со луѓе.

---

[61] Врз основа на лично искуство како началник на Криминалистичка полиција во Прилеп, период 2002 - 2006 година

### 1.5.1.Методи за собирање на криминалистичкото разузнавачки информации

Основна функција на криминалистичкото разузнавање во сузбивањето на трговијата со луѓе е собирање, складирање и анализа на информации, преку максимално користење на сите достапни извори и со примена на разни оперативно тактички методи за собирање на разузнавачки информации. Криминалистичкото разузнавање може да користи различни тактики и методи за спречување на трговијата со луѓе.

Физичкото набљудување на криминалните структури кои се занимаваат со трговија со луѓе, или објектите во кои се сместуваат потенцијалните жртви е еден од начините за собирање на разузнавачки информации. Овај метод е со висок ризик и потребен е квалитетен и обучен кадар кој што при собирањето на информациите нема да биде откриен од криминалните структури. Екипите на криминалистичко разузнавање кои ги изведуваат сложените акции на физичко набљудување имаат за цел да соберат квалитетни разузнавачки информации, меѓутоа и докази за документирање на кривичните дела поврзани со трговијата со луѓе кои ќе резултираат со апсење на криминалците и нивно кривично гонење пред надлежните судски органи.

Врбувањето на информатори и соработници на криминалистичката полиција или инфилтрирањето на агенти во криминалните структури кои се занимаваат со трговија со луѓе е ефикасен метод за собирање на информации во насока на сузбивање на феноменот трговија со луѓе. Овие операции се со уште поголем ризик и потребни се искусни кадри кои се обучени за врбување на информатори или соработници.[62]

Агентите што се користат за инфилтрирање во криминалните групи се кадри кои поминале специјални обуки и имаат исклучителни вештини за да можат да се справат со сите ризични ситуации во кои ќе се најдат при извршување на задачата. Овие операции се сложени и потребен е ангажман на голем број на оперативци од криминалистичкото разузнавање.

---

[62] Врз основа на лично искуство како инспектор за организиран криминал, период 2002 - 2006 година

Освен уфрлениот агент потребни се офицери за врска, со кои " under cover "[63] агентот ќе комуницира за да ги пренесува собраните информации и кои ќе одговорат на неговите потреби поврзани со операцијата. За финансиските средства потребни за успешно изведување на операцијата е задолжен офицерот за финансии, а со операцијата раководи агент најчесто повисок старешина на криминалистичката полиција. Разузнавачките информации собрани на ваков начин се исклучително квалитетни и со висок степен на точност и навременост.

Криминалистичкото разузнавање може да собира информации кои се однесуваат на трговијата со луѓе со помош на техниката. Ова подразбира инфилтрирање на техничка опрема за визуелно и аудио собирање на информации во објектите каде што се движат криминалците или каде што се сместени жртвите на трговија со луѓе. Исто така потребно е да се следи телефонската и електронската комуникација на криминалната структура.

Се разбира дека за примена на овај метод на собирање на информации потребно е предходно да се добие дозвола од надлежните судски инстанци или Јавното обвинителство, согласно со правната легислатива на земјата во која методот се применува.

Оттука може да се заклучи дека криминалистичкото разузнавање треба да има високо стручен и специјализиран кадар, техничка опрема и доволно финансиски средства за собирање на разузнавачки информации во насока на ефикасно сузбивање на трговијата со луѓе.

### 1.5.2.Видови на оперативни дејствија и мерки на криминалистичкото разузнавање

Трговијата со луѓе како облик на организиран криминал во праксата се карактеризира со различни модалитети на однесување, од причина што во ланецот на трговија со луѓе се вклучени голем број на лица од криминалните

[63] "under cover"- (под заштита)- се операции во кои се уфрла агент или соработник во криминалната организација со тајна задача да собира информации за криминалната структура и правовремено да ги известува офицерите на безбедносно разузнавачките служби еден извесен перид, кој не треба да биде предолг.

структури. Тука спаѓаат организаторите на оваа појава, потоа оние што ги врбуваат жртвите, превозниците и организаторите на превозот, па се до експлоататорите на жртвите. Заради тоа, криминалистичко разузнавачките служби треба да спроведат низа на специфични оперативно тактички дејствија во насока на спречување на трговијата со луѓе. Во основа, се разликуваат реактивни и проактивни оперативно тактички дејствија на криминалистичкото разузнавање.

-Реактивните дејствија ги превземаат криминалистичките служби после откривањето на кривичното дело, најчесто после пријавување од страна на жртвите во фазата на експлоатација. Најголем проблем при примената на овој пристап на истражување на феноменот трговија со луѓе е недовербата на жртвите кон институциите на државата во која се наоѓаат и стравот од криминалните структури. Заради тоа, потребни се искусни и стручни оперативци кои ќе навлезат во криминалните структури и ќе дојдат во контакт со жртвите, ќе ги разберат нивните стравови и потреби и ќе ја придобијат нивната доверба. Информациите кои жртвите можат да ги понудат се од витално значење во градењето на стратегија за сузбивање на криминалните групи, но и клучен доказ во докажување на ова тешко кривично дело.

-Проактивните оперативно тактички дејства бараат многу поголема иницијативност на криминалистичко разузнавачките служби во собирањето на разузнавачки податоци корисни за спречувањето на трговијата со луѓе. Можат да се користат веќе споменатите различни оперативни тактики и техники за собирање на податоци, како што се : набљудување на криминалците и објектите во кои се вршат кривичните дела, аудио и видео снимање, прислушување, ”under cover” ( под заштита ) операции, односно комбинација на истите. За спроведување на вакви дејствија потребни се исклучиво квалитетни, искусни и стручни кадри, како и многу финансиски средства и време.

Податоците кои ги прибираат криминалистичко разузнавачките служби со примена на оперативно тактички дејствија се на два еднакво важни нивоа, стратешки и тактички.

-На стратешко ниво квалитетните разузнавачки информации овозможуваат прецизна проценка за обемот на трговијата со луѓе,

методологијата на работа на криминалните групи на локално, национално и меѓународно ниво, а тоа овозможува градење на стратегија и долгорочно планирање на активни мерки за сузбивање на оваа појава.

- На тактичко ниво разузнавачките информации овозможуваат превземање на конкретни акции за спречување и прекинување на активностите на организаторите и извршителите на кривичното дело трговијата со луѓе и спасување на жртвите и претставуваат основ за спроведување на национални акции, меѓутоа и заеднички акции на безбедносните служби на регионално ниво и пошироко.

### 1.5.3.Тајност во спроведување на разузнавачките активности

При извршувањето на своите активности, разузнавачките служби можат да користат различни методи и начини за собирање на разузнавачки податоци, но секогаш мора да го почитуваат принципот на тајност во работењето. Тајноста во извршувањето на задачите е битна кога се користат методите за собирање на разузнавачки информации како што се физичкото набљудување или користењето на соработници и информатори, но тоа особено доаѓа до израз кога во криминалната група има инфилтриран агент чија задача е да собира информации во функција на субивање на трговијата со луѓе. За да може да ги извршува поставените задачи и при тоа да не се открие, агентот треба да биде дисциплиниран и да остварува контакт само со офицерот за врска и од него да ги добива инструкциите за секое понатамошно постапување. Секој контакт со офицерот за врска треба да биде претпазливо изведен и максимално таен, за што агентот треба да биде не само добро обучен, туку и инвентивен, интелегентен и самоиницијативен, со изразена склоност кон разузнавачката служба и искуство во извршување на разузнавачки активности. Практично при реализирањето на вакви " under cover " операции најголема опасност за откривање на агентот постои при реализација на контактот, односно одржување на врска со инфилтрираниот агент. Затоа разузнавачката служба треба постојано да изнајдува нови начини на комуникација, а не да се придржува кон еден шаблон, контактот да се реализира само кога е навистина

неопходно и да трае што е можно пократко, постојано да се менува времето и местото на контактот и комуникацијата да се одвива во шифри и кодови.

Откривањето на агентот и на активностите на разузнавачката служба насочени кон сузбивање на трговијата со луѓе, првенствено значи загрозување на безбедноста на уфлениот агент, особено ако се има во предвид безмилосноста на криминалците кои се занимаваат со овај вид на кривични дела. Исто така, тоа ќе значи компромитирање на разузнавачката служба и конкретната разузнавачка акција, со што ќе и се остави простор на криминалната група да ги прикрие доказите, да се преструктуира и неказнето да продолжи со своите активности, а жртвите на трговија со луѓе ќе продолжат да робуваат и да ги трпат сите понижувања и стресови кои им ги предизвикуваат криминалците.

### 1.5.4.Обука на кадри на криминалистичкото разузнавање

За да можат да се соочат со сите предизвици при собирањето на разузнавачки информации во функција на сузбивање на трговија со луѓе, агентите на разузнавачките служби, освен што мора да бидат интелегентни, инвентивни, снаодливи и со вродени склоности кон разузнавачката активност, треба да поминат и низ процес на обука пред да почнат да ги извршуваат агентурните задачи.

Постојат два основни вида на обука на агентот во разузнавачките служби: преку разузнавачки школи и курсеви и преку тековна инструкциска работа во текот на соработката со разузнавачката служба.[64]

Разузнавачките школи организираат обука најчесто групно, но за посложени разузнавачки активности и заради заштита на идентитетот на агентите се применува поединечна обука, особено кога станува збор за агенти кои криминалистичко разузнавачката агенција планира да ги инфилтрира во криминалните групи за трговија со луѓе. Курсевите се организираат заради стекнување на основни знаења од областа на разузнавањето и најчесто ги одржуваат експерти на криминалистичкото разузнавање.

---

[64] Батковски Т. – *Разузнавачка и безбедносно – контраразузнавачка тактика*, Јофи скен, Скопје, 2008, стр. 42

Обуката на оперативците на криминалистичкото разузнавање преку давање на тековни инструкции ја вршат искусни агенти на криминалистичката полиција кои учествувале во сложени разузнавачки активности. Станува збор за многу индивидуален тип на обука, најчесто заради извршување на конкретни разузнавачки операции. За изведување на ваков тип на обуки потребни се одредени предзнаења за задачите кои агентот го очекуваат и резултати што од него ги бара службата за криминалистичко разузнавање. Доколку станува збор за обука на оперативец кој треба да се уфрли во криминалната група која се занимава со трговија со луѓе, потребно е предходно е да се имаат одредени информации за структурата на криминалната организација и нејзините соработници.

Освен обучени оперативци на терен, криминалистичко разузнавачките служби во својот состав мора да имаат аналитичари кои се професионалци и врвни експерти во својата област. Аналитичарите мора да бидат обучени, прибраните податоци да можат максимално да ги експлоатираат, шифрираните и кодираните информации да ги дешифрираат и декодираат, да ги рангираат според приоритетот и да ги претворат во јасни, прецизни, недвосмислени и разбирливи разузнавачки продукти врз основа на кои ќе може да се изгради ефикасна стратегија за сузбивањ е на трговијата со луѓе.

### 1.5.5.Стратешко криминалистичко разузнавачко размислување за спречување на трговија со луѓе

Никогаш досега во криминалистичкото разузнавање при спречувањето на тешките облици на организиран криминал немало поголема потреба од стратешко размислување. Промените кои се случија во политичките системи во Источноевропските земји, донесоа промени и во безбедносниот опкружување и наметнаа потреба кај разузнавачко безбедносните служби од користење на поинакви и различни методи и техники при сузбивањето на асиметричните закани, како највисок ризик по националната безбедност. Транснационалниот криминал стана поорганизиран, со зголемен обем, воден од профитот не знае за нации и граници, па затоа државите се должни да ги зголемат и прошират

ресурсите во насока на спречување на организираните криминални групи. Криминалистичко разузнавачките служби мора да прават краткорочни и долгорочни предвивувања со цел да го претпостават однесувањето и активностите на криминалците, промислено да ги респределат ресурсите и да размислуваат стратешки. Едноставно, модерното криминално опкружување наметнува потреба од засилени разузнавачки активности и зголемување на можностите на еден објективен систем на стратешко разузнавање, кој треба да апсорбира, прочистува, анализира и шири релевантни разузнавачки податоци за прашања поврзани со високите облици на организиран криминал, како што е трговијата со луѓе.

" Сепак, се чини дека стратешкото разузнавање на криминалот како дисциплина е на крстопат и сеуште се бори во некои области да пробуди интерес и да ја докаже својата важност. И додека арената на стратешкото разузнавање на криминалот е една од најсовремените иновации во рамките на спроведување на законот и иако расте во големина и важност, таа се уште не е застаната на свои нозе. "[65]

Стратешкото размислување е особено значајно кај криминалистичко разузнавачките служби кои што треба не само да обезбедат квалитетни и навремени разузнавачки информации, туку треба да обезбедат и докази и квалитетно да го документираат кривично правниот настан од областа на трговија со луѓе, заради понатамошно постапување на судските органи. Кај овие служби, потребно е аналитичарите директно да се поврзат со оперативците на терен, со што аналитичарите ќе бидат поблиску до изворите на информации и ќе бидат во можност да им ја објаснат на оперативците потребата од стратешки пристап во разузнавањето во спречување на трговијата со луѓе. Стратешкото оценување на влијанието на криминалнита групи кои се занимаваат со трговија со луѓе, овозможуваат политичките авторитети и авторитетите на безбедносно разузнавачките служби да донесат одлуки за приоритетите кои се важни, бидејќи со тоа се утврдуваат параметрите за собирање на следната генерација на разузнавачки податоци. Стратешкото размислување за трговијата со луѓе треба да овозможи подобро

---

[65] Ретклив Џ. – *Стратешко размислување во разузнавањето накриминалот*,Тибернакул, Скопје, 2009, стр.2

разбирање на криминалната средина, на криминалните групи и нивните водачи, врските помеѓу различните криминални групи, меѓутоа и врските што криминалците ги имаат со органите на прогонот и органите на власта, па врз основа на тоа раководителите на безбедносно разузнавачките служби да донесат одлука за распределување на капацитетите. Стратешкото размислување во однос на трговијата со луѓе како тешка форма на организиран криминал, во крајна линија треба да продуцира разузнавачки информации кои ќе сугерираат превентивни мерки за на подолг рок да ги ослабат криминалните групи, меѓутоа и репресивни мерки преку правилно користење на капацитетите на системот на државата, со цел разбивање на криминалните структури.

Финансиските средства стекнати преку трговија со луѓе, организираните криминални групи секогаш настојуваат да ги исперат и како легални да ги вклучат во нормалните финансиски текови. Оттука, криминалистичкото разузнавање треба да собира информации за текот на парите, бидејќи со следење на текот на парите може да дојдат до информации за сите актери вклучени во трговијата со луѓе, од причина што различни лица во различни фази учествуваат во трговијата со луѓе, меѓутоа сите тие треба да го поделат профитот од експлоатацијата на жртвите.

Потребата од стратегија при справувањето со трговијата со луѓе е неопходна, па затоа безбедносно разузнавачките служби треба да бидат раководени од личности кои имаат способност за стратешко размислување при сузбивањето на тешките облици на организиран криминал.

### 1.5.6. Разузнавачка идентификација на жртвите на трговија со луѓе

Првиот контакт со појавата трговија со луѓе како општествен феномен и жртвите на оваа појава, оперативците на криминалистичко разузнавачките служби го имаат во рамките на извршувањето на секојдневните работни обврски и задачи насочени кон сузбивање на сите облици на организиран криминал. Разузнавачките агенции, помеѓу другото, секојдневно собираат информации за сите облици на организиран криминал, или пак другите ризици

по безбедноста на државата, па затоа треба да имаат стручни и обучени кадри кои можат да ја препознаат појавата трговија со луѓе и да ја идентификуваат виктимизацијата[66] на жртвите, во моментот кога ќе дојдат во контакт со истите. Ова е од посебна важност, бидејќи криминалистичко разузнавачките служби можат да наидат на жртвите во текот на својот ангажман усмерен кон постигнување на сосема други цели : собирање на разузнавачки информации за сосема друга криминална појава, контрола при премин на државната граница, контрола на престојот и движење на странците, зачувување на јавниот ред и мир, контрола во сообраќајот и.т.н. Трговците со луѓе се претпазливи и вешти во секоја фаза од процесот, како при регрутирањето на жртвите, така и при транспортот и експлоатацијата, па затоа криминалистичко разузнавачките служби треба да ги искористат сите свои капацитети, сета стручност и знаење, за да ја препознаат појавата и да ги спасат жртвите од рацете на криминалните групи.

Трговијата со луѓе е комплексна појава и најчесто тешко се препознава, особено ако се има предвид дека и самите жртви подложни на виктимизација не се гледаат себе си како жртви, или пак немаат доверба во државните органи. Умешноста на агентите да ја препознаат виктимизацијата, односно да ги идентификуваат жртвите и да ја придобијат нивната доверба е клучен предуслов за заштита на жртвите и спречување на трговијата со луѓе.

Индикатори за идентификување на жртвите кои се сексуално експлоатирани се: ограничување во слободата на движење, нема слобода во одлучување каде и што ќе работи и колку време, имаат траги од насилство и најчесто се силувани, постојано се под притисок и закани и затоа се исплашени.

Кај жртвите кои се работно експлоатирани најчести индикатори за идентификација се : живеат и работат во тешки и нехумани услови, најголем број од нив не се обучени за работата што ја извршуваат, обично работат опасни или нехигиенски работи, слабо и неквалитетно се хранат, имаат малку или воопшто немаат финансиски средства, немаат никакви лични документи или

[66] Виктимизација е облик на дискриминација и процес на создавање на одредена состојба кај некоја личност, која што станува жртва со посредство на одредено човеково делување, предизвикано со намерно или ненамерно човеково делување.

документите им се фалсификувани, немаат здравствено и социјално осигурување.

Квалитетните разузнавачки информации и соодветната анализа на лицата потенцијални жртви на трговија со луѓе, е од голема важност при утврдувањето дали се работи за жртви на трговците со луѓе, или прокриумчарени мигранти, или пак се лица со тешка социјална положба кои не се жртви на оваа појава.

### 1.5.7. Размена на криминалистичко разузнавачки информации во насока на сузбивање на трговија со луѓе

Трговијата со луѓе е транснационална појава, па оттука недвосмислено се наметнува потребата од размена на разузнавачки информации помеѓу криминалистичките служби од регионов и Европа во функција на сузбивање на овој феномен.

Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа предвидува размена на криминалистичко разузнавачки информации кои се однесуваат на криминалните групи кои се занимаваат со трговија со луѓе и врските помеѓу нив. Договорните страни по предходно доставени барања разменуваат информации за начинот на кој криминалците го вршат ова кривично дело, правците на движење на жртвите, начинот на кој ги преминуваат државните граници, социјалниот и општествениот статус на жртвите, меѓутоа и за приходите кои криминалните групи ги стекнуваат од трговијата со луѓе. Ако се има во предвид дека илегалното преминување на државните граници и криумчарењето на мигранти се предуслов за појавување на феноменот трговија со луѓе тогаш членот 8 од Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа е од исклучително значање. Тој предвидува размена на разузнавачки информации за структурата, обемот, правците на движење и крајните дестинации на мигрантите, како и за криминалните групи кои се занимаваат со криумчарење и трговија со луѓе.

Конвенцијата овозможува тајни полициски операции на територијата на друга држава после добиена согласност, во функција на превенирање и сузбивање на тешки кривични дела како што е трговијата со луѓе.

Република Македонија има ратификувано Договори за соработка во борбата против организираниот криминал и илегалната миграција со повеќе земји од регионов и Европа, со што се отвора можност за директна комуникација помеѓу разузнавачките служби во борбата против трговијата со луѓе како тежок облик на организиран криминал.

На овај начин се создаваат услови криминалистичкото разузнавање преку разни форми на соработка и размена на разузнавачки информации да им зададе тежок удар на криминалните структури кои се занимаваат со овој облик на транснационален криминал во Европа и светот.

### 1.6. Соработка на безбедносно разузнавачките служби во борбата против трговија со луѓе

Безбедносно разузнавачките служби имаат приоритетна задача да собираат, анализираат, креираат разузнавачки информации со цел истите да бидат употребени за сузбивање на заканите по националната безбедност, како трговијата со луѓе и другите облици на организиран криминал. Заради целосно искористување на сите институционални капацитети на државата во насока на поефикасна борба против оваа појава, безбедносно разузнавачките служби се упатени на взаемна соработка.

Исклучително е битна соработката помеѓу разузнавачките служби во рамките на една држава, меѓутоа и соработката помеѓу разузнавачко безбедносните агенции од земјите на потекло, транзит и крајна дестинација на жртвите, во насока на размена на разузнавачки информации заради изработка на ефикасна стратегија и превземање на конкретни оперативни акции за сузбивање на трговијата со луѓе и разбивање на криминалните групи кои се занимаваат со оваа појава.

Проблеми во соработката меѓу разузнавачките служби во рамките на една држава има, меѓутоа поголеми и понагласени се проблемите кога станува

збор за соработка на разузнавачките служби од различни држави, пред се заради ривалскиот однос на службите и меѓусебната недоверба. Најчеста причина за пречки во соработката на разузнавачките служби од иста држава е различната хиерархиска подреденост на службите во однос на политичките авторитети. Пример за тоа е Република Македонија, каде Агенцијата за разузнавање е под ингеренции на Претседателот на Републиката, додека Управата за безбедност и контраразузнавање и Криминалистичка полиција се во рамките на Министерството за внатрешни работи и под ингеренции на Владата. Военото разузнавање е во рамките на Министерството за одбрана и исто така е под ингеренции на Владата на Република Македонија. Од причина што не постои тело кое ја координира безбедносно разузнавачката заедница на државата, ниту пак постои заеднички аналитички центар, проблемите најчесто се појавуваат кога Претседателот на Републиката и Владата се од различни политички опции. Меѓутоа заради ефикасно работење и за да се избегне дуплирање на капацитетите, потребно е разузнавачките служби кои се дел од разузнавачко безбедносната заедница на една земја да соработуваат помеѓу себе во целост, особено во насока на сузбивање на асиметричните закани како трговијата со луѓе.

Кога станува збор за меѓународната соработка во размената на разузнавачки информации, во основа разликуваме билатерално и мултилатерално споделување на разузнавачки информации. Меѓународната разузнавачка соработка треба да биде базирана на договор кој не е во спротивност со националните законодавства на договорните страни. Освен размена на разузнавачки информации постојат и други билатерални специјални односи на соработка кои можат да попримат различни форми :

-Државата може да се согласи да ги превземе на себе прибирањето и анализата во една област и да ги сподели со друга држава, за што, за возврат би ги добила разузнавачките информации од другата држава во некоја друга област.

-Една држава може да дозволи на друга да ја користи нејзината територија за операции за прибирање податоци во замена за споделување на резултатите од таквото прибирање.

-Една држава може да и помогне на друга да стекне способност за прибирање информации за свои цели, а државата што го овозможува ова ќе може да ги користи резултатите.

- Две држави можат да превземат заеднички операции за прибирање на податоци со тоа што офицерите за разузнавање од двете земји ќе работат заедно или комплементарно.

-Размени на аналитичари или техничари меѓу разузнавачките служби на двете земји.

-Една држава може да обезбеди обука во замена за услуги дадени од разузнавачките служби на другата држава, секогаш кога странската служба може да донесе посебни вештини на разузнавачките служби на државата која ја обезбедува обуката.[67]

Во последно време, со цел поефикасно справување со асиметричните закани по безбедноста, како трговијата со луѓе и транснационалниот организиран криминал, се поширок замав земаат мултилатералните облици на разузнавачка соработка. На светско ниво, ваква соработка од втората светска војна па наваму имаат САД, Обединетото Кралство, Австралија, Канада и Нов Зеланд, а се позасилена е мултилатералната разузнавачка соработка во рамките на Европска Унија. Мултилатералната соработка не треба да биде во спротивност со меѓународните правни норми и стандарди, или пак да ги крши националните законодавства.

[67] Борн Х. и Ли И. – *Создавање отчетно разузнавање : Правни стандарди и најдобри практики,* Скенпоинт, Скпје, 2005, стр. 72-73

## V ГЛАВА

### 1. Меѓународна институционална рамка за размена на разузнавачки информации заради спречување на трговија со луѓе

За да може успешно да се спротивстави на трговијата со луѓе која е транснационален организиран криминал, меѓународната заедница формирала меѓународни организации и институции преку кои се овозможува соработка и размена на разузнавачки информации помеѓу државите во функција на сузбивање на трговијата со луѓе.

### 1.1. Канцеларија за дрога и криминал - УНОДК (United Nations Drug Control Programme - UNODC)

Во рамките на Обединетите Нации постои тело кое се занимава со сузбивање на трговија со луѓе, а тоа е Канцеларијата за дрога и криминал - УНОДК ( UNODC ). Работата на ова тело е утврдена со Конвенцијата на Обединетите Нации против транснационалниот организиран криминал и нејзините два Протоколи. УНОДК е формирана во 1997 год. и има теренски канцеларии низ сите региони на светот. Иако, првенствена задача на оваа Канцеларија е борбата против трговијата со дрога, сепак, најзина цел е сузбивање и на останатите облици на организиран криминал меѓу кои и трговијата со луѓе. Во рамките на УНОДК е развиен правен модел, со цел да им се обезбеди помош на членките на Обединети Нации во напорите кои ги вложуваат за спроведување на Конвенцијата против транснсционалниот организиран криминал и Протоколот за превенција , сузбивање и казнување на трговијата со луѓе. Правната помош која УНОДК ја нуди преку овај модел е во насока на одредување на измените на постоечките национални закони и прифаќање на нови правни стандарди. Карактеристика на овај модел е неговата прилагодливост на потребите на сите држави членки, без оглед на различноста во правните традиции, економските, социјалните и културните

услови на државите. Во 1999 година УНОДК ја донесе Глобалната програма на Обединети Нации против трговија со луѓе. Овој проект предвивува активности на Канцеларијата во заедништво со националните партнери кои се засноваат на вмешаноста на организираниот криминал во трговијата со луѓе.

УНОДК има сопствена база на разузнавачки информации кои се однесуваат на сите облици на организиран криминал, вклучувајќи ја и трговијата со луѓе и криумчарењето на мигранти.

### 1.2. Меѓународна организација за миграции - ИОМ ( International Organization for Migration - IOM )

Меѓународната организација за миграции е основана во 1995 година и во својот состав има 127 држави членки. Оваа организација има повеќе од 450 Канцеларии во сите региони на светот, во моментот спроведува повеќе од 200 проекти и има вработено 6690 луѓе.

Во своето работење ИОМ помага во изнајдување на практични решенија на миграциските проблеми, учествува во давање на хуманитарна помош на мигрантите, без оглед на нивниот правен статус во државите во кои се наоѓаат. ИОМ се занимава со истражување и анализа на проблемот со миграцијата и прави разлика помеѓу миграциите и правото на слободно движење на луѓето. Оваа организација во своето работење овозможува логистичка подршка во јакнење на меѓународната соработка, промоција и размена на знаења и искуства и создавање на пријателски врски помеѓу државите членки од Европа, Америка, Африка и Азија.

Од посебно значење е соработката помеѓу ИОМ и невладините организации при израдбата на капацитети за сузбивање на трговија со луѓе, реинтеграција и репатријација, работните миграции, доброволно враќање на бегалци и раселени лица, давање помош при катастрофи и постконфликтни ситуации.

## 1.3.Меѓународна организација на трудот - МОТ ( International Labour Organization – IOL )

Меѓународната организазација на трудот е формирана во 1919 година како агенција во рамките на Друштвото на народите. Нејзиниот мандат е потврден со Декларацијата во Филаделфија во 1944 година, а во 1946 година стана првата специјализирана агенција на Обединетите Нации за заштита на работниците мигранти. МОТ во 1998 година донесе Декларација која се однесува на основните начела и правото на работа. Теми со кои се занимава МОТ се присилната работа, работната експлоатација на децата, сигурноста при вработување, сузбивање на дискриминацијата, еднаквост, економски и социјален напредок, правото на работа, работните миграции, сигурноста и здравјето на луѓето при извршување на работните обврски, условите на работа, социјалната сигурност, вработување на младите, HIV/AIDS и друго.

Според податоците на Меѓународната организација на трудот, денес во светот повеќе од 200 милиони деца работат заради тешката социјална положба на нивните семејства.[68]

Заради тоа што работат наместо да се образуваат и квалитетно да го исполнат времето, овие деца имаат проблем во нивниот емотивен, психички и физички развој. Според истите податоци 75% од овие деца вклучени се во најбрутални облици на експлоатација, како сексуално експлоатирање, ропство, користени се во оружени судири или пак се жртви на трговија со луѓе. Исто така, 12,3 милиони луѓе во светот се експлоатирани преку присилна работа.

За да се одредат активностите на МОТ во сузбивање на присилната работа и трговијата со луѓе како феномен, оваа организација во 2001 година донесе посебна Акциска програма за сузбивање на присилната работа. Многу битна тема на Меѓународната организација на трудот претставуваат работните миграции, па заради тоа МОТ во 2004 година донесе Мултилатерална рамка за работни миграции, во функција на планот за поефикасна борба за подобрување на условите за работа и живот на мигрантите.

---

[68] http://www.ilo.org/global/lang--en/index.htm

## 1.4.Организација за безбедност и соработка во Европа - ОБСЕ ( Organization for Security and Co – operation in Europe - OSCE )

Организацијата за безбедност и соработка во Европа делува на просторот од Ванкувер до Владивосток, во својот состав има 56 држави членки и служи како инструмент за рано предупредување, превенирање на судири и управување со кризи, односно постконфликтно градење на мирот.[69] На феноменот трговија луѓе, ОБСЕ од 1999 година па наваму му придава големо значање, посебно заради фактот што токму ОБСЕ како регион во својот состав има држави на потекло на жртвите , транзитни држави и држави на крајна дестинација.[70]

Московскиот документ од 1991 година претставува првиот документ во рамките на ОБСЕ и според него државите членки превземаат обврска да ги сузбијат сите облици на насилство против жените, трговија со жени и нивно сексуално искористување.

ОБСЕ заедно со Меѓународната организација за миграции редовно изработува низа на проекти во насока на сузбивање на трговијата со луѓе и редовно организира семинари и предавања на ова тема.

Канцеларијата за демократски институции и човекови права која функционира во составот на ОБСЕ, во 2000 година донесе Акциски план за активности во областа на сузбивањето на трговија со луѓе. Назначен е советник за прашања во врска со трговија со луѓе со задача да разработи сратегија за сузбивање на тој феномен.

Инаку, целокупното дејствување на ОБСЕ е тематски организирано во три целини:

-прашања за безбедноста на Европа

-соработка во областите на стопанството, науката, техниката и екологијата

-соработка во хуманетарни и други области.[71]

---

69 http://www.mvpei.hr/MVP.asp?pcpid=852

70 http://www.osce.org/regions

71 http://www.osce.org

ОБСЕ е во постојана соработка со голем број национални, меѓународни, и невладини организации во насока на поефикасна борба против трговијата со луѓе.

## 1.5.Централно- европска иницијатива - ЦЕИ ( Central European Initiative - CEI )

Централно-европската иницијатива е формирана веднаш по завршување на студената војна во 1989 година и претставува прва мултилатерална иницијатива за меѓународна соработка заради унапредување на голем број видови на соработка меѓу државите од поранешниот Источен блок и државите кои настанаа по распаѓањето на СФРЈ.[72]Во насока на спречување на транснационалниот организиран криминал, вклучувајќи ја и тровијата со луѓе, во 1997 година во Трст формирана е Работна група за борба против организиран криминал. Оваа Работна група функционира во рамките на ЦЕИ, со што е потврдена заложбата на ЦЕИ за сузбивање на тешките облици на меѓународен организиран криминал, како трговијата со луѓе. Заради поефикасна работа на оваа Работна група усвоени се два стратешки документи:

-Декларација за сузбивање на криминалот, усвоена во 1997 година

-Декларација за соработка во областа на правосудството и хармонизација на законодавството, усвоена во 1998 година.[73]

Во 2006 година Работната група за борба против организиран криминал го донесе и усвои Оперативниот план на активности и инструменти за соработка на земјите членки во периодот од 2007 - 2009 година.[74]

Државите членки на ЦЕИ со усвојување на овие документи се обврзаа дека ќе соработуваат во превземање на сите мерки за сузбивање на илегалната

---

[72] Митиќ К. – *Организираниот криминал невоена закана за Југоисточна Европа*, Бранко Гапо, Скопје, 2013, стр.228

[73]“ Declaration on Combating Organized Crime”,Trieste, 9-10, October 1998, Web sites http://www.ceinet.org/download/organized_crime.pdf ;
“Trieste Declaration on Judicial CO-operation and Legislative Harmonization” ,Trieste, 26-27 march,2001, http://www.ceinet.org/download/justice_trieste.pdf,

[74] “Operational Programme for the years 2007-2009, CEI – the Working group on Combating Organized Crime, http://www.ceinet.org/download/WG_on_COC_Op_Programme.pdf

миграција, сите видови на недозволена трговија вклучувајќи ја и трговијата со луѓе и перење пари.

ЦЕИ во својот состав има 14 држави членки, меѓу кои и Република Македонија.

## 2.Меѓународни безбедносно - разузнавачки организации во функција на спречување на трговија со луѓе

### 2.1.Меѓународна криминалистичка полиција - ИНТЕРПОЛ ( International Criminal Police Organization - INTERPOL )

Првото име на ИНТЕРПОЛ е Меѓународна комисија на криминалистички полиции, основана во Виена во 1923 година. Подоцна ова организација го добива името ИНТЕРПОЛ (International Criminal Police Organization) и го променува своето седиште од Виена, Австрија во Лион, Франција.

Во него членуваат 186 земји од целиот свет, а негова главна задача е да биде логистика на безбедносно разузнавачките служби во превенција и сузбивање на транснационалниот организиран криминал. Исто така, треба да ја олесни соработката на безбедносните служби во согласност со националните законодавства и меѓународното право и да овозможи прекугранична соработка.

Со Статутот на ИНТЕРПОЛ е утврдено дека основна негова цел е да им помогне на криминалистичките полиции во градењето на капацитети за сузбивање на меѓународниот криминал, како што е трговијата со луѓе во согласност со националните законодавства на државите членки и во духот на Универзалната декларација на човековите права, како и во создавањето на институти во функција на ефективна и ефикасна превенција и репресија на кривичните дела.

Организационата структура на ИНТЕРПОЛ ја чинат: Генерално собрание, Извршен комитет, Претседател, Генерален секретаријат, Национални централни бироа и советници.[75]

За да може успешно да функционира ИНТЕРПОЛ има формирано Национални централни бироа во секоја држава која е членка на ова организација. Задача на овие бироа е да воспостават контакт помеѓу безбедносно разузнавачките служби во самата држава, меѓутоа и да контактираат помеѓу себе и со централата на ИНТЕРПОЛ, со што се олеснува размената на разузнавачки информации помеѓу службите во национални и меѓународни рамки, а во функција на сузбивање на тешките облици на организиран криминал како што е трговијата со луѓе.

Како важна функција на ИНТЕРПОЛ е овозможување на размена на разузнавачки информации кои се однесуваат на: лица кои се бараат за екстрадиција поради извршено потешко кривично дело, лица што треба да издржуваат казна затвор повеќе од 4 месеци, исчезнати лица, неидентификувани лешеви, украдени предмети, можни закани, разузнавачки информации за "modus operandi".[76]

Со тоа што овозможува размена на разузнавачки информации помеѓу разузнавачко безбедносните служби на земјите членки, ИНТЕРПОЛ во изминатиот период има одиграно значајна улога во превенирање и санкционирање на трговијата со луѓе.

## 2.2.Европска полиција - ЕВРОПОЛ ( European Police Office - EUROPOL )

Централен столб во сузбивањето на сите облици на организиран криминал во Европа е Европската полција ЕВРОПОЛ. На почетокот, ова организација имаше форма на Централна канцеларија за размена на разузнавачки информации и анализа на меѓународен криминал, а подоцна со официјализирање на договорот од Мастрихт, на 07.02.1992 година да прерасне во ЕВРОПОЛ. Највисок орган на ЕВРОПОЛ е Управниот совет, составен од

[75] http://www. Interpol. int
[76] Митиќ К. – *Организираниот криминал невоена закана за Југоисточна Европа*, Бранко Гапо, Скопје 2013, стр. 219

онолку членови колку што има држави членки. На чело на организацијата стои директор, кој има четири заменици. ЕВРОПОЛ има 610 постојано вработени лица, од кои 105 се офицери за врска од сите земји членки на Европска Унија, кои ги претставуваат различните институции за спроведување на законот, како полицијата, царината, миграциските служби и жандармеријата.[77]

ЕВРОПОЛ ги регистрира и анализира криминалистичко разузнавачките информации за меѓународниот криминал, ја олеснува размената на информации помеѓу земјите членки, ги информира за посебните врски меѓу кривичните дела и криминалните структури, изработува оперативни и стратешки анализи и ги подржува земјите членки во други области на полициска соработка. ЕВРОПОЛ развива и аналитички методи и техники и изработува редовни и периодични стратегиски анализи со проценка на заканите од различни типови на организиран цриминал кои имаат капацитет да го загрозат Европскиот безбедносен систем.[78]

Овде секако влегува и трговијата со луѓе како најбрутален облик на организиран криминал.

Меѓутоа, ЕВРОПОЛ нема изградено оперативно разузнавачка мрежа, па затоа ги регистрира, анализира и разменува разузнавачки информации кои ги собираат безбедносно разузнавачките служби на земјите членки на ЕВРОПОЛ. Оваа организација има сопствен електронски систем за чување и обработка на информациите кои ги доставува до земјите членки, ИНТЕРПОЛ или трети земји. ЕВРОПОЛ исто така, разменува разузнавачки информации и со други меѓународни институции и безбедносно разузнавачки служби кои не се членки на Европска Унија.

Република Македонија е членка на ЕВРОПОЛ од Февруари 2008 година со ратификување на Стратегискиот договорот за соработка со ЕВРОПОЛ, предходно потпишан во 2007 година. Националното одделение за ЕВРОПОЛ е во рамките на Министерство за внатрешни работи, а на негово чело стои офицер за врска со ЕВРОПОЛ.

Националното одделение на ЕВРОПОЛ има директен пристап до податоците кои се точно специфицирани од страна на ЕВРОПОЛ,

---

[77] http://www.europol.eu.int/

[78] Митиќ К. - *Організираниоӣ криминал невоена закана за Јуіоисӣочна Евройа*, Бранко Гапо, Скопје, 2013, стр. 220

информациите од националните бази на податоци за криминалот, податоците од информативните системи на безбедносните служби, податоците од административните системи за собирање на разузнавачки информации за криминалот и за неговите извршители со цел да се изготви навремен одговор на барање на ЕВРОПОЛ.[79]

Од 2006 година па наваму ЕВРОПОЛ редовно изготвува извештај под името ОКТА во кој се анализираат последиците од транснационалниот организиран криминал, како и методите и начините преку кој земјите членки на Европол ќе се спротивставуваат во иднина на оваа најголемата закана по безбедноста во последните дваесет години.

### 2.3. Центар за спроведување на законот во Југоисточна Европа - СЕЛЕК ( Southeast Europe Law Enforcement Center - SELEK )

Иницијативата за соработка помеѓу безбедносните служби во Југоисточна Европа започната е во Женева во 1996 година , а СЕКИ ( Southeast Europe Coorporation Initiative – SEKI ) Договорот е потпишан на 26. 05. 1999 година во Букурешт, Република Романија, каде што е седиштето на СЕКИ Иницијативата. СЕКИ започна со оперативно дејствување во 2001 година, а главна цел на земјите потписнички на оваа Иницијатива е да се зголеми ефикасноста во превенирање и сузбивање на криминалните структури кои се занимаваат со транснационален организиран криминал. На 09. 12. 2009 година, земјите членки на СЕКИ потпишаа Конвенцијата во Букурешт, Р. Романија, со која беше предвидено СЕКИ да прерасне во СЕЛЕК - Центар за спроведеување на законот во Југоисточна Европа, кој започна со оперативна работа во Октомври 2011 година. СЕЛЕК има одлична соработка со ИНТЕРПОЛ и со Светската царинска организација за прашања од областа на царината. СЕЛЕК Центарот претставува столб за координација на активностите на националните безбедносни служби во рамките на регионот од Југоисточна Европа. Со оглед на тоа што СЕЛЕК располага со одлични

---

[79] Влада на РМ – Акциски план за имплементација на стратегискиот договор за Европол, 133 Седница на Влада на РМ, Скопје, 25.02.2008 година

аналитички капацитети, дава огромен придонес во детектирањето на криминалните структури кои се занимаваат со организиран криминал, вклучувајќи ја и трговијата со луѓе.

Разузнавачките информации и логистиката која ја дава СЕЛЕК овозможува заеднички оперативни акции на безбедносните служби во насока на разбивање на криминалните структури и санкционирање на нивните членови. Воседиштето на СЕЛЕК во Букурешт постои Управа составена од 26 полициски и царински офицери, кои разменуваат разузнавачки информации собрани од националните безбедносни служби.

СЕЛЕК Центарот се состои од седум оперативни работни групи, како и подгрупи за сузбивање на сите облици на организиран криминал и тоа: работна група за сузбивање на трговија со луѓе и илегална миграција, работна група за сузбивање на недозволена трговија со дрога, работна група за сузбивање на криминалот со украдени возила , за финансиски и за компјутерски криминал, работна група против тероризмот, работна група за царински и комерцијални измами и работна група за таканаречени “container security” во која партиципираат претставници од царинските служби од земјите членки на СЕЛЕК .[80]

Денес 13 држави се членки на СЕЛЕК меѓу кои и Република Македонија. Националната канцеларија за СЕЛЕК е формирана во 2004 година во рамките на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, во чиј состав има офицер за врска од МВР и од Царинската управа при Министерството за финансии.

### 2.4.Агенција за координирање и соработка меѓу земјите членки на Европската Унија на полето на гранична безбедност - ФРОНТЕКС ( Frontieres exterieures - FRONTEX )

Агенцијата ФРОНТЕКС започна со оперативна работа на 03.10.2005 година со седиште во Варшава, Полска. Како тело на Европската Унија,

---

[80] Митиќ К. – *Организираниот криминал-невоена закана за Југоисточна Европа, Бранко Гапо, Скопје, 2013, стр.223*

ФРОНТЕКС има специјализирана оперативна структура во насока на унапредување на соработката на безбедносните служби на земјите членки на оперативен план, а со цел на ефикасно обезбедување на надворешните граници на ЕУ.

ФРОНТЕКС промовира пан - европски модел на интегрирано гранично управување и овозможува размена на разузнавачки информации помеѓу земјите членки на ЕУ поврзани со трговијата со луѓе и илегалната миграција. ФРОНТЕКС исто така овозможува соработка меѓу полициските, граничните и царинските служби на земјите членки на ЕУ, како и соработка со трети земји во насока на оперативно следење и анализа на ризикот од незаконско преминување на државите граници.

Основни активности на ФРОНТЕКС се:

-Јакнење на слободата и безбедноста на граѓаните на ЕУ преку надополнување на националните системи за гранично управување на земјите членки ;

-Тој е доверлив оперативен европски координатор и контрибутор кој целосно е почитуван и поддржуван од земјите членки и надворешните партнери ;

-Оперативните активности на ФРОНТЕКС се од разузнавачка природа;

-Оваа организација е клучен играч во имплементацијата на концептот на интегрирано гранично управување на ЕУ.[81]

Заради поефикасно извршување на задачите оваа оперативна агенција е во постојана соработка со други меѓународни организации, одговорни за безбедноста на ЕУ.

---

[81] http://www.frontex.net.

# VI ГЛАВА

## 1.Република Македонија и трговијата со луѓе

### 1.1.Организираниот криминал во Република Македонија

После распадот на СФРЈ, во Република Македонија како и во останатите посткомунистички држави, следеше период на транзиција, промена на политичкиот и економскиот систем проследен со сиромаштија и губење на работните места, лоша политичка клима, недоверба кон институциите на системот, закони некомпатибилни со Европското законодавство. Следуваше трговското ембарго наметнато од Република Грција, војните во екс Југословенските Републики, Косовската криза во 1999 година и воениот конфликт во Република Македонија во 2001 година. Политичките елити се концетрираа исклучиво на политичката борба за освојување на власта, без да ги јакнат државните капацитети за справување со ризиците и заканите по националната безбедност. Носителите на јавни функции имаа широки дискрециони права надвор од системските решенија, располагаа со големи буџетски средства, а сето тоа беше проследено со злоупотреби на службенита положба и овластувањата.

Сето ова создаде поволни услови за развој на организираниот криминал и појава на добро организирани криминални групи. Организираниот криминал во Република Македонија почна да егзистира во сите негови облици. Со оглед на болната приватизација најзастапен беше така наречениот криминал на “ белите јаки ”, односно финансискиот криминал, но не отсуствуваше ниту насилниот криминал, особено во Западна Македонија, застапен преку изнудите, уцените, вооружените грабежи и киднапирањата. Се појави недозволената трговија со дрога, трговијата со луѓе, трговијата со украдени моторни возила, предмети од културно историско значање. Неопходност стана Република Македонија да ги зајакне капацитетите за борба против организираниот криминал и да изврши

синхринизација на домашното законодавство со Европското, преку измени и дополнувања на Кривичниот Законик и Законот за кривична постапка.

Од исклучително значање за документирање на кривично правните настани беше воведувањето на членот 252 во Законот за кривична постапка, со кој е предвидена примена на "посебни истражни мерки,"[82]со кој се овозможува следење и снимање на телефонски и други електронски комуникации, следење или снимање на дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом, тајно следење и снимање на лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловниот простор означен како приватен, таен увид или пребарување во компјутерскиот систем и низа други дејствија, со кои на безбедносно разузнавачките служби им е олеснета работата во прибирање на податоци во функција на справување со организираниот криминал.

Меѓутоа, сеуште егзистира појавата на вработување на партиски војници во безбедносно разузнавачките служби, наместо да се едуцира стручен и квалитетен кадар во овој сензитивен сектор, заради постигнување на подобри резултати во сузбивањето на организираниот криминал.

Преку оспособување на стручен кадар во безбедносно разузнавачкиот сектор, негово техничко и материјално опремување, координација на овие служби и нивна соработка со сродните служби од регионот и пошироко, Република Македонија ќе даде свој придонес во борбата за сузбивање на овој феномен.

### 1.2.Состојби со трговијата со луѓе во Република Македонија

Република Македонија е мала земја, сместена во средината на Балканот и како таква, претставува раскрсница на патиштата по кои се одвиваат трговијата со дрога и трговијата со луѓе. Со оглед на фактот дека изминатиот период беше многу тежок, болна транзиција, војните во СФРЈ и воениот конфликт во 2001 година на територијата на нашата земја, се зголеми социјалната несигурност, сиромаштијата, невработеноста, а сето тоа придонесе трговијата со луѓе да стане една од главните активности на криминалните групи во земјава и регионот.

[82] Закон за Кривична постапка ( Службен весник на РМ бр.15/05 )

Република Македонија долго време се сметаше за земја на транзит и главна дестинација на жртвите, меѓутоа горе наведените фактори придонесоа, денес, Македонија се повеќе да биде земја на потекло на жртвите и транзитна земја, а се помалку земја на дестинација на жртвите на трговија со луѓе. Најголем дел од жртвите на кои дестинација им беше нашата држава, беа жени од Молдавија, Романија, Украина, Бугарија и Русија и истите беа сексуално експлоатирани, најчесто во западниот дел на Републиката, во стрптиз баровите и ноќните клубови. Исто така, забележана беше појава на жени и девојки заради проституција со потекло од Источна Македонија во нејзините западни делови. Мора да се истакне дека бројот на лица кои завршуваат во Република Македонија заради сексуална и работна експлоатација е се помал, но тоа се должи повеќе на лошата економска состојба во државата, отколку на организиран настап на институциите во борбата против оваа појава. Жртвите, најчесто од Молдавија и Украина доаѓаат во državава од каде се транспортираат преку Косово во земјите на Европската Унија, или пак во Босна и Херцеговина, Турција, а помал дел остануваат во Западна Македонија. За жал, во последните неколку години бројот на млади луѓе кои ја напуштиле Република Македонија е се поголем. Младите од сите региони на државава, а најмногу од источниот дел заминуваат по подобар живот во Западна Европа и прекуокеанските земји. Опасноста дел од нив да завршат како жртви на трговија со луѓе постои, па затоа неопходно е постојано да се едуцира населението за ризикот од овај феномен, преку медиумски кампањи, семинари, курсеви, при што активно учество треба да земат сите институции за борба против трговија со луѓе и невладините организации.

Во Март 2001 година Владата на Република Македонија донесе Одлука[83] за формирање на Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција.

Националната комисија има задача да ги координира институциите за борба против трговијата со луѓе. За таа цел, на секои четири години, Националната комисија изработува Стратегија за борба против трговијата со луѓе, како и Акциски план за борба против трговијата со луѓе и Акциски план за борба против трговијата со деца.

[83] Одлука на Влада на РМ (службен весник бр. 18/2001)

Во Ноември 2002 година беше донесена Националната програма[84] за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија, со што нашата држава покажа одлучност во борбата против модерното ропство. Во наредниот период треба уште повеќе да се зајакнат капацитетите во насока на спречување на овај облик на организиран криминал, при што посебен акцент треба да се стави на разузнавачко безбедносните служби, како носители  на активностите за превенирање и санкционирање на овој феномен.

## 1.3.Правна рамка за борба против трговијата со луѓе

Република Македонија е вклучена во напорите на меѓународната заедница во борбата против трговијата со луѓе и илегалната миграција. Конвенцијата на Обединетите Нации против транснационалниот организиран криминал, од Палермо 2002 година,  како и Протоколите против трговија со луѓе и криумчарење мигранти се ратификувани од Собранието на Република Македонија во 2004 година. Нашата држава исто така гради билатерални релации во насока на сузбивање на трговијата со луѓе и како резултат на тоа има потпишано и ратификувано Договори за соработка во борбата против организираниот криминал и илегалната миграција со Албанија, Србија, Црна Гора, Бугарија, Словенија, Романија, Украина, Швајцарија, Франција, Норвешка. Цел на овие Договори е да се зацврсти соработката во превенирањето и сузбивањето на организираниот криминал, преку директна комуникација на Министерствата за внатрешни и надворешни работи на договорните страни. На основа на горе наведените Договори, потпишани се и Протоколи за дефинирање на правците и начините за соработка во областа на контролата на државните граници помеѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и релевантните Министерства на  Грција, Албанија и Бугарија. Како резултат на тоа  Република Македонија одржува редовни и итни состаноци  со соседите во насока на подобрување на соработката во борбата против трговијата со луѓе и

---

[84] Национална програма за борба против трговија со луѓе и илегална миграција (службен весник на РМ бр.10/2002

илегалната миграција. Во изминатиот период Република Македонија правеше напори да го синхронизира домашното законодавство со Европското. Во членот 418 од Кривичниот Законик предвидена е казна затвор од 6 месеци до 5 години за тој што ќе стави во ропски или нему сличен однос друго лице, спротивно на меѓународното право.[85] Во 2002 година Собранието на Република Македонија го дополни членот 418 од Кривичниот Законик, со членовите 418-а; 418-б; и 418-в. Во членот 418-а предвидена е казна затвор од најмалку 4 години за онај што со сила или закана врбува, превезува или пак купува лице заради сексуална или работна експлоатација, во членот 418-б се предвидени санкции за криумчарење на мигранти, а во членот 418-в се предвидени строги затворски казни доколку ова дело го стори група или банда.[86] Во 2008 година додаден е член 418-г, со кој се предвидува казна затвор од најмалку 8 години за сексуална и работна експлоатација на малолетни лица и за недопуштено ( незаконско) пресадување на делови од човечкото тело.[87]

Илегалните миграции се регулирани со Законот за неовластен премин на државната граница и движење блиску државната граница[88] и Законот за движење и престој на странци.[89]

Во членовите 166 и 167 од Кривичниот Законик предвидени се санкции за повреди на правата од работен однос и социјално осигурување, во насока на спречување на работната експлоатација.

Во членот 191 од Кривичниот Законик предвидени се санкции за посредување во вршење проституција, а во членот 186 за силување.

Ова значи дека во Република Македонија постои добра правна рамка за борба против трговијата со луѓе, а од стручноста, способноста, вештините на институциите задолжени за борба против ова појава, како и од политичката волја на лидерството на земјата, зависи какви ќе бидат резултатите во справување со криминалните групи кои се занимаваат со овај облик на организиран криминал.

---

[85] Кривичен Зконик на Република Македонија
[86] Измени и дополнување на Кривичниот Законик на Република Македонија (службен весник на РМ бр.07-195/1 од 16.01.2002 год.)
[87] Измени и дополнување на Кривичниот Законик на Република Македонија (службен весник на РМ бр. 07/08 од 15.01.2008 год.)
[88] Закон за неовластен премин на државната граница и движење блиску државната граница (службен весник на РМ бр. 36/92; 66/92; 26/93; и 45/02)
[89] Закон за движење и престој на странци (службен весник на РМ бр. 36/92; 66/92; 26/93; и 45/02)

## 1.4.Институции за сузбивање на трговија со луѓе во Република Македонија

Трговијата со луѓе тешко се идентификува бидејќи жртвите се плашат да пријават до надлежните институции, воопшто да зборуваат за нивните страдања или да сведочат на суд, пред се заради тоа што криминалните структури брутално постапуваат со нив. Од тие причини, од голема важност е разузнавачко безбедносните служби да соберат квалитетни, точни и навремени информации, како за криминалните структури кои се занимаваат со овај феномен, нивната структура и финансиска моќ, така и за жртвите на трговија со луѓе, нивниот социјален статус и правците на нивното движење. Безбедносно разузнавачките служби кои собираат информации во насока на сузбивање на трговијата со луѓе дошле до сознание дека од голема важност за изработување на заедничка стратегија во борбата против трговија со луѓе, како и заради соработка со останатите органи и невладини институции заради заштита на жртвите на трговија со луѓе е да се формира Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција.

Освен Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција останати државни институции кои се во функција на сузбивање на трговија со луѓе во Република Македонија се: Агенцијата за разузнавање, Управата за безбедност и контраразузнавње, Криминалистичката полиција и Граничната полиција кои се во рамките на Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана преку Военатa служба за безбедност и разузнавање, Министерството за финансии преку Финансиската полиција, Царинската управа и Дирекцијата за спречување на перење пари, како и Јавното обвинителство на Република Македонија.

Центрите за социјална работа и невладините организации првенствено ги имаат насочено своите активности кон помош на жртвите од трговија со луѓе и нивна ресоцијализација, а помалку кон откривање и документирање на кривично правните настани од областа на трговија со луѓе, додека пак собирањето на разузнавачки информации во функција на сузбивање на трговијата со луѓе, не е нивна обврска.

Судовите во Република Македонија треба да претставуваат органи кои во своите пресуди оценуваат дали безбедносно разузнавачките служби и Јавното обвинителство собрале релевантни податоци и со квалитетни докази го документирале кривично правниот настан, или пак одбраната на обвинетите успеала да ја докаже нивната невиност. Доколку судовите се стават во функција на орган кој се бори да го сузбие организираниот криминал, постои опасност пресудите да не бидат правни, правични и праведни. Во демократско општество, судовите претставуваат независна власт која не застанува на ничија страна, освен на страната на правдата и правото, ослободени од секакви странични влијанија. Затоа судството може да дава правни совети на институциите кои се борат против организираниот криминал заради поквалитетно документирање на кривично правните настани, но не и да земат активни учество во борбата за сузбивање на овој феномен.

### 1.4.1.Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција

Националната комисија за борба против трговија со луѓе е институцијата во која разузнавачко безбедносните служби врз основа на информациите со кои располагаат треба да усвојат заедничка стратегија во функција на сузбивање и превенција на трговијата со луѓе, како и да соработуваат со останатите служби и органи во насока на заштита на жртвите на овој феномен. Ова е од исклучителна важност бидејќи за ефикасна борба против оваа асиметрична закана потребно е да се хармонизираат активностите на сите безбедносни служби кои собираат разузнавачки информации во функција на сузбивање на трговијата со луѓе, особено заради тоа што разузнавачките служби во Република Македонија немаат заеднички аналитички центар, ниту пак постои тело во кое ќе се слеваат сите разузнавачки информации поврзани со трговијата со луѓе.

Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција е формирана во 2001 година. Основни цели на оваа комисија се да ги координира сите активности на институциите во насока на сузбивање на

трговија со луѓе, да ја следи и анализира состојбата на овој облик на организиран криминал и да соработува со меѓународни и невладини организации заради спречување на трговијата со луѓе. На чело на ова комисија стои Национален координатор, а во негово отсуство со комисијата претседава заменик Национален координатор. Членови на Националната комисија се претставници на Единицата за борба против трговија со луѓе и Граничната полиција при МВР, на Министерствата за надворешни работи, труд и социјална политика, образование и наука, правда, здравство, како и претставници на Јавното обвинителство, Основен суд - Скопје 1 и Царинската управа. Извршно тело на Националната комисија е Секретаријатот, кој се состои од претставници на МВР - Единица за трговија со луѓе, Министерство за труд и социјална политика, Национален механизам за упатување на жртвите на трговија со луѓе и Агенција за спорт и млади. Во Секретаријатот претставници имаат и меѓународните организации ИОМ, ОБСЕ, ИЦМПД, УНИЦЕФ, УНХЦР, МАРРИ, како и Амбасадите на Обединетото Кралство, САД и Шведска. Во работата на Секретаријатот активно учество имаат и невладини организации, а по потреба тој може да биде проширен со нови активни членови. Во состав на Националната комисија од 2003 година функционира Подгрупа за борба против трговија со деца, чија основна цел езаштита на децата од криминалните групи кои се занимаваат со трговија со луѓе, како и заштита од сите облици на експлоатација. Во оваа Подгрупа има претставници од МВР - Единица за трговија со луѓе и криумчарење мигранти и Сектор за гранични работи и миграции, Министерство за труд и социјала, Министерство на образование и наука, меѓународните организации УНИЦЕФ, ИОМ, ОБСЕ, ИЦМПД, повеќе невладини организацции и заменик Народен правобранител за заштита на детските права. Од неодамна во состав на Националната комисија функционираат Локални комисии за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Битола, Тетово и Штип.

Во Националната комисија и во нејзините работни тела нема претставници на Агенцијта за разузнавање, Управата за безбедност и контра разузнавање, Воената служба за безбедност и разузнавање, иако овие агенции имаат постојани активности во насока на сузбивање на трговијата со луѓе.

### 1.4.2. Агенција за разузнавање

Агенцијата за разузнавање започна со работа во 1997 година, со основна цел да собира, систематизира, обработува и анализира податоци за безбедноста на државата, првенствано заради заштита од надворешните закани по националната безбедност. Со Агенцијата раководи директор, именуван од Претседателот на Република Македонија, со мандат од 4 години. Владата на Република Македонија може да побара одговорност од директорот за работата на Агенцијата, но за негово разрешување одлучува Претседателот на Републиката. Агенцијата има седум организациони единици и тоа:

*-Одделение за меѓународна соработка.*

*-Дирекција за оперативни работи.*

*-Дирекција за меѓународен тероризам и организиран криминал.*

*-Дирекција за аналитика.*

*-Дирекција за техничко разузнавање и поддршка.*

*-Дирекција за безбедност.*

*-Дирекција за општи работи.*[90]

Агенцијата собира информации, користејќи различни методи и начини, кои се од витално значање за безбедноста на државата, вклучувајќи го тероризмот и сите облици на организиран криминал. Трговијата со луѓе како еден од најтешките облици на организиран криминал е предмет на интерес на Агенцијата за разузнавање, но и покрај тоа оваа служба нема свој претставник во Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција. Дополнителна тешкотија е тоа што Агенцијата за разузнавање е под ингеренции на Претседателот на државата, а останатите безбедносно разузнавачки служби под ингеренции на Владата, а не постои тело кое ќе ги координира активностите на целокупната разузнавачко безбедносна заедница, ниту пак постои заеднички аналитички центар. Бидејќи Агенцијата собира информации кои се во функција на поддршка на другите институции во борбата против трговијата со луѓе, се поставува прашањето на кој начин Агенцијата ќе се вклучи во борбата против трговијата со луѓе и останатите облици на организиран криминал, односно како информациите собрани од

---

[90] Бакрески О. - *Контрола на безбедносниот сектор*, Филозовски факултет, Скопје, 2008, стр.129

Агенцијата за разузнавање ќе бидат од полза за останатите државни служби, ако се има во предвид дека Агенцијата нема свој претставник во Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција. Без информациите на Агенцијата за разузнавање, другите служби вклучени во борбата против трговија со луѓе се хендикепирани во градењето на стратегија за среднорочни и долгорочни активни мерки за сузбивање на трговијата со луѓе, како екстреман облик на организиран криминал.

### 1.4.3.Министерство за внатрешни работи

Во рамките на Министерството за внатрешни работи функционираат Управата за безбедност и контраразузнавање и Бирото за јавна безбедност во чиј состав е Криминалистичката полиција. Ова се двата главни столба на безбедносно разузнавачката заедница на Република Македонија задолжени за собирање, складирање и обработка на информации во насока на сузбивање на трговијата со луѓе. Во рамките на Министерството за внатрешни работи востановена е и функционира Национална криминалистичко разузнавачка база на податоци, во која се доставуваат, обработуваат и безбедно се чуваат криминалистичко разузнавачки податоци за потребите на домашните безбедносни служби и соработка со странски субјекти. [91] Со базата управува Комисија, а пристап до базата заради доставување и обработка на податоци за лица сторители на кривични дела, кривично правни настани или криминални појави освен МВР имаат и Царинската управа, Управата за финансиска полиција, Јавното обвинителство, Управата за јавни приходи, Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

[91] Закон за криминалистичко разузнавачка база на податоци – Службен весник бр.120 од 02.10.2009год.

#### 1.4.3.1.Управа за безбедност и контраразузнавање - УБК

Управата за безбедност и контраразузнавање функционира во рамките на Министерството за внатрешни работи, а со неа раководи директор назначен од Владата со мандат од 4 години. Оваа служба собира, обработува, анализира информации и извршува други активности во насока на заштита од шпионажа, тероризам и тешки форми на организиран криминал и други загрозувања на демократските институции утврдени со Уставот на Републиката.

Во рамките на УБК егзистираат седум организациони единици :

*-Оддел за контраразузнавање.*

*-Оддел за заштита на уставното уредување и спротиставување на тероризам.*

*-Оддел за антитероризам и деминирање.*

*-Оддел за координација и поддршка.*

*-Оддел за заштита од тешки форми на организиран криминал.*

*-Оддел за оперативна техника.*

*-Оддел за анализа и истажување.*[92]

УБК има значајна улога во сузбивањето на трговија со луѓе преку работата на Одделот за заштита од тешки форми на организиран криминал. За таа цел УБК има овластување и законска обврска да ги користи сите легални начини за собирање на информации, а оперативните работници на Управата имаат должност да изградат квалитетна оперативна мрежа заради ефикасна борба против трговијата со луѓе. И покрај тоа УБК нема свој претставник во Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција. Иако УБК и Криминалистичката полиција се во составот на МВР, тие немаат заеднички аналитички центар во кој ќе се слеваат разузнавачките информации, а координацијата на овие две служби ја врши Министерот за внатрешни работи преку директорите на УБК и Бирото за јавна безбедност (БЈБ). Тело кое ќе обезбеди координација на активностите на Агенцијата за разузнавање, УБК и Криминалистичкото разузнавање нема, а нивната соработка е отежната од причина што УБК и Криминалистичка полиција како дел од

---

[92] Врз основа на лично искуство, како советник во Бирото за јавна безбедност во 2007год.

МВР се под ингеренции на Владата, а Агенцијата за разузнавање под ингеренции на Претседателот на државата.

### 1.4.3.2.Криминалистичка полиција

Во рамките на Централните полициски служби ( ЦПС ) при Министерството за внатрешни работи егзистира Одделот за борба против организиран и сериозен криминал. Овај Оддел е составен од седум организациони единици:

*-Сектор за финансиски криминал.*

*-Сектор за корупција.*

*-Сектор за недозволена трговија со луѓе.*

*-Сектор за прикриени човечки извори на информации.*

*-Сектор за криминалистичко разузнавачка анализа за организиран криминал.*

*-Сектор за прикриени операции.*

*-Сектор за трговија со луѓе и илегална миграција.*[93]

Во состав на Секторот за трговија со луѓе и илегална миграција функционираат : Одделение за трговија со луѓе и Одделение за илегална миграција.

Во регионалните Сектори за внатрешни работи постојат Одделенија на Криминалистичка полиција и Надворешни канцеларии на Криминалистичка полиција, кои меѓу другото имаат обврски да собираат информации и да документираат кривично правни настани од областа на трговија со луѓе.

Горе наведените организациони единици на МВР, заедно со Одделот за криминалистичко - технички вештачења, Секторот за известување и координација на состојби, Секторот за полициска соработка и Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика ја претставуваат криминалистичко разузнавачката заедница на Република Македонија.

Криминалистичко разузнавачките служби претставуваат најзначаен дел од системот за борба против организираниот криминал во сите негови облици.

---

[93] Врз основа на лично искуство, како началник на Криминалистичка полиција во Прилеп, период 2002 -2006 година

Во состав на овие служби работат оперативци специјализирани за борба против сите форми, видови и облици на организиран криминал, вклучувајќи ја и трговијата со луѓе како најбрутален облик на организиран криминал. Разузнавачките информации кои ги собираат оперативните работници на Криминалистичка полиција, користејќи ги сите методи и техники за собирање на информации овозможуваат документирање на најтешките кривични дела поврзани со трговија со луѓе и процесуирање на кривични постапки пред надлежните судови. Од информациите собрани од Криминалистичката полиција, квалитетот на криминалистичко разузнавачката анализа на појавата трговија со луѓе, зависи долгорочната стратегија за институционално сузбивање на оваа појава, меѓутоа и превземање на конкретни оперативно тактички акции за прекинување на активностите на криминалните групи кои профитираат од трговијата со луѓе. Криминалистичка полиција има капацитет да собира, систематизира, обработува и анализира информации, меѓутоа и да обезбедува докази, врз основа на кои треба да им се застане на патот на криминалците. Квалитетот на доказите собрани во истражната постапка е предмет на оценка на надлежните судови.

Криминалистичка полиција учествува во работата на Националната комисисија за борба против трговија со луѓе, Секретаријатот на Националната комисија и Подгрупата за борба против трговија со деца.

### 1.4.3.3.Гранична полиција

Во рамките на Бирото за јавна безбедност при МВР, функционира Сектор за гранични работи и миграции на чие чело стои диретор назначен од министерот, а во согласност со директорот на БЈБ.

Освен овај Сектор, во состав на Граничната полиција се:

*-Регионален центар за гранични работи - Север,* задолжен за контрола на границата со Република Србија и Косово.

*-Регионален центар за гранични работи - Запад,* задолжен за контрола на државната граница со Република Албанија.

-*Регионален центар за гранични работи - Југ*, задолжен за контрола со границата со Република Грција.

*Регионален центар за гранични работи - Исток*, задолжен за контрола на државната граница со Република Бугарија.

Овие Регионални центри се раководени од началници, кои за својата работа одговараат на директорот на БЈБ и министерот за внатрешни работи.

Во надлежност на Граничната полиција е проверка и контрола на лицата кои ја минуваат државната граница и оперативна координација на интегрираното гранично управување.[94]

Граничната полиција е поврзана со Царинската управа и Министерството за одбрана, преку Националниот систем за Граничен Мониторинг.

Криминалистичката полиција има свои Надворешни канцеларии во состав на Граничната полиција, заради водење на истраги во врска со кривични дела од областа на трговија со луѓе и илегална миграција. На ваков начин работниците на криминалистичкото разузнавање се во можност секојдневно да разменуваат информации поврзани со трговијата со луѓе со полицајците кои се во состав на Граничната полиција и истите да ги достават до Секторот на аналитика на криминалистичкото разузнавање.

Граничната полиција учествува во работата на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, преку претставници на Секторот за гранични работи и миграции.

### 1.4.4.Воена служба за безбедност и разузнавање

Воената служба за безбедност и разузнавање е формирана во рамките на Министерството за одбрана, со цел да го спроведува разузнавањето, контраразузнавањето и безбедноста за потребите на одбраната. Оваа служба има задача да собира, систематизира и анализира податоци за откривање и сузбивање на тероризмот, шпионажата, саботажата и субверзивнита активности насочени кон вооружените сили на Армијата на Република Македонија. Доколку

[94] Влада на Р. Македонија – *Национална стратегија за интегрирано гранично управување*, Скопје, 2009

Воената служба за безбедност и разузнавање дојде до податоци за било какви облици на организиран криминал, како што е недозволената трговија со луѓе, преку офицерите за врска со другите безбедносно разузнавачки служби на државата, овие податоци ги доставува до Министерството за внатрешни работи. Воената служба за безбедност и разузнавање нема свои претставници во Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција.

### 1.4.5.Министерство за финансии

Министерството за финансии е вклучено во борбата против трговијата со луѓе како облик на организиран криминал, преку Финансиската полиција, Царинската управа и Дирекцијата за спречување на перење на пари.

***Финансиска полиција***

Финансиската полиција собира, систематизизра и анализира информации и спроведува кривичен прогон за сторителите вклучени во криминални активности како перење пари, даночно затајување, криумчарење и други кривични дела од областа на организираниот криминал, како што е трговијата со луѓе. Од причина што криминалните групи се во постојан обид, парите што ги стекнале од трговија со луѓе, да ги вклучат во легалните финансиски текови, Финансиската полиција има значајно место во сузбивањето на овој облик на организиран криминал. Затоа оваа служба треба да биде во постојана комуникација со останатите безбедносни служби, во функција на спречување на трговија со луѓе.

***Царинска ӣрава***

Царинската управа има обврска да се бори против против трговијата со луѓе, недозволената трговија со дрога и оружје, недозволена трговија со стоки за широка потрошувачка, криумчарење и други облици на криминал. Работниците на посебните царински екипи имаат посебни должности и овластување да собираат разузнавачки информации како и да вршат преглед, претрес на возила, лица и објекти во насока на откривање и документирање на кривичните дела повзани со трговија со луѓе.

***Дирекција за сӣречување на ӣерење на ӣари***

Оваа Дирекција собира, систематизира и анализира информации и врши кривичен прогон на лицата кои се занимаваат со перење пари. Криминалните структури, нелегално стекнатите пари од трговија со луѓе секогаш се стремат да ги исперат и да ги вложат во легални бизниси, па затоа оваа Дирекција има битна улога во сузбивањето на трговијата со луѓе. Заради спречување на феноменот трговија со луѓе, Дирекцијата треба разменува информации и да превзема заеднички активности со останатите државни служби задолжени за кривичен прогон.

**1.4.6.Јавно обвинителство**

Јавното обвинителство на Република Македонија претставува независен и самостоен државен орган кој го спроведува кривичното гонење на сторителите на кривични дела пред надлежните судски органи. Од 2004 година во состав на Јавното обвинителство егзистира специјализирано одделение за гонење на сторителите на кривични дела од областа на организираниот криминал, кое во 2008 година прерасна во Јавно обвинителство за организиран криминал и корупција. Јавното обвинителство не е орган непосредно задолжен за собирање на разузнавачки информации, но во крајна линија овај орган ги застапува кривичните пријави кои што произлегле од безбедносно

разузнавачките служби како разултат на предходно добиените квалитетни разузнавачки информации. Со измените на Законот на кривична постапка, Јавното обвинителство е овластено да дава наредби до безбедносните служби за примена на посебни истражни дејствија, со што во голема мерка се олеснува собирањето на разузнавачки информации од страна на разузнавачките служби во функција на сузбивање на трговијата со луѓе. Ова значи дека за ефикасна борба против трговијата со луѓе, Јавното обвинителство мора непосредно да соработува со безбедносно разузнавачките служби, особено со работниците на Криминалистичкото разузнавање.

### 1.5.Координација на безбедносно разузнавачки служби на Р М во функција на сузбивање на трговија со луѓе

Координација на безбедносно разузнавачките служби заради сузбивање на тргивијата со луѓе е неопходна и треба да се остварува на секојдневна основа. Координацијата на безбедносно разузнавачката заедница на Република Македонија треба да биде во функција на размена на разузнавачки информации, градење на заедничка стратегија за сузбивање на трговијата со луѓе, но и заради превземање на заеднички оперативно тактички активности за документирање на кривично - правните настани од областа на трговија со луѓе. За таа цел е формирана Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Република Македонија. Меѓутоа во оваа Комисија свои претставници немаат УБК, Воената служба за безбедност и разузнавање, Агенцијата за разузнавање, ниту пак безбедносните служби при Министерството за финансии: Финансиска полиција, Царинска управа, Дирекција за спречување на перење пари. Единствени служби на разузнавачко безбедносната заедница на Република Македонија кои учествуваат во работата на Националната комисија се Криминалистичката полиција и Граничната полиција. Овие две служби се во состав на БЈБ при МВР и остваруваат координација со УБК преку министерот за внатрешни работи и директорите на Јавна и Државна безбедност. Меѓутоа БЈБ и УБК немаат заеднички аналитички центар со што е отежната разузнавачката анализа, на стратешко

и тактичко ниво. Агенцијата за разузнавање е под ингеренции на Претседателот на Република Македонија, а останатите безбедносно разузнавачки служби под ингеренции на Владата, па од тие причини останува празнина во координацијата на овие служби заради сузбивање на трговијата со луѓе, особено затоа што не постои тело што ја координира безбедносно разузнавачката заедница во државава. Ова е понагласено во ситуација кога Претседателот и Владата на Република Македонија се од различни политички опции, па сведоци сме во минатото на ситуации, кога УБК и Агенцијата за разузнавање се однесуваа како ривалски служби. Воената служба за безбедност и разузнавање не учествува во работата на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, па затоа нема институционална можност секојдневно да разменува информации со останатите разузнавачки агенции задолжени за сузбивање на трговијата со луѓе, туку тоа го прави инцидентно преку своите офицери за врска. Во услови кога службите кои што собираат разузнавачки информации немаат законска рамка да ги споделуваат постојано помеѓу себе информациите кои се однесуваат на криминалните групи кои се занимаваат со трговија со луѓе, нивниот општествен статус, финансиската положба, начините на кој се обидуваат нелегалните финансиски средства да ги внесат во легалните бизнис текови, како и информациите кои се однесуваат на жртвите, се намалува ефикасноста во сузбивање на трговијата со луѓе.

Националните безбедносно разузнавачки служби, соработката со сродните служби од регионот и светот, во функција на борба против трговијата со луѓе, ја остваруваат во согласност со Конвенцијта на Обединетите Нации против транснационалниот организиран криминал, Протоколите против трговија со луѓе и криумчарење мигранти, како и во рамките на билатералните Договори за соработка против организираниот криминал и илегална миграција и Протоколите за соработка во областа на контрола на државните граници.

## Заклучок

Крајот на минатиот Милениум донесе многу економски и политички промени, распад на комунистичкиот систем, блоковската поделеност престана да постои, ризикот од војна во класична смисла на зборот на тлото на Европа се сведе на минимум, но се појавија асиметричните закани, а организираниот криминал како главен нивни претставник има висок степен на ризик по националната безбедност. Истовремено развиените Западни држави го покренаа процесот на глобализација, а тоа се совпадна со развојот на современата комуникациска технологија, па светот се компресира и стана помал, полесно се превезуваат луѓе и стоки преку државните граници, лесно се остваруваат контактите и соработката помеѓу наднационалните организации. Меѓутоа, процесот на глобализација ја засили разликата помеѓу развиените и неразвиените држави, дополнително произведе сиромаштија и глад, лоши економски и социјални услови за живеење во многу делови од светот. Истовремено се олесни трансферот на дрога, оружје, пари и луѓе, па организираниот криминал доби можност да соработува над националните граници во потрага по се поголем профит. Валканите пари со кои се стекнуваат организираните криминални структури отвораат можност за нивно влијание врз политичките партии, државните институции и институциите од безбедносниот сектор, како и врз општеството во целина. Корупцијата претставува главна алатка за опстојување на организираниот криминал, овозможува сигурност на криминалните активности, односно заштита на истите од државниот апарат. На тој начин се рушат државните институции, престанува да владее правото, се дестабилизира државата, а граѓаните стануваат несигурни и со перцепција дека нема кој да ги заштити и нема каде да ги бараат своите права. Ова особено дојде до израз во посткомунистичките земји на Источна Европа каде процесот на транзиција на општеството не е завршен во целост, бедата и сиромаштијата го достигнаа својот максимум, а организираниот криминал влезе во сите пори на општеството со сите негови облици, а според силата, финансиската моќ и бруталноста ги надмина своите конкуренти од развиениот Запад.

Невработеноста, сиромаштијата и безпарицата се главна причина за појавување на феноменот трговија со луѓе, како еден од најпрофитабилните и

најбруталните облици на организиран криминал. Трговијата со луѓе освен што носи големи профити на криминалните сруктури, го руши во целост интегритетот и дигнитетот на луѓето и ги загрозува човековите права. Овој феномен значи врбување, превоз, сместување на жртвите заради нивно сексуално или работно искористување, како и заради искористување на органите кои се вадат од телата на жртвите и се продаваат на црниот пазар. Трговијата со луѓе претставува еден од главните проблеми на современите општества кој во последните години зема се поголем замав. Особено алармантно станува тргувањето со жени и деца заради нивно сексуално искористување. Жртвите на трговија со луѓе можат да бидат насилно регрутирани, киднапирани, измамени од страна на криминалните структури кои ја користат нивната тешка социјална положба, или можат фиктивно да бидат задолжени со големи суми на пари кои не можата да ги вратат, па мораат да ги одработат за организираниот криминал. Регрутираните жртви преку земјите на транзит се превезуваат до крајната дестинација каде почнува фазата на експлоатација. При тоа криминалните структури вообичаено ги превезуваат жртвите на трговија со луѓе користејќи фалсификувани патни исправи и за себе и за жртвите.

Со ова се потврдува посебната хипотеза на овој труд, дека за настанување и развој на трговијата со луѓе влијае долгиот транзиционен период, осиромашувањето на голем дел од граѓаните, високиот степен на невработеност, а со тоа и порастот на социјалната несигурност, како и географската положба на Р.Македонија која е мост помеѓу Европа и Азија.

Сексуалното искористување на жртвите на трговија со луѓе е најчест облик на експлоатирање и носи профит од преку 13 милијарди американски долари годишно, а повеќе од неколку стотина илјади жени и девојки во Западна Европа и САД се принудувани на проституција секоја година. Мажите, жртви на трговија со луѓе се најчесто искористувани преку присилна работа иако и тие не се имуни на сексуална експлоатација. Најголем дел од жртвите кои се работно експлоатирани, без оглед на нивниот пол и возраст, потекнуваат од ниско развиените сиромашни земји и земјите каде што има воени конфликти, а нивното експлоатирање најчесто се случува во земјите на Европската Унија и САД. Организираните криминални групи, исто така

тргуваат со деца заради нивна сексуална и работна експлоатација, како и со бебиња кои се купуваат или киднапираат од сиромашните многудетни семејства и се продаваат на богати семејства во развиените земји. Трговијата со човечки органи е специфичен облик на организиран криминал кој се истакнува по својата бруталност и големите профити на криминалните структури.

Организираниот криминал во целина и трговијата со луѓе како негов специфичен облик мора да се разгледува мултидисциплинарно, да се превземат сите превентивни и репресивни мерки за негово сузбивање, да се искористат сите знаења и вештини на државните органи во спречување на криминалните групи кои се двигател на овие појави. Темел за ефикасна борба против трговијата со луѓе и ставање во функција на сите државни капацитети за сузбивање на овај феномен, претставуваат разузнавачките информации. Разузнавачките информации овозможуваат прецизно да се процени обемот на трговијата со луѓе, методологијата на работа на криминалните групи на национално и меѓународно ниво и врз основа на тоа да се изработат долгорочни стратешки, но и секојдневни тактички планови за сузбивање на ова појава. Основна задача на разузнавачките служби е да собираат, систематизираат, обработуваат и анализираат разузнавачки информации во функција на заштита на државата и нејзините граѓани од сите ризици и закани по безбедноста, вклучувајќи го и организираниот криминал и трговијата со луѓе како негов облик. Разузнавачките служби претставуваат инструмент на државата и нејзините политички авторитети за остварување на националната безбедност. Политичките лидери до кои разузнавачките служби ги доставуваат информациите во форма на готов разузнавачки продукт, носат одлуки за заштита на земјата од ризиците и заканите насочени кон нејзината безбедност, но тие информации можат да послужат и за остварување на предност на земјата врз нејзините противници и непријатели на полето на одбраната, развојот на техниката, економијата, технологијата и друго. Без разузнавачки информации невозможно е да се изгради долгорочна стратегија за борба против трговијата со луѓе, ниту пак да се изработат оперативно тактички планови за превземање на конкретни активности во рамките на законските овластува во функција на сузбивање на овој феномен. Според полето на дејствување безбедносно разузнавачките служби можат да

се поделат на разузнавачки, контраразузнавачки, криминалистички и воено разузнавачки служби. Сите тие, заедно со останатите институции на државата за борба против организираниот криминал треба да ги искористат своите капацитети во функција на сузбивање на трговијата со луѓе. Основна претпоставка за ефикасно спротивставување на овој феномен е разузнавачките служби да соберат квалитетни информации со користење на своите оперативно тактички методи и вештини. Тоа значи дека централно место во борбата против трговијата со луѓе имаат разузнавачките служби. Тие треба да собираат информации не само во функција на сузбивање на криминалните групи кои се бават со трговија со луѓе, туку и за начините за превенирање на овој феномен. Тука најголема улога треба да има криминалистичкото разузнавање, бидејќи овие служби собраните разузнавачки информации треба да ги ефектуираат со документирање на кривичните настани од областа на трговијата со луѓе и судско гонење на криминалците кои се занимаваат со ова појава, поткрепено со квалитетни докази. Разузнавачките информации кои ги собираат овие служби треба да се однесуваат на криминалните структури кои се занимаваат со трговија со луѓе, нивните водачи и поврзаноста со политичките и полициските авторите, нивната финансиска моќ и начините на кои се обидуваат нелегалните пари да ги внесат во легалните бизнис текови. Меѓутоа криминалистичките служби треба да обезбедат и разузнавачки информации кои се однесуваат на жртвите од трговија со луѓе, начините на кој тие се врбувани од криминалците, правците на нивното движење и начините на преминување на државните граници, како и обликот на експлоатација на жртвите и начинот на контрола врз истите. Криминалистичко разузнавачките служби користат повеќе проактивни оперативно тактички методи за собирање на разузнавачки информации во насока на сузбивање на трговијата со луѓе, како што е физичкото набљудување, врбување на информатори и соработници од редовите на криминалците, инфилтрирање на свои агенти во криминалните структури кои се занимаваат со трговија со луѓе, или пак користат техничка опрема за снимање на криминалците и пресретнување на нивната комуникацијата. За да собере квалитетни разузнавачки информации криминалистичкото разузнавање мора да има во својот состав интелегентни, способни, инвентивни и лојални

оперативци, меѓутоа и аналитичари експерти кои ќе можат собраните информации од агентите, да ги дешифрираат, селектираат, обработат и анализираат и во вид на готов разузнавачки продукт да ги интерпретираат пред полициските авторитети, а по потреба и пред политичките авторитети на државата. Реактивните дејствија кои ги превземаат криминалистичките служби се во насока на документирање на кривично правните настани од областа на трговија со луѓе, најчесто после пријавување на жртвите во фазата на експлоатација. Информации кои ги собираат разузнавачките служби се на два еднакво важни нивоа, сратешки и тактички. На стратешко ниво квалитетните разузнавачки информации овозможуваат стратешко размислување на криминалистичкото разузнавање за обемот на појавата трговија со луѓе и методологијата на работа на криминалните структури за да можат промислено да се распоредат ресурсите и долгорочно да се планираат мерки во насока на сузбивање на ова појава. На тактичко ниво разузнавачките информации треба да овозможат спречување на дејствијата на трговците со луѓе. За да можат правилно да ги искористат своите ресурси и да овозможат целиот потенцијал на државата да се стави во функција на сузбивање на трговијата со луѓе, разузнавачко безбедносните служби неопходно е да ги разменуваат разузнавачките информации кои се однесуваат на оваа појава, како во рамките на една држава, така и со сродните служби од регионот и светот, посебно заради тоа што овој феномен има наднационален карактер.

Оттука, можеме да заклучиме дека се потврди општата хипотеза на магистерскиот труд со која се тврдеше дека за ефикасно сузбивање на трговијата со луѓе потребно е разузнавачко - безбедносните служби да соберат квалитетни, навремени, прецизни и точни разузнавачки информации, како и потребата од континуирана размена на разузнавачките податоци помеѓу разузнавачките служби во Република Македонија но и со разузнавачките служби во регионот и пошироко во насока на сузбивање на оваа исклучително штетна појава, со што ќе се создадат услови за одржување на стабилност и безбедност во Република Македонија, во земјите од регионот но и во Западноевропските држави.

Меѓународната заедница прави напори за справување со трговијата со луѓе. Затоа во рамките на Организацијата на Обединетите Нации е донесена

Конвенција за борба против транснационалниот организиран криминал, како и Протокол за сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено со жени и деца и Протокол против криумчарење на мигранти. Постојат и повеќе меѓународни организации и безбедносно разузнавачки служби кои треба да ја олеснат соработката помеѓу државите во борбата против трговијата со луѓе. Република Македонија е вклучена во напорите на меѓународната заедница во борбата против трговијата со луѓе и илегалната миграција, заради што Собранието на Република Македонија во 2004 година ги ратификува горе споменатите Протоколи и Конвенцијата на Обединетите Нации. Во последните десетина години направени се и измени и дополнувања на домашното законодавство, со цел истото да стане компатибилно со Европското. Најголем напредок е направен со воведување на членот 252 во Законот за Кривична постапка, со кој е предвидена примена на " посебни истражни мерки " , со што на безбедносно разузнавачките служби им е олеснета работата во собирањето информации и документирањето на кривично правните настани од областа на организираниот криминал. Република Македонија заради ефикасно сузбивање на трговијата со луѓе на наднационално ниво, гради билатерални релации со повеќе држави врз основа на предходно потпишани Договори за соработка во борбата против организираниот криминал и илегалната миграција. Сепак, во Република Македонија се уште постои простор за подобрување на законската регулативе во насока на подобрување на координацијата помеѓу безбедносно - разузнавачките служби во сузбивање на трговијата со луѓе.

Заради горе изнесеното, можеме да заклучиме дека подобрувањето на законската регулатива во насока на подобра координираност на разузнавачко - безбедносните служби, во голема мера ќе го стесни просторот на организираните криминални групи кои се занимаваат со трговијата со луѓе и ќе ја спречи нивната ефикасност во спроведувањето на криминалните активности, што беше посебна хипотеза на овој труд.

Институции задолжени за собирање на разузнавачки информации во насока на сузбивање на трговија со луѓе во Република Македонија се Агенцијата за разузнавање, МВР преку Управата за безбедност и контраразузнавање, Министерството за финансии преку Финансиската

полиција, Царинската управа и Дирекцијата за спречување на перење на пари и Воената служба за безбедност и разузнавање. Јавното обвинителство иако не е разузнавачка служба, тоа ги застапува обвиненијата против трговците со луѓе пред надлежните судови после поднесени кривични пријави од разузнавачките служби, кои пак се резултат на квалитетни разузнавачки информации.

Агенцијата за разузнавање треба да собира информации првенствено од надвор за сите можни закани за националната безбедност, вклучително и за трговијата со луѓе. Бидејќи Агенцијата не е задолжена за кривичен прогон на криминалните структури кои се занимаваат со трговија со луѓе, таа треба разузнавачките информации кои се однесуваат на овој феномен да ги сподели со другите разузнавачки служби во Република Македонија.

Управата за безбедност и контраразузнавање е специјализирана служба за собирање на разузнавачки информации помеѓу другото и заради сузбивање на трговијата со луѓе. Во рамките на УБК се наоѓа Одделот за оперативна техника со што на Управата и дава можност да ја користи техниката како метод за собирање на информации во функција на сузбивање на трговијата со луѓе.

Криминалистичката полиција ги користи сите методи за собирање на разузнавачки информации кои ги користат и останатите разузнавачки служби, со таа разлика што криминалистичкото разузнавање мора да ги искористи тие информации во насока на документирање на криминалните дејствија на трговците со луѓе, односно да обезбеди доволно докази за кривичен прогон на истите. Криминалистичката полиција како и другите разузнавачки служи во светот собира разузнавачки информации во функција на сузбивање на трговијата со луѓе на две нивоа, стртешко и тактичко. На стратешко ниво квалитетните разузнавачки информации му овозможуваат на криминалистичкото разузнавање да направи правилна проценка за обемот на трговијата со луѓе, методологијата на работа на криминалните групи, а тоа создава услови за долгорочно планирање на активни мерки за сузбивање на оваа појава. На тактичко ниво разузнавачките информации треба да овозможат превземање на конкретни акции за сузбивање на трговијата со луѓе, односно апсење на криминалците и укажување на помош на жртвите на овој феномен.

Воената служба за безбедност и разузнавање собира разузнавачки податоци поврзани со безбедноста на вооужените сили и одбраната на државата. Доколку оваа служба добие податоци поврзани со трговијата со луѓе, истите преку офицерите за врска со останатите разузнавачки служби треба да ги достави до Министерството за внатрешни работи.

Финансиската полиција, Царинската управа и Дирекцијата за перење на пари функционираат во рамките на Министерството за финансии. Овие служби собираат информации првенствено за кривични дела од областа на финансискиот криминал и можат да имаат голем придонес во борбата против трговијата со луѓе, особено ако се има во предвид дека криминалните структури кои се занимаваат со оваа појава секогаш се стремат криминално заработените пари да ги исперат и да ги вклучат во легалните бизнис текови. Освен тоа мобилните црински екипи имаат овластувања да вршат преглед и претрес на возила, лица и објекти во насока на откривање на кривчни дела поврзани со трговија со луѓе.

За да можат институциите на државата успешно да се спротивстават на криминалните структури кои се занимаваат со трговија со луѓе мора непосредно да соработуваат во насока на размена на разузнавачки информации, градење на заедничка стратегија и превземање на конкретни заеднички активности за сузбивање на оваа појава. За таа цел во 2001 година Владата на Република Македонија донесе одлука за формирање на Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција. Основна задача на оваа Национална комисија е да ја следи и анализира состојбата со трговија со луѓе, да ги координира активностите на сите институции задолжени за борба против оваа појава и да соработува со меѓународни и невладини организации во насока на спречување на овој облик на организиран криминал. Меѓутоа единствена безбедносно разузнавачка служба која преку свои претставници учествува во работата на Националната комисија е Криминалистичка полиција преку Секторот за трговија со луѓе и илегална миграција и Граничната полиција преку преку Секторот за гранични работи и миграции. Овие две служби се дел од Бирото за јавна безбедност при Министерството за внатрешни работи. Останатите институции кои се застапени во Националната комисија не се задолжени за собирање на

разузнавачки информации и нивната активност во борбата против трговијата со луѓе има поинаква природа. Управата за безбедност и контраразузнавање ( УБК ) не учествува во работата на Националната комисија и иако функционира во рамките на Министерството за внатрешни работи, нема заеднички аналитички центар со Бирото за јавна безбедност ( БЈБ ), па впечаток е дека разузнавачките информации кои ги собира УБК не се доволно искористени од Националната комисија во насока на градење на стратегија и превземање на конкретни активности за сузбивање на трговијата со луѓе. Агенцијата за разузнавање пак е под ингеренции на Претседателот, а не на Владата на Република Македонија и често пати во минатото се однесуваше како конкуренстка служба на УБК. Со оглед на тоа што Агенцијата за разузнавање има обврска да прибира информации за спречување на организираниот криминал, нејасно е како тие информации ќе бидат од корист на Националната комисија и другите служби задолжени за борба против трговијата со луѓе. Воената служба за безбедност и разузнавање која работи во состав на Министерството за одбрана, како и службите во Министерството за финансии задолжени за борба против организираниот криминал, исто така не даваат свој придонес во работата во Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, па може да се заклучи дека и покрај сите напори, сепак, не се искористени сите државни капацитети во сузбивањето на трговијата со луѓе.

Од горе наведеното, може да се заклучи дека се потврди посебната хипотеза на магистерскиот труд, која гласеше дека ефикасното сузбивање на трговијата со луѓе во голема мера е детерминирано од посветеноста на државата и координираниста на нејзините институции во сузбивањето на овој вид организиран криминал

Во наредниот период, за да се обезбеди ефикасна работа на безбедносно разузнавачката заедница на Република Македонија потребно е да се формира орган или служба која ќе ги координира активностите на безбедносно - разузнавачкиот сектор, а во работата на тој орган преку свои претставници ќе земат учество сите безбедносно разузнавачки служби. Во рамките на таа служба треба да постои заеднички аналитички центар, во кој ќе се слеваат сите разузнавачки информации, со што ќе се избегне

дуплирање на капацитетите, но и ќе се добие јасна слика за активностите на криминалните структури, врз основа на што ќе може да се гради долгорочна стратегија за сузбивање на трговијата со луѓе како облик на организиран криминал, како и да се изработуваат опративно тактички планови и да се превземаат конкретни мерки и активности во функција на спречување на овој феномен. Овој орган, треба да биде независен и ослободен од влијанието на политичките авторитети. Затоа најцелисходно е неговото раководство да се избира од страна на пратениците, преку обезбедување на консензус на сите политички партии застапени во Собранието на Република Македонија, со што ќе се подобри законската регулативе во насока на подобра координираност на безбедносно - разузнавачките служби.

Исто така, неопходно е во работата на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција да земат учество и Агенцијата за разузнавање, Управата за безбедност и контраразузнавање, Воената служба за безбедност и разузнавање и безбедносните служби при Министерството за финансии. На овој начин, Националната комисија при донсување на одлуките и градењето на стратегија за борба против трговијата со луѓе ќе ги има на располагање разузнавачките информации на целокупната безбедносно разузнавачка заедница на Република Македонија, со што недвосмислено ќе стане многу поефикасна во своето работење, ќе овозможи подобра координација на државните институции и ќе може да ги искористи сите државни капацитети во функција на справување со феноменот на модерното ропство.

## Библиографија


Abadinsky H. – “*Organized crime*”, Nelson-Hall, Chicago, 1994

Albaneze J. –“ *Organized crime in America*”, Cincinnati, Ohio, 1989

Алета М. - *Трговина људима као облик организованог криминала*, Факултет правних наука, Бања Лука, 2009

Анѓелески М.- *”Основни криминалистички теоретски проблеми на борбата против организираниот криминалитет”, Правната држава и организираниот криминалитет* - научен проект на Правниот факултет во Скопје, Скопје, 1966

Арнаудовски Љ. Стојановски Т. – *“Трговија со луѓе - криминалитет”*, Скенпоинт, Скопје, 2002

Арнаудовски Љ. – “ Организираниот криминалитет - феномен на денешницата” МРКПК 2000/1-2, www.pravd.mk/wp-content/..../09/kriminalitet.pdf

Aras, S. –*“Korupcija”*, Pravnik, 41,1 (84), 2007

Apap, J.- “ *Counteracting Human Trafficking- Protecting the Victims of Trafficking*, European Conference on preventing and combating trafficking in human beings:Global chalenge for the 21th century, European Parliament”, Belgium, 2002

Andrijašević, R- “ *Razlike kao proizvod granica : (ne)zakonit boravak žena iz istočne Europe u Italiji, migracija, prostitucija i trgovina ženama*” // Treća. 6(2004[i.e. 2005]),2 ;

Altink, S. Stolen lives – *“Traditing women into sex and slavery”*. London : Scarlet Press ; New York : Harrington Park Press, 1995.

Background Paper for the Side Event “*The Role of Corruption in Trafficking in Persons*” at the Third Session of the Conference of State Parties to the United Nations Convention against Corruption (09-13 November 2009),

Babić J.- *“Zagrebačka mafija”*. Zagreb : TV Extra, 2004.

Батковски Т. –*“Разузнавачка и безбедносно-контраразузнавачка тактика”*, Јофи скен, Скопје, 2008

Бејатовиќ С –“ *Кривично процесно право* ”, Српско удружење за кривично право, Београд, 2003

Бојаниќ Н. – “*Трговина људским органима као облик организованог криминалитета*”, Факултет криминалистичких наука, Сараево, 2003

Бошковиќ М. – “ *Организовани криминалитет* ”, први део, Београд, 1998

Брошура – “ *Trafficking for forced labour, How to* monitor *the recruitment of migrant workers”*, ILO, Женева, 2006

Брошура – *“A global alliance forced labour, Global Report under the Follow up to the ILO Decaration on Fundamental Principles and Rights at work”*, ILO, Женева,

Борн Х., Ли И. – “Создавање отчетно разузнавање:*Правни стандарди и најдобри практики”*, Скенпоинт, Скопје, 2005

Вилијамс Фил - семинар на тема: Безбедност - Транснационалниот и националниот организиран криминал и меѓународната безбедност, Скопје, 1997,

Ганиќ М – *Улога Интерпола у борби против трговина људима,* Securitas, Сараево, 2002

Група автори : “Правната држава и организираниот криминал”, Правен факултет, Скопје, 1996

Група автори : *“Глобализацијата, мирот и безбедноста”*, Министерство за Одбрана на Р. Македонија, Филозофски факултет Скопје, 2008, Скопје

Добовшек Б. - *“Место и перспективе криминалистичких наука и криминалистичке професије”, Факултет криминалистичких наука,* Сараево, 2001

ЕВРОПОЛ –“Проценка на Европската Унија за заканите од организиран криминал, Хаг, 2006

EUROPOL – OCTA ( EU Organised Crime Threat Assessment ), Hag, June 2007

Игњатовиќ Д. - ” *Криминологија ”*, Полициска академија, Београд, 1992

Игњатовиќ Д. – “ *Организовани криминалитет ”*, Полициска академија, Београд, 1998

Kajzer G. - *Kriminologija*, Aleksandrija, Skopje, 1996

Камбовски В. – “Правда и внатрешни работи на Европската Унија, Правен факултет “Јустинијан Први” Скопје и “2-ри Август С”- Штип, Скопје, 2005

Камбовски В. - *Организиран криминал,* “2-ри Август С”-Штип, Скопје, 2005

Квигин Т. - *Да се види невидливото*, Магор, Скопје, 2009,

Kelly L.- *Stopping Traffic: Exploring the Exten of and Responses to Traf icking in Women form Sexual Exploitation in the U.K.*,Home Office, Police research Series, 2000

Kirshner J. – *“Globalisation and national security”*, New York, 2006

Котовчевски М. - *"Национална безбедност на Р. Македонија" ( 1, 2 і 3 дел)*, Македонска цивилизација, Скопје, 2000

Котовчевски М. –*"Основи на разузнавање"*, Филозофски факултет,Скопје, 2013

Котовчевски М. – *"Македонско-англиски речник на разузнавачката терминологија"*, Бомат графикс, Скопје, 2009

Котовчевски М. – *"Современи разузнавачки служби"*, Македонска цивилизација, Скопје, 2002

Кривокапиќ В. – " *Превенција криминалитета* " , Полициска академија, Београд, 2002

Крстиќ О. – " *Прогностика криминалитета* " , Полициска академија, Београд, 2003

Kuster D.- *"Organized Crime, Corruption and Power, Crime Law & Socail Change", Kluwer Academic Publishers, Tilburg, 1997*

Lajman M., Poter G.- *"Organiziran krimina"l, Magor, Skopje, 2009*

Љубинковиќ С. – " *Трговина женама* " , Асоцијација за женску иницијативу, Београд, 2001

Mangold P. –" *National Security and International Relations"*, Rotledge London and New York, 1990

Манојловиќ Д.-*"Организоване криминалне групе"*, БеоСинг, Београд, 2006

Маслеша Р – " *Утицај организованог криминала на политичку и сигурносну стабилност у региjи* ", Криминалистичке теме бр. 3-4, Факултет криминалистичких наука, Сарајево, 2003

Матијевиќ М. –" *Криминалистичка оператива* ", ВШУП, Бања Лука, 2002

Меѓународна организација за миграции – *"Борба против трговија со луѓе за регионот на западен Балкан"*, Прирачник за посебни истражители , Брисел, 2006

Милосављевиќ М. – Илегалне миграције, криумчарење и трговина људима – одабрани аспекти – актуелна ситуација у Босни и Херцеговини, Securitas, Федерално МУП, Сарајево, 2002

Милосављевиќ М. – " *Организовани криминал у Босни и Херцеговини – актуелна ситуација* " , Криминалистичке теме бр. 3-4, Факултет криминалистичких наука, Сарајево, 2003

Милутиновиќ М. – " *Криминологија* " , Савремена администрација, Београд, 1968

Милутиновиќ М. – Социјална превенција криминалитета као посебна област криминалне политике, ЈРККП, бр.3-4, Београд, 1984
Митиќ К. – "Меѓународна полициска соработка во спречување на организиран криминал", Скопје, 2009
Митиќ К. – "*Организираниот криминал невоена закана за Југоисточна Европа*", "Бранко Гапо", Скопје, 2013
Modly D. – " *Неки фактори који отежавају или онемогучавају борбу против организованог криминала* " , Криминалистичке теме, бр. 3-4, факултет криминалистичких наука, Сарајево, 2003
Петровиќ Д. –" *Организовање злочиначког удружења* ", Српско удружење за кривично право, Београд, 1996
Петровиќ С. – " *Компјутерски криминал* ", МУП Републике Србије, Београд, 2000
Николиќ – Ристановиќ В., - *Дискусија бр. 3-4/1999*, Темида, Белград,
OSCE – "A summary of challenges facing legal responces to human trafficking for labour exploitation in the OSCE region", Viena, 2006
Одбор за женска људска права - *Seks trafiking i tranzicija*, Јука, Бор, 2002,
Phillip Knightley - *The Second Oldest Profession:Spies and Spying in the Twentieth Century*, W.W. Norton, New York, 1998 and Jeffrey Richelson, *A Century of Spies: Intelligence in the XX Century*, Oxford University Press, Oxford, 1995
Saćic Ž..- "*Organizirani kriminal - Metode suzbijanja*", *Загреб 2001*
Симиќ М. – " *Кривична дјела корупције* ", Билтен судске праксе, бр. 3, Београд, 2003
Simeunović D. – "*Novi svetski poredak i nacionalna država*", *Beograd, Ferko*, 1995
Симоновиќ Б – " *Криминалистика* ", Правни факултет, Крагујевац, 2004
Стајиќ Љ. Гилановиќ Ч. –"*Основе безбедности*", Београд, 1994
Стаменковски А. – "*Основи на разузнавањето*", Скопје, 1999
Trieste Declaration on Judicial CO-operation and Legislative Harmonization , Trieste, 26-27 march,2001, http://www.ceinet.org/download/justice_trieste.pdf, Declaration on Combating Organized Crime,Trieste, 9-10, October 1998, Web sites Federal Bureau of Investigation, FBI Glossary. FBI. gov. The Problem of Definitions
Хорватиќ Ж. и др.- "*Ново хрватско казнено право*", Организатор, Загреб, 1997
Škulić M.- "*Organizovani kriminal- Pojam i krivično procesni aspekti*", *Beograd, 2003*

**Закони и други нормативни акти**

Article 2 (a), *UN Convention against Transnational Organized Crime 2000*

Влада на РМ – *Акциски План за имплементација на стратегискиот договор за Европол,* 133 Седница на Владата на РМ, Скопје, 25.02.2008 година

Влада на РМ –*"Национална стратегија за интегрирано гранично управување",* Скопје, 2009

Закон за кривична постапка ( Сл. весник на РМ бр.15/05 )

Закон за неовластен премин на државната граница и движење блиску државната граница (Сл. весник на РМ бр. 36/92; 66/92; 26/93; i 45/02)

Закон за движење и престој на странци (Сл. весник на РМ бр. 36/92; 66/92; 26/93; i 45/02)

Измени и дополнување на Кривичниот Законик на РМ (Сл. весник на РМ бр. 07/08 од 15.01.2008 год.)

Кривичен законик на РМ и Измени и дополнување на Кривичниот Законик на РМ (Сл. весник на РМ бр.07-195/1 од 16.01.2002 год.)

Национална Програма за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција (Сл. весник на РМ бр.10/2002)

Одлука на Владата на РМ(Сл. весник на РМ бр. 18/2001)

*Протокол за превенција, сузбивање и казнување трговија со луѓе, особено со жени и деца, кој ја дополнува Конвенцијата на Обединети Нации против транснационалниот организиран криминал,* Палермо 12-15 Декември, 2000, (Меѓународни договори, бр. 6/2001)

*Протокол против криумчарење по копно, море или воздух, кој претставува дополнување на Конвенцијата на Обединети Нации против транснационалниот организиран криминал,* Палермо, 12-15 Декември, 2000, (Меѓународни договори, бр. 6/2001)

**Материјали од интернет :**

http://www.ceinet.org/download/WG_on_COC_Op Programme.pdf - Operational Programme for the years 2007-2009, CEI – the Working group on Combating Organized Crime,

http://www.ilo.org/global/lang--en/index.htm
http://www.mvpei.hr/MVP.asp?pcpid=852
http://www.osce.org/regions
http://www.osce.org
http://nejrs.gov/policing
http://mk.wikipedija.org/wiki
http://www.osce.org/documents/odihr/2003/12/1645_en. pdf. p. 19
http://www.vachss.com/help-text/archive/blackmarket.html
http://www.ceinet.org/download/organized_crime.pdf
http://www. Interpol. Int/
http://www.europol.eu.int/
http://www.frontex.net.